МЕЃУНАРОДНА НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# *40 ГОДИНИ ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА (КОНЦЕПТИ И ПРАКТИКИ)*

*5-ти декември 2017, Скопје*

*Скопје 2018*

**Издавач:**
Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола
Факултетот за безбедност – Скопје

**Publishers:**
University St. Kliment Ohridski‖ Bitola
Faculty of Security - Skopje

**За издавачот:**
проф. д-р Сашо Коруновски, Ректор
проф. д-р Никола Дујовски, Декан

**For the Publishers:**
Sašo Korunovski, PhD
Rector
Nikola Dujovski, PhD
Dean

**Уредник на изданието:**
проф. д-р Марјан Николовски

**Editor in Chief:**
Marjan Nikolovski, PhD

**Техничка обработка:**
Оливера Трајанова Ѓорѓијовски

**Computer Processing:**
Olivera Trajanova Gjorgjijovski

**Корица:**
Кемал Рушид

**Cover:**
Kemal Rushid

**Адреса на издавачите:**
Универзитет „Св. Климент Охридски
1ви Мај б.б. 7000 Битола
тел: 047223788

Факултет за безбедност
1000 Скопје
П. Фах 103
тел: 022546211

**Address of the Publishers:**
University St. Kliment Ohridski
1 Maj b.b.7000 Bitola
tel: +++389(0) 47223788

Faculty of Security
1000 Skopje
P.O. Box 103
tel: ++389(0)22546211

## Меѓународен програмски одбор:

***Проф. д-р Томе Батковски,*** Претседател на Меѓународниот програмски одбор, Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“– Битола

***Проф. д-р Владимир Ортаковски,*** Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

***Проф.д-р Оливер Бачановиќ,*** Декан на Факултетот за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

***Проф. д-р Цане Мојаноски***, Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

***Проф. д-р Снежана Никодиновска - Стефановска,*** Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

***Проф.д-р Борис Мургоски***, Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

***Проф.д-р Злате Димовски***, Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

***Проф.д-р Миодраг Лабовиќ***, Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

***Проф.д-р Жидас Даскаловски,*** Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

***Проф.д-р Марина Малиш – Саздовска***, Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

***Проф. д-р Андреј Сотлар***, Декан на Факултетот за безбедносни науки и криминологија, Љубљана, Словенија;

***Проф. д-р Неџад Корајлиќ***, Декан на Факултетот за криминалистика, криминологија и безбедносни студии во Сараево, Босна и Херцеговина;

***Проф. д-р Ивица Радовиќ***, Декан на Факултетот за безбедносни студии во Белград, Република Србија;

***Проф. д-р Горан Бошковиќ***, Декан на Криминалистичко полициската академија, Белград, Србија;

***Проф. д-р Торје Даниел Костел,*** Ректор на Полициската академија, Букурешт, Романија

***Доц. д-р Неделчо Лазаров Стојчев,*** ректор на Академијата на МВР од Софија, Бугарија;

***д-р Јошко Јукосав***, Декан на Високата школа за внатрешни работи при Министерството за внатрешни работи на Република Хрватска;

***Ferenc Bánfi***, Директор, CEPOL, Агенција за обука во спроведување на правото на Европската Унија

***Norbert Leitner***, Претседател, AEPC, Асоцијација на европски полициски колеџи

***Вон. проф. д-р Татјана Гергинова***, Секретар на одборот

## Организациски одбор:

проф. д-р Марјан Николовски, Претседател
вон. проф. д-р Драгана Батиќ
вон. проф. д-р Саше Герасимовски
доц. д-р Марјан Ѓуровски
доц. д-р Ице Илијевски
доц. д-р Раде Рајковчевски
доц. д-р Александар Иванов, секретар

## International programme committee:

***Dr. Sc. Tome Batkovski***,Chairman, Faculty of Security Skopje, University "St. Kliment Ohridski" Bitola
***Dr. Sc. Vladimir Ortakovski***, Faculty of Security Skopje, University "St. Kliment Ohridski" Bitola
***Dr. Sc. Oliver Bacanovic***, Dean of the Faculty of Security Skopje, University "St.Kliment Ohridski" Bitola
***Dr. Sc. Cane Mojanoski***, Faculty of Security Skopje, University "St. Kliment Ohridski" Bitola
***Dr. Sc. Snezana Nikodinovska - Stefanovska***, Faculty of Security Skopje, University "St. Kliment Ohridski" Bitola
***Dr. Sc. Boris Murgoski***, Faculty of Security Skopje, University "St. Kliment Ohridski" Bitola
***Dr. Sc. Zlate Dimovski***, Faculty of Security Skopje, University "St. Kliment Ohridski" Bitola
***Dr. Sc. Miodrag Labovich***, Faculty of Security Skopje, University "St. Kliment Ohridski" Bitola
***Dr. Sc.Zidas Daskalovski***, Faculty of Security Skopje, University "St. Kliment Ohridski" Bitola
***Dr. Sc. Marina Malish - Sazdovska***, Faculty of Security Skopje, University "St. Kliment Ohridski" Bitola
***Dr. Sc. Andrej Sotlar***, Dean of the Faculty of Criminal Justice and Security, Slovenia
***Dr. Sc. Nedzad Korajlic***, Dean of the Faculty of Criminalistics, Criminology and Security Studies, University of Sarajevo, Bosnia and Herzegovina
***Dr. Sc. Ivica Radović***, Dean of the Faculty of Security Studies, University of Belgrade, Serbia
***Dr. Sc. Goran Bošković***– Dean of the Academy of Criminalistics and Police Studies, Belgrade, Serbia
***Dr. Sc. Daniel Costel Torje*** - Rector of the Police Academy " Alexandru Ioan Cuza", Romania
***Dr. Sc. Nedelco Lazarov Stojcev***, Rector of the Police Academy of MOI, Sofia, Bulgaria
***Dr. Sc. Joško Vukosav***– Dean of the Police College, Police Academy, MoI, Zagreb, Croatia
***Ferenc Bánfi***, DirectorCEPOL, European Union Agency for Law Enforcement Training
***Norbert Leitner***, President, AEPC, Association of European Police Colleges
***Dr. Sc. Tatjana Gerginova***, Faculty of Security Skopje, Secretary of the International Programme Committee

## Organizing Committee:

Dr. Sc. Marjan Nikolovski, Chairman
Dr. Sc. Dragana Batic
Dr. Sc. Sashe Gerasimovski
Dr. Sc. Marjan Gjurovski
Dr. Sc. Ice Ilijevski
Dr. Sc. Rade Rajkovchevski
Dr. Sc. Aleksandar Ivanov, Secretary

**С О Д Р Ж И Н А:**

ПРЕДГОВОР........................................................................................................7

ЧЕТИРИЕСЕТ ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ..................................................11
*проф. д-р Борис Мургоски*

ПОВРЗАНОСТ НА КРИМИНАЛИСТИКАТА СО ЛИНГВИСТИКАТА.........27
*проф. д-р Методија Ангелески*

УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСНИТЕ РИЗИЦИ ВО НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .........................................35
*проф. д-р Марјан Николовски*
*проф. д-р Саше Герасимовски*
*доц. д-р Марјан Ѓуровски*

ЗНАЧЕЊЕТО НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА КОМУНИКАЦИСКИТЕ ВЕШТИНИ............................................................49
*доц. д-р Богданчо Гогов*
*проф. д-р Драгана Батиќ*

НОВИТЕ КРИТИЧКИ ПРИСТАПИ ВО РАМКИТЕ НА КРИМИНОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА .......................................................58
*проф. д-р Стефановска Весна*

ФИНАНСИСКИТЕ ИСТРАГИ И КОНФИСКАЦИЈАТА НА ИМОТ КАЈ ЕКОНОМСКО – ФИНАНСИСКИОТ КРИМИНАЛИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..........................................................................................73
*проф. д-р Светлана Николоска*
*м-р Маријана Јаковлеска*

ПОТРЕБА ОД ЕДУКАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО СОВРЕМЕНИТЕ КОРПОРАЦИИ.......................................................................88
*проф. д-р Татјана Гергинова*

ВАЖНОСТА НА ИЗУЧУВАЊЕ НА КРИМИНАЛИСТИЧКА ПСИХОЛОГИЈА ЗА РАБОТАТА НА ПОЛИЦИЈАТА...................................102
*проф. д-р Валентина Баиќ*

ОБУКА ЗА ПРОГРАМАТА НА ТРЕТМАН НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ЗАТВОРСКИОТ ПЕРСОНАЛ ВО ФУНКЦИЈА НА НАМАЛУВАЊЕ НА РЕЦИДИВИЗМОТ ........ 112

*проф. д-р Драгана Батиќ*
*Лена Христовска*

ПРИДОНЕСОТ НА ПСИХОЛОШКАТА НАУКА ЗА МЕТОДОТ НА КРИМИНАЛИСТИЧКО ПРОФИЛИРАЊЕ ........ 127

*Даниела Мијалковска*

РАЗВОЈОТ НА ОСНОВНОТО ПОЛИЦИСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........ 138

*м-р Младен Трајков*

СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ПРАВНИТЕ СУБЈЕКТИ ВО ДЕЛОТ НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ И ФАКУЛТЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО И ПРАКТИКУВАЊЕТО НА КОРПОРАТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО БАЛКАН ЕНЕРЏИ СЕКЈУРИТИ ........ 153

*м-р Љупчо Станковски*

УЛОГАТА НА РАЗУЗНАВАЧКИОТ СИСТЕМ ВО СПРАВУВАЊЕ СО ТЕРОРИЗМОТ........ 162

*Илија Јованов, МА*

# ПРЕДГОВОР

Зборникот е производ од трудовите кои беа презентирани на Меѓународната научно-стручна конференција на тема: „**40 години високо образование од областа на безбедноста (концепти и практики**) " одржана на Факултетот за безбедност Скопје на 05.12.2017 година.

Мисијата на одржаната научко-стучна конференцијата беше да се прикаже развојот на виокото образование во областа на безбедноста, од формирањето на Факултетот за безбедност во Скопје во 1977 година, (како единствена Високообразовна институција на просторите на поранешна СФРЈ) до ден денес со егзистирање на Факултетот за безбедност како единица на Универзитетот Св. „Климент Охридски" од Битола.

Со одржување на самата конференцијата се потикнува академската заедница и практичарите од областа на безбедноста да разменуваат сознанија базирани на користење на научни методи за истражувања од областа, но и да се исползуваат искуства од практиката за да може на истите да им се даде научно-истражувачка димензија. Одржувањето на научно-стручната конференција содејствува со новите трендови во областа на безбедност, криминалистиката и криминологијата.

Целта на конференцијата беше од една страна да се презентираат научните резултати на академската заедница во областа на безбедноста од Р.Македонија, регионот и пошироко, а од друга страна со своите излагања претставнците на институциите да укажат на профилот на дипломираните студенти со какви знаења и вештини треба да располагаат како поуспешно по дипломирањето би се вклучиле во фукнција на поефикасно функционирање во некоја од безбедносните институции во Р. Македонија.

На конференцијата беа презенирани 23 трудови од повеќе автори од Р.Макеоднија и поширокиот регион. Дел од трудовите беа категоризирани како изворни научни трудови, дел како прегледни научни трудови, стручни трудови а одредени трудови добија и негативна рецензија.

Од работата на конференцијата, пред сѐ како резултат на излагањата на учесниците, а понатаму и од произлезените активни дискусии, како и интензивната меѓусебна комуникација, произлегоа и одредени заклучоци кои Факултетот за безбедност – Скопје ги споделени со сродните научни институции, органите на државната управа на Република Македонија, а тие ќе станат достапни и со печањетото на зборник од конференцијата.

***Претседател на Организациониот одбор***
***Вонреден проф. д-р Марјан Николовски***

***м-р Борче Петревски***
*Национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, дипломиран криминалист и магистар на науки на Факултетот за безбедност - Скопје, истакнат стручњак во Министерството за внатрешни работи*

***Почитувани професори,***
***Драги колеги,***
***Дами и Господа***

Ми претставува огромна чест и задоволство да Ве поздравам и да изразам благодарност за поканата да присуствувам на оваа многу важна конференција, за која што сум убеден дека преку размена на научни теории и практики ќе даде значаен придонес во креирањето на многу побезбедно општество.

Оваа конференција се одржува во време на бројни предизвици и закани по националната и глобална безбедност, налагајќи потреба од современ пристап во справувањето со истите, што подразбира инклузивност на различни општествени чинители, тесна соработка на науката и практиката, но и почитување на стандардите на демократското општество, меѓу кои и човековите слободи и права.

Поаѓајќи од стратешките приоритети и цели на Владата на Република Македонија за полноправно членство во структурите на ЕУ и НАТО преку обезбедување реална поделба на власта, функционирање на правната држава и градење на силни и професионални институции, би сакал да потенцирам дека, многу значаен сегмент претставува и развојот на високо образовните институции во државата.

Во оваа насока, Факултетот за безбедност во Скопје дава огромен придонес, како во развојот на научната мисла, така и во креирањето на високо профилирани кадри, подготвени за реализација на нашите национални заложби.

Развојот на криминалистичките, криминолошките и безбедносните науки, како и воведувањето на нови научни области во доменот на форензиката, кризниот менаџмент, финансиската контрола и приватната безбедност, се потврда за успешноста на овој Факултет низ неговото повеќе децениското постоење.

Воедно, со креирањето на генерации високо образован кадар од овие области, низ годините беа создадени бројни „успешни приказни" на експерти, кои не само во безбедносните институции и органи, туку и во различни општествени сегменти и на различни нивоа во државната инфраструктура во земјата и странство, во меѓународни институции и организации, и денес, ги применуваат своите знаења и вештини стекнати на овој Факултет, застапувајќи ги интересите на Република Македонија.

*Почитувани,*

Моето обраќање на оваа Конференција, според агендата е сместено во делот на „успешни приказни“ на овој Факултет. Ова ми е особено драго, имајќи предвид дека додипломските и постдипломските студии ги завршив токму овде, а учествував и на голем број научни меѓународни конференции во земјата и странство. Стекнатото знаење на Факултетот, го имплементирав низ повеќегодишниот работен стаж во МВР на РМ, воедно пренесувајќи го и на помладите генерации.

Независно од бројните турбуленции поврзани со движењето низ мојата професионална кариера, за кои и ден денес ја барам вистинската причина, стекнатото знаење на Факултетот за безбедност беше мојата моќ, а професионализмот - мојата единствена алатка за успешност на различните работни позиции на кои бев ангажиран.

По 20 годишна работна кариера во УБК, поминувајќи ги сите скалила се до позицијата помошник директор за операции и координација и 10 годишното работно искуство во БЈБ во делот на криминалистички истраги, денес сум работно ангажиран како Национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, именуван од Владата на Република Македонија.

Во надлежност на оваа работна позиција е координирање на активностите на новоформираниот Национален Комитет, во кој партиципираат претставници од 21 државна институција, спроведувајќи владини политики, не само во доменот на казнено-правното санкционирање на тероризмот и кривичните дела поврзани со него, туку и во превенирањето на насилниот екстремизам и радикализам уште во нивната рана фаза, секако во соработка со бројни општествени чинители (медиуми, НВО, верски заедници, локална самоуправа и др.).

Имајќи ја предвид опасноста од овие, не само безбедносни, туку и пошироки социолошки феномени, кои ја оптеретуваат глобалната безбедност, максималните ангажмани на ова поле претставуваат императив, за кои е потребна колективна свест и широка општествена активност.

Градењето на навремен и сеопфатен пристап во сузбивањето на радикализмот и насилниот ектремизам, кој може да води кон тероризам, е детектирано и од Владата на Република Македонија и опфатено со нејзиниот План 3-6-9.

Имајќи ја предвид глобалната димензија на овие феномени, значајно е да се напомене дека е нужна потребата од регионална, но и поширока меѓународна соработка, за што е јасно изразена подршката од ЕУ и САД.

Дами и Господа,

Современите безбедносни предизвици и закани по националната безбедност, интересите на Република Македонија и нејзините граѓани, нужно ја наметнуваат потребата од инвестирање во знаења и вештини, кои заедно со

модерните технички ресурси гарантираат успешност во работењето на безбедносните институции и органи.

Во таа смисла, развивањето партнерски односи со науката и образовните институции, создава  услови за успешност во нивното работење и креира можности за имплементација на најдобрите научни истражувања и образовен потенцијал.

Воедно, би сакал да упатам и порака до сите следни генерации на овој Факултет, дека не е доволно само да се стекнат со диплома за завршени додипломски студии, туку е потребно постојано да го надградуваат своето образование, секогаш почитувајќи ги и професионалните стандарди во своето работење.

Искрено Ви благодарам!

# ЧЕТИРИЕСЕТ ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ

***проф. д-р Борис Мургоски***
*Факултет за безбедност Скопје*
*bmurgoski@yahoo.com*

**Апстракт**

Факултетот за безбедност вотекот на своето четириесет годишно постоење, претставува реномирана и современа високообразовна инаучно-истражувачка институција за профилирање на компетенти кадри од областа на безбедноста и криминалистичко-полициската дејност,за потребите на безбедносните органи и служби во јавниот и приватниот сектор во Република Македонија,како и пошироко во просторот на поранешните југословенски републики и автономни покраини.

Во текот на своето четири децениско функционирање,Факултетот во одредени периоди низ развојнитеи трансформационитепроцеси, својата дејност ја остваруваше како: Факултет за безбедност и општествена самозаштита (1977-2003), Полициска академија (2004-2008) и денес како Факултет за безбедност (2008-2017).

Во трудот низ одредена историска ретроспектива, воведно ќе направиме краток осврт заредовното средношколско (основно) образование на кадрите за областа на безбедноста и полициската дејноство Република Македонија, а потоа ќе ги презентираме развојниот пат и современиот концепт на високото образование на Факултетот за безбедност денес.

***Клучни зборови***: наука, образование, безбедност, криминалистика, полиција.

## ВОВЕД

Од историски аспект посматрано,после завршувањето на Втората светска војна, милиционерска (полициската) служба во Народна Република Македонија (НРМ)[1],почнала да се остварува како учење низ описменување и низ пракса, а школувањето на кадрите за служба во милицијата се развивало постепено. Карактеристично е дека во тој период после војната од 1945 година, голем дел од населението било неписмено, меѓу кои и во новопримнените службеници за милиција. Поради немање на соодветни услови, првите два курсеви за основна милиционерска обука се спроведувале

[1]Народна Република Македонија била во составот на тогашната Демократска Федеративна Република Југославија (ДФРЈ).

со групи од по триесет до четириесет слушатели во Основното училиште
"Даме Груев" во Скопје.[2] Потоа, во периодот од 1958 до 1971 функционираloСредно-стручно училиште за внатрешни работи, за основна милициска едукација, каде наставата се организирала во период од две години, а за оние милиционери кои работеле, наставата ја изведувале стручни лица од народната милиција и траела четири години, според наставнта програма која ја одобрувал тогашниот Државен секретар за внатрешни работи. Во суштина, првото професионално милиционерско (полициско[3]) образование во Социјалистичка Република Македонија, почна да се реализира со формирањето на Средното училиште за внатрешни работи[4] во Скопје, во учебната1971/72 година, а Директор на училиштето беше Јордан Спасески.

Наставно-образовниот и воспитниот процес се реализираше во период од четири години, а според наставниот план и програма, во текот на школувањето се изучуваа општообразовни и стручни премети.

Во структурата на општо образовните предмети беа: македонски јазик и литература со основи на естетска култура, математика, физика, хемија, биологија, физичко воспитување и други, а додека во стручните предмети беа: увод во право, управно право, кривично право, државна безбедност, криминалистика, криминалистичка техника, криминалистичка методика, кривична постапка, државна безбедност, странски јазик (англиски и германски), основи на психологија и педагогија, судска медицина и психијатрија, безбедност во сообраќајот,војна обука, специјално физичко образование идруги.Учениците по завршувањето на образованиот процес, обуките и одбраната на матурските теми, беа плански распоредувани на соодветни работни места во рамките на Републичкиот секретаријат за внатрешни работи (РСВР) и Општинските органи за внатрешни работи (ОВР) во СРМакедонија, а исто така на завршените ученици им се признаваше за регулирана и воената обрска.

Во текот на 1976 година, во Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ)[5] била формирана Сојузна комисија со членови од сите тогашни Републики со цел за изработка на Елаборат за основање на

---

[2]Види повеќе: Јордан Спасески, Реферат по повод десет годишното работење на Средното училиште за внатрешни работи и промоцијата на првата генерација на дипломирани правници по безбедност и општестевена самозаштита, Безбедност, бр.1. Скопје, 1982, стр.38.

[3]Поимот*милиција* се употребува до 1992 година, а потоа со Закон за измени во Законот за внатрешни работи , Сл.Весник на Република Македонија, бр. 19/ 1992( чл.2), се употребува поимот *полиција*.

[4]Закон за Средно училиште за внатрешни работи , Службен весник на СРМ, бр.39 од 15 декември 1971 година.

[5]Во составот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија(СФРЈ), како интегрални федерални единки беа следниве социјалистички републики и автономни покраини: Социјалистичка Република Словенија(СРС), Социјалистичка Република Хрватска (СРХ), Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Црна Гора (СРЦГ), Социјалистичка Република Србија (СРС) во чиј состав беа социјалистичките автономни покраини Војводина и Косово ( САП – Војводина и САП – Косово) и Социјалистичка Република Македонија (СРМ).

високошколска институција за потребите на безбедноста. Од Социјалистичка Република Македонија(СРМ) во комисијата член бил Јордан Спасески, кој активно учествувал во изготвувањето на документите за основањето на Центар за образование на кадри за безбедност и општесвена самозаштита и за Факултет за безбедност и општествена самозаштита[6].

## ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА (1977-2003)

Паралелно со севкупнитеразвојни и прогресивни општествени промени и процеси, во СРМакедонија во текот на 1997 година, се согледа и потребата од оснивање и заживување на високо образование во областа на безбедноста, како за потребите на институциите кои вршеа безбедносни и полициски функции, така и за поширокта општествена заедница во рамките на процесите за дезалиенација и на безбедносната функција.

Во таа насока,во Социјалистича Република Македонија, во јули 1977, со Закон се формира Центар за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита[7], како рамноправна членка на Универзитетот “ Св.Кирил и Методиј” во Скопје.Во рамките на Центарот како посебни организациони единици функционираа: Секторот за перманентно образование; Средното училиште за внатрешни работи (полиција) и Факултет за безбедност и општествена самозаштита.

Со започнувањето на студиите на Факултетот за безбедност и општествената самозаштина во академската 1977/78 година, беа поставени темелите на првата (и во тој период единствена) високообразовна, наставно-научна и универзитетска институција во Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ) и Социјалистичка Република Македонија (СРМ) за проучување на безбедносните проблеми и развој на науките во обласа на безбедноста, криминалистиката, криминологијата и полициската дејност.

Во тој период формирањето на Факултетот имаше огромно значење и претставуваше чин со непроценлива историска, политичка, културна и образовна важност за нашата држава..

[6] Види: Проф.д-р Јордан Спасески, Образовна институција за потребите на безбедносниот систем во Република Македонија, Тркалезна маса на Тема:” Образованието на кадри во обласа на безбедноста на прагот на 21 век”, Факултет за безбедност, Скопје, 28 април 1998 година.

[7] Закон за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита Елисие Поповски – Марко, Службен весник на СРМакедонија, бр.30/1977(од 15 јули).*Матичната комисија* се состоеше од пет члена: проф.д-р Панта Марина, проф.д-р Александар Христов, проф.д-р Стеван Габер, Васко Костојчиновски, републички потсекретар за внатрешни работи и Јордан Спасески, директор на Центарот, кои беа задолжени да ги спроведат подготовките за отпочнување со работа на Центарот и Факултетот.

Според зборовите на професорот д-р Јордан Спасески[8], како еден од основоположниците и доајените на науките за безбедноста во СФРЈ, РепубликаМакедонија и пошироко, со формирањето и функционирањето на Факултетот за безбедност и општествена самозаштита во Скопје, како прва високообразовна и универзитетска институција, се демистифицира феноменот *безбедност*, со тоа што од нешто "мистично", се претвори во универзална и културна вредност за секој човек. Се отвори процес на создавање на безбедносна култура како нов облик на индивидуална и општествена свест.

На Факултетот за безбедност и општествена самозаштита ( согласно Статутот на Центарот) можеа деа се образуваат кадри за потребите на Внатрешните работи, за Царина, за Казнено-поправните установи и за другите безбедносни служби.

Според концептот за профилот на кадрите, според наставните програми (со претежни содржини од областа на безбедноста, правото, криминалистиката, криминологијата идруги), според анагажираноста на наставниот кадар и другите услови, Факултетот се афирмира како отворена, современа и врвна наставно-научна институција од областа на безбедноста и се стекна со висок углед во тогашната заедничка држава СФРЈ, како и пошироко.

Во реализацијата на наставно-образовниот и научно-истражувачкиот процес, на Факултетот, постојано и повремено беа ангажирани и со високо реноме професори од десетинадруги факултети од СФРЈ и СРМакедонија[9].

Според Статутот, на Факултетот - додипломските студии беа конципирани во ранг на прв и втор степен на образование. Согласно конкурсните услови во статус на редовни и вонредни студенти можеа да студираат лица од машки и за прв пат од женски пол, како од територијата на Македонија, така и од сите простори на поранешната СФРЈ.Студентите со завршувањето на првиот степен на образование се стекнуваа со стручен назив: *Правник – насока за безбедност и општествена самозаштита*( VI/1 степен), а со завршувањето на вториот степен на образование се стекнуваа со стручен назив: *Дипломиран правник – насока за безбедност и општествена самозаштита*( VII/1 степен).

---

[8]Јордан Спасеки, беше првиот директор на Средното училиште за внатрешни работи(СУВР), а потоа од 1977 година и Директор на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита во Скопје. Види повеќе во Монографија: 35 години - Факултет за безбедност (1977-2012), Скопје, 2013 стр. 11-12.

[9]Во наставно-образовниот процес на додипломските и последипломските студии од почетокот беа ангажирани : проф.д-р Милан Милутиновиќ за Криминологија со основи на криминална политика, проф.д-р Владимир Водинелиќ за Криминалистика (тактика,техника и методика), проф.д-р Стеван Габер за Увод во државата и правото, проф.д-р Александар Христов за Управата во самоуправниот политички систем, проф.д-р Панта Марина и проф.д-р Никола Матовски за Кривично-процесно право, проф.д-р Владимир Камбовски заКривично право (општ и посебен дел), проф.д-р Драгонир Драшковиќ за Методологија на истражување на безбедносните појави , проф.д-р Жарко Јашовиќ за Малолетничка деликвенција, како и други професори и еминентни стручњаци од праксата.

Во периодот од 1977 -2001 година, на Факултет завршиле вкупно 4.671 редовни и вонредни студенти. Од нив 2.291 од Република Македонија и 2.120 од поранешните Југословенски републики, кои се стекнуваа со вишо и високо стручно образование од областа на безбедноста и општествената самозаштита.

Паралелно со развојните процеси, по завршувањето на првите генерации на додипломските студии, отпочнаа подготовките и за последипломски студии по криминалистика.

Во почетокот на академската 1982/83 година, на Факултетот за безбедност и општествена самозаштита, отпочна со настава првитот курс на *последипломските студии по криминалистика.*Првата генерација започнасо 25 студенти ( од кои 16 од Македонија и9 од другите републики), а наставата беше конципирана и се реализираше во двегодишни студии.За раководител на последипломските студии по криминалистика беше избран професорот д-р Владимир Водинелиќ, познат и признат научник и доајен од областа на криминалистиката во југословенски и светски рамки, кој во своето воведно и пригодно обраќање на првиот час, покрај другото, со посебно задоволство, го изговори и следното: "Денеска јас сум насреќниот човек, денеска,*криминалистиката стана наука*".

Интересот за постдипломските студии по криминалистика, како единствени од тој вид беше голем, така што континуирано до 1996 година се одржаа шест курса, на кои се запишале 152 кандидати од нашата земја и пошироко. Од вкупниот број на запишаните студенти на последипломските студии: 41 се стекнале со научен степен - Магистер по криминалистички науки, а 18 лица се стекнале со научен степен –Доктор на науки од областа на безбедноста ( од кои 11 од Република Македонија и 7 од другите поранешни југословенски републики и покраини).

Според студиската програмата, на постдипломските студии, проширено и продлабочено се изучува трихотомниот систем на криминалистичката наука (техника,тактика и методика), а криминалистичко-процесните аспекти на откривањето и докажувањето, низ современ и мултидисциплинарен пристап се изучуваа и во рамките на неколку други наставни предмети.

Професорот Водинелиќ беше активно и креативно вклучен во реализацијата на наставата од областа на криминалистиката на Факултетот од почетокот на додипломските студии и раководител на последипломските студии беше до крајот на својот живот. Исто така, со својата професионална дејност, грижа и посветеност даде огромен придонес за формирањето и развојот на постипломските студиии етаблирањето на криминалистичката наука во системот на современите науки за борба против криминалитетот како индивидуално зло и општествено негативна појава.

Меѓутоа, наместо продолжување со континуитет и осовременување на развојот на Факултетот за безбедност,после 18 години од неговото формирање и функционирање,во тие доста сложени општествено-политичии економски

трансформациони процеси, проследени со разновидни безбедносни закани, ризици и предизвици за државата, и покрај навремените и аргументираните укажувања и спротиставувања од научната, стручната и заинтересираната јавност во врска со безбедносната состојба, сепак, поради одредени волунтеристички однасувања на тогашната законодавна и извршна власт, дојде до укинување на Факултетот. Тоа претставуваше своевиден апсурд, дисконтинуитет и пресврт.Имено, со Законот за основање на Центар за образование на кадри за областа на безбедноста[10] година, всушност de jure(со фактот што не се дозволуваше упис на студенти во прва година) престана редовно да функционира Факултетот за безбедност и општествена самозаштита. Бидејќи во преодните и завршните одредби на тој Закон, согласно којпреодниот рок (т.н. vacation legis) беше релативно долг (осум години), сепак,de fakto, Факултетот функционираше до 2003 година, и во тој период студентите можеа да ги доршуваат започнатите обврски околу завршувањето на своето образование[11].Со тоа, на жалост, подолг период настана вакум и дисконтинуитет во редовниот системот за високо образование и обука на кадри од областа за безбедноста и полициската дејност, со што се предизвикаа далекусежни последици. Во тој период во министерството за внатрешни работи и некои од другите безбедносни органи и служби, почнаа да се вработуваат лица со несоодветно образование, едукација и компетенции за извршување на тогашните сложените и тешки безбедносни задачи во динамичните процеси на трансформација во сите сегмени на општествено-политичкото и економско живеење, како и безбедноснитепредизвици. Тој вакум на дисконтинуитет и ретроградност во образовниот процес на безбедносните кадри, пак, директно и индиректнонегативно се одразуваше во општествените процеси.Покрај другите внатрешни и надворешни фактори и влијанија, како своевидна консеквенца однеефикасноста во функционирањето на безбедносниот систем и надлежните органи, во текот на 2001 година, во Република Македонија ескалира безбедносната криза(со конфликти и вооружени судири во одредени региони) при што имаше многу човечки жртви, големи материјални штети и несогледливи последици во општествениот развој.

Во тој многу сложен и тежок период во Република Македонија, наместо прогрес и развој, нужно мораше да се преземаат максимални напори и активности како од сите надлежни органи и субјекти, така и од невладиниот сектор, засилено да се работи кон стабилизирање и санирање на состојбата низ реализирање на процесите за разоружување, демобилизација и реинтеграција. Во тој период значително беше вклучена и меѓународната заедница со разни мониторинг мисии за помош и подршка на Република

[10]Законот за основање на Центар за образование на кадри за областа на безбедноста,Службен весник на РМ, бр.36 од 18.05.1995 година.

[11]Види повеќе кај Бачановиќ.,О, Монографија: 35 години - Факултет за безбедност, Скопје, 2013 година, стр.15-20.

Македонија во развојот и на интегративните процеси кон Евро-атрласките асоции.

Во таквите сложени безбедносни услови, Република Македонија (во април 2001) го потпиша Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската унија и Охридскиот рамковен договор( Мировен договор за прекинување на конфликтот -август 2001), од кои произлегува потребата и обврските за одредени прилагодувања во повеќето свери од државниот и граѓанскиот живот.

Во таа насока, Владата на Република Македонија и ОБСЕ, преку Одделот на развој на полиција во соработка со Министерството за внатрешни работи и Центарот за образование на кадри за областа на безбедноста, го реализираа процесот на истражување во однос за потребата од имплементирање на современ концепт за обука на полиција ориентирана кон потребите на месното население во заедниците низ целата држава. Во таа насока, во организација и соработка на ОБСЕ , Министерството за внатрешни работи и Центарот за образование на кадри за областа на безбедноста во Скопје, од 11.02. 2002 година, почна да се реализира Програмата за Основна обука на полицијата. Наставниот план и Програмата за основна обука на полицијата е конципиран со соодветни содржини за да ги вклучи и поткрепи принципите на демократското општество и полициското работење ориентирано кон заедницата во мултиетничкото општество. *Основната цел* на курсевите е слушателите-кадетите да ги оспособи со знаење и да ги развие вештините за професионално и ефикасно спроведување на законот низ почитување на националните и меѓународните стандарди за човековите права, како и разбирање на демократскиот начин на извршување на полициската професија. Во реализацијата на наставно-едукативниот процес беа вклучени високо стручни меѓународни и национални инструктори, а наставните содржини се реализираа низ теоретска елеборација, практична експликација и обука со висок степен на интерактивност и соработка меѓу слушателите и инструкторите. По завршувањето на редовната теоретка обука, слушателите имаат шестмесечна практична обука на терен во полициските служби на МВР, потоа го полагаа завршниот-државен испит, после тоа се распоредуваа на служба во местата на живеење, а дел од нив беа вклучувани и во мешаните полициски патроли на терен.

Покрај редовните курсеви за основна полициска обука, во ЦОКОБ, според програмата се реализираа и дополнителни курсеви и семинари за: Обука на обучувачите ( т.н.” Тренинг на тренерите”);Курсеви за инструктори за теренска обука;Семинари за примена на полициските овластувања; и Семинари за работа на компјутери и други обуки.

Главната цел на овие курсеви и семинари беа да ги потврдува и проширува знаеата на учесниците со иновациите во реформите во системот на

полициската обука, така што во рамките на структурата и содржината да ги задоволат потребите на полициското работење во демократското општество.[12]

Во тој период, основната полициска обука, се изведуваше во Центарот за образование на кадри за безбедност со ангажирање на инструктори од мисиите на "ICITAP"[13] и ОБСЕ кои на почетокот беа помагани, а потоа и заеднички - тимски ја изведуваа со домашните обучувачи – инструктори тогаш вработени во Центарот.При тоа, курсевите со мулти етнички состав на кандидатите според Рамковниот договор, на почетокот почна да се спроведува во период од три месеци (што, претставува нестандарден и своевидно ретрограден процес сличен на оние курсеви во повоениот период од 1946 година). Со цел за подобрување на стандардите во процесот на основна полициска обука, беа вложувани дополнителни напори и истражувања, каде беа вклучени и претставници од ОБСЕ.Со донесувањето на Законот за Полициска академија, почна да функционира новиот модел за основна полициска обука со период од дванаесет месеци (9+3).Во рамките на тој процес, слушателите после секои три месеци теоретска настава во Центарот, по еден месец беа упатувани на пракса во Министерството за внатрешни работи и неговите подрачни единици.

## ПОЛИЦИСКА АКАДЕМИЈА(2004-2008)

Паралелно со реформските процеси во областа на основната полициска обука, низ поинтезнивна соработка на претставници од Факултетот и Министерството за внатрешни работив, се создаваа услови и клима за возобновување на идејата за високото образование на кадрите од областа на безбедноста со цел за подобрување на квалитетот и компетенциите за идните кадри во безбедносните структури. Тие процеси и активности за обновувањето на институција за високо образование на безбедносно-полициските кадри беа макотрпни, долготрајни и неизвесни[14].

При таквите аргументирани образложувања и настојувања во тие општествено-економски и политички констелации, се успеа да се створи поволна политичка клима и услови, при што од страна на Собранието на Република Македонија, е донесен Законот за Полициска академија како високообразовна државна установа од областа на безбедноста[15].

---

[12]Види повеќе:Мургоски.Б,Некои аспекти за реформите во полицискиот и во едукативниот систем за полицијата, Министерство за одбрана, "Современа македонска одбрана", бр.13 јуни 2006, стр.153-169.

[13]Ministry of Interior and the U.S. Embassy's International Criminal Investigative Training Assistance Program or "ICITAP"

[14]Види повеќе, Бачановиќ.О, Монографија: 35 години - Факултет за безбедност, Скопје,2013, стр.16-19;

[15]Закон за Полициска академија, Службен весник на РМ бр.40 од 23 јуни 2003 година.
Со Решение (бр.15.1-36706, од 16.07.2003), донесено од страна на Министерот за внатрешни работи Хари Костов, беше формирана *Матична комисија* која ќе изврши подготовка за почеток на работата на Полициската академија, во состав: генерал Ристо Галевски-директор на

После донесувањето на Законот, следеа организирани активности за подготовки и усогласувања за зачленување на Универзитетот “Св.Климент Охридски” во Битола, и имплементација на Европскиот Кредит Трансфер Систем (КТС)[16].

*Откако беа исполнети сите услови и стандарди,*Полциската академија како високообразовна и универзитетска установа, со првата генерација студенти на додипломските студии, наставно-образовна дејностја започна на 01 октомври 2004 година, според новиот концепт и принципите на Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС).

Новиот концепт за високото образованиеи обуката на кадрите за областа на безбедноста и полицијата се засновува врз имплементацијата на стандардите за образование, едукација и обука според земјите на Европската Унија, како и врз континуитетот на позитивните искуства во сверата на високото образование од Факултетот за безбедност .

Основните целите на новиот модел за едукација и обука на полициските кадри беа студентите да се едуцираат и стручно оспособуваат за да можат да одговараат на современите предизвици на времето.Едукативните содржини(наставните програми) се засновуваа на научна и стручна основа, како за општообразовните и стручно-професионалните подрачја , така и за обемот и формата на полициските вештини и тренинг обуката на учесниците**.**

Согласно со Законот, на Полициската академија се образуваа и едуцираа кадри за потребите на Министерството за внатрешни работи, други државни органи и организации, установи и правни лица кои вршат дејност од областа на безбедноста.

Во Академијата се вршеше организиран процес на образование за стекнување на: високо образование; стручен степен-специјалист; научен степен-магистер и научен степен-доктор на науки со пријавување и одбрана на докторска дисертација од областа на безбедноста.Исто така на Академијата се реализираше и континуирано образование за лица со веќе стекнат степен на образование( основна обука за полицаец, специјална обука и обука за раководење - менаџмент во областа на безбедноста). Академијата имаше својство на правно лице, основен акт беше Статутот и се применуваат одредбите од Законот за високо образование и Законот за научно-истражувачката дејност.

Наставата се изведуваше во вид на предавања, вежби, групни и индивидуални консултации, теренска обука и самостојни трудови на

---

Центарот за образование на кадри за областа на безбедноста, д-р Слнчомил Велјановски-декан на Факултетот за безбедност, д-р Оливер Бачановиќ-вонреден професор на Факултетот за безбедност, д-р Методија Ангелески-редовен професор на Факултетот за безбедност, д-р Трпе Стојановски-вонреден професор на Факултетот за безбедност, Бранко Бојчески- директор на Бирото за јавна безбедност и Весна Доревска-помошник на министерот за правни и кадровски работи во Министерството за внатрешни работи.

[16]Види повеќе, Ортаковски.В, Монографија: 35 години Факултет за безбедност, Скопје,2013, Стр.35-39.

студентите.  Согласност на студиските програми дава Министерот за внатрешни работи и  Министерот надлежен за високото образование.

Високообразовнатанаставно-научна и апликативна дејност на Полициската академија се реализираше низ процесот на: *додипломски* и *последипломски студии*, согласно ЕКТС системот.

*Додипломските студии*по *криминалистика* се организираа според моделот (4+1) врз основа на студиската програмаво траење од четири години ( со вкупно 240 ЕКТС-кредити) и по завршувањето на предвидените испити, студентот се стекнувасо стручен назив - *Дипломиран криминалист.*

Во текот на академската 2007/2008 година, на Полициската академија се формира и нова студиската програма по *Безбедност и финасиска контрола* (според моделот 3+2), како заедничка студиска програма со Факултетот за туризам и угостителство од Охрид, како партнерска институција и членка на Универзитетот "Св.Климент Охридски" во Битола. Студентот по завршувањето на испитите и одбраната на дипломскиот труд напрвиот степен од три години се стекнува со стручен назив – Дипломиран по безбедност и Финансиска контрола ( стекнува 180 ЕКТС – кредити). ???, а по завршувањето на вториот степен на студии во траење од две години и одбрана на магистерски труд ( стекнува 120 ЕКТС-кредити) и се стекнува со научен степен – Магистер од областа на безбедноста и финансиската контрола (со вкупно 300 ЕКТС-кредити).

Последипломските студиисе организираа како: последипломски научни студии(*магистерски студии*) и последипломски стручни студии (*специјалистички студии*).

Последипломските *научни студии* по криминалистика, траат најмалку три семестри, од кои два семестра за  настава и еден семестар за изработка на магистерски труд, со што студентот се стекнува со дополнителни 60 ЕКТС кредити и со научен степен – Магистер на криминалистички науки  (вкупно 300 ЕКТС).

Првата генерација генерација на последипломски научни студии (магистерски студии)  по криминалистика, на Полициската академија, почна со работа во академската 2006/2007 година.

Последипломските *стручни студии* траеа девет месеци, од кои еден семестар за настава и три месеци за изработка на специјалистички труд.

Последипломските студии се остваруваат преку предавања, испити и други облици, форми и техники на изведување на настава, односно научна работа и со изработка и одбрана на магистерски односно специјалистички труд.

***Магистерскиот труд*** **представува самостојна работа на студентот, во која се систематизираат постојните научни сознанија и се придонесува за нови научни сознанија.** ***Специјалистичкиот труд*** **представува стручна работа со која се систематизираат постојните знаења и се придонесува за решавање на проблеми од практиката. Магистерскиот и специјалистичкиот труд се работат под раководство на ментор.**

***Континуираното образование и обука*** **воПолициската академијата се оствaруваше за лица со стекнат одреден степен на образование преку спроведување на основна обука за полицаец, специјална обука и обука за раководење во подрачјата на безбедноста (менаџмент во безбедноста).**

*Основната едукација и обука*за полицаец се однесува за лица кои се вработуваат во Министерството за внатрешни работи без претходно полициско искуство за работни места со посебни должности и овластувања.

Основната обука за полицаец трае дванаесет месеци(од кои три месеци се предвидени за практична обука на терен).

*Специјалната едукација и обука* се однесува за лица кои се вработени во Министерството за внатрешни работи, со претходно завршена основна полициска обука, работно искуство и покажани резултати во работата. Во зависност од видот на работата и сложеноста на работните задачи, со посебни наставни програми, се организираат специјални обуки за борба против одреден вид на криминалитет и социо-патолошки појави.

*Полицискиот менаџментедукација и обука* се однесуваа за лица кои се вработени во Министерството за внатрешни работи и служи за ниво понатамошно оспособување во областа на раководењето и управувањето со полициските структури и односи. Специјалната обука и обуката за раководење во подрачјата на безбедноста(менаџмент во безбедноста) траат зависно од нивните содржини но не повеќе од дванаесет месеци.

Континуираното образование и едукација се остваруваше врз основа на програми што ги донесува Министерот за внатрешни работи или друг барател на образовниете услуги на Академијата.Изборот на кандидати за континуирано образование го прави барателот на образовните услуги.

## ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ(2008-2017)

Во наредниот период, во текот на 2008 година, во рамките на реформските процеси и промени во сферата на високото образование и обуки на кадрите за областа на безбедноста и полициската дејност, исто така настана одредени институционални и статусни промени. Имено, со донесувањето на Законот за основање на високообразовна установа Факултет за безбедност[17] во состав на Универзитетот „Свети Климент Охридски“ од Битола, во 2008 година Факултетот за безбедност од Скопје, стана правен наследник на

[17]Законот за основање на високообразовна установа Факултет за безбедност ,Службен весник на РМ бр.81 од 7 јунли 2008 година.

Полициската академија, која беше единица на Универзитетот „Свети Климент Охридски“ од Битола од 2004 година.

При тоа, се створија нови законски услови, процесот на основни и други видови на полициска обуки, во наредниот период да се одвиваат во рамките на новоформираниот Центар за обуки[18], кој функционално стана составен дел на Министерството за внатрешни работи.

Денес, на Факултетот се активни и акредитирани современи студиски програми од сите нивоа на студирање (прв, втор и трет циклус), на кои студентите може да го оформат своето знаење во областа на безбедноста и да се стекна со соодветни и општествено признати дипломикако: дипломиранииспецијалисти во одредени безбедносни области, магистри и доктори на науки од областа на безбедноста.

Така, на *прв циклус* (додипломски студии), на Факултетот за безбедност, се изучуваат следниве студиски програми според ЕКТС системот:

1. Криминалистика(4+1 година);
2. Безбедност и финансиска контрола(3+2 години);
3. Безбедност(4+1 година);
4. Криминологија и криминална политика(4+1 година);
5. Безбедност и евроатлански интеграции (4+1 година);

[18]Закон за дополнување на Законот за внатрешни работи, Службен весник на РМ,бр.84 од 11 јули 2008 година.

На *втор циклус студии* (магистерски и специјалистички) се изучуваат следниве студиски програми:

1. Киминалистика
2. Меѓународна безбедност
3. Безбедност и финансиска контрола
4. Форензички науки
5. Безбедност

На *трет циклус студии*(*докторски студии*)со почетокот од академската 2012/2013 година, се реализира студиската програма по “Безбедност” во траење од три години (шест семестри) и при тоа се остваруваат 180 ЕКТС кредити, односно по 60 ЕКТС кредити во текот на една студиска година[19].

Може да се забележи дека е голем интересот за проширување и продлабочување на знаењата од областа на безбедноста на последипломските и докторските студии, како кај студентите од Факултетот за безбедност, така и од другите институции.

Во периодот од академската 2006/2007 до 2016/2017 година, на последипломските студии и на втор циклус на студии, вкупно се запишале 573 студенти (од кои: 217 студенти на последипломските студии и 356 на втор циклус студии). Од нив, до месец октомври 2017 година, вкупно 90 студенти магистрирале ( од кои 55 на последипломските студии и 35 на вториот циклус универзитетски студии).

Во периодот од 2002 до 2013 година, на Факултетот за безбедност со титула доктор на науки од областа на безбедноста се стекнаа вкупно 15 докторанти.

Врз основа на наведеното, може да констатираме дека денес, Факултетот за безбедност продолжува континуирано и квалитетно да функционира како современа, отворена, транспарентна, реномирана и компетентна високообразовна, наставно-научна и универзитетска институција во областа на безбедноста, кримиолошката, криминалистичката и полициската дејност како во Република Македонија, така и пошироко во регионални, европски и светски рамки.

Во текот на своето четиридецениско работење и творење, Факултетот за безбедност создаде квалитетни научно-истражувачки трудови од областа на безбедноста, како и разви солидни кадровски потенцијали неопходени за профилирање на компетентна експертска заедница која успешно ги истражува и разрешува современите безбедносни проблемите и предизвици.

Исто така, созадоволство може да истакниме декана Факултетот за безбедност, денес работат повеќе од 30 доктори на науки од соодветни научни

[19]Види повеќе кај, Батковски.,Т, Монографија: 35 години Факултет за безбедност, Скопје,2013, стр49-52.

области, реномирани професори со долгогодишно искуство во теоријата и практиката - експерти во својата област, кои постојано ги следат светските трендови и ги надоградуваат своите научни и теоретски знаења.
Во значителен обем наставата и вежбите ги изведуваат претставници на помладата генерација професори од кои поголем дел се кадри од Факултет. Тоа се квалитетнинаучни работници,чии трудови се препознатливи и надвор од нашите граници, со што значително придонесоа Факултетот да биде попрепознатлива и пореспектибилна институција и на меѓународен план.

Овие кадри заедно со нивните постари колеги и професори ги градат основите и ја осовременуваат научна мисла во областа на безбедносната, криминалистичка, полициската и криминолошка област. Новите научни продори и сознанија се презентирани во нивните вредни научно-истражувачки трудови кои се објавувани на македонски јазик во домашни и странски јазици во меѓународни релевантни списанија. Со тоа, делата на нашите професори и соработници ја збогатуваат светската ризница на научната мисла и стананувaат дел од глобалното културно и цивилизациско наследство.

Факултетот за безбедност, покрај нана наставно-образовнатата, исто така, континуирано ии соодветно внимание и активности ии посветуваат и на *научно-истражувачката работа* како интегрален дел од неговата фундаментална дејност. Наставниците и соработниците, поединечно или тимски, учествуваат во реализација на домашни и меѓународни проекти, дебати , научно-стручни собири и работилници. Исто така, во рамките на програмата “Еразмус плус” одреден број наставници од нашиот Факултет беа ангажирани во наставно-образовнатадејност на соодветни институции во странство.

Факултетот за безбедност, исто така, континуирано води грижа за развој и унапредување на *меѓународната соработка*, како добра можност за размена на искуства во креирање на нови наставни програми и за поквалитетно спроведување на наставата. Во изминатиот период се бележи значјни активности на меѓународен план, во кои наставниците и соработниците учествувале на бројни меѓународни конференции и семинари како од областта на безбедноста, така и од други соодветни области.

Факултетот за безбедност е полноправна членка на Асоцијацијата на Европски полициски колеџи (AEPC), асоцијација која обединува повеќе од 50. високообразовни инситуции од Европа кои се занимаваат со образование и едукација за потребите на полициските служби. Покрај тоа, Факултетот активно е вклучен и во активностите на CEPOL (Полициски колеџи на Европа), тело на Европската комисија кое се грижи за развој и унапредување на полициската соработка во Европа преку образование и едукација на полициски службеници. Во таа насока, Факултетот има потпишано и повеќе билатерални договори за соработка во сферата на образованието, меѓу кои со: Факултетот за криминологија и безбедносни науки од Љубљана, Словенија во 2004 година; Академијата на МВР од Софија, Бугарија во 2007 година; Факултетот за безбедност од Белград, Србија во 2008 година;

Криминалистичко полициската академија од Белград, Србија во 2008 година; Универзитетот од Нови Пазар, Србија во 2009 година; Меморандум за разбирање со Полициската академија од Букурешт, Романија во 2010 година; Факултетот за криминалистика, криминологија и безбедносни студии од Сараево, Босна и Херцеговина, во 2013 година; и други институции.

На Факултетот за безбедност просторните услови и капацитети во кои се изведува наставата и вежбите се опремени според современите светски стандарди за квалитетно изведување на настава, со сите потребни помагала за изведување интерактивна настава. Библиотеката располага со богат библиотечен фонд на квалитетни домашни и странски наслови од областа на криминалистиката, полициските науки, безбедноста, како и бројни други наслови од светската литература. На располагање на студените е и компјутерски центар со интернет конекција, во кој студентите поминуваат дел од слободното време, а го користат првенствено за подготвка на испитите, семинарски трудови и дипломски работи. Факултетот има соодветно опремена спортска сала во која се изведува настава по предметот Специјално физичко образование и во која студентите совладуваат техники за самоодбрана и други вештини.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Спасески. Ј, Реферат по повод десет годишното работење на Средното училиште за внатрешни работи и промоцијата на првата генерација на дипломирани правници по безбедност и општестевена самозаштита, Безбедност, бр.1. Скопје, 1982,
2. Спасески.Ј,Образовна институција за потребите на безбедносниот систем во Република Македонија, Тркалезна маса на Тема:” Образованието на кадри во областа на безбедноста на прагот на 21 век”, Факултет за безбедност, Скопје, 28.април 1998;
3. Бачановиќ.,О, Монографија: 35 години Факултет за безбедност, Скопје, 2013;
4. Батковски.,Т, Монографија: 35 години Факултет за безбедност, Скопје,2013;
5. Ортаковски.В, Монографија: 35 години Факултет за безбедност, Скопје,2013;
6. Мургоски.Б, Некои аспекти за реформите во полицискиот и во едукативниот систем за полицијата, Министерство за одбрана, “Современа македонска одбрана”, бр.13 јуни 2006;
7. Закон за Средно училиште за внатрешни работи , Службен весник на СРМ, бр.39 од 15 декември 1971;

8. Закон за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита, Службен весник на СРМакедонија, бр.30/1977;
9. Закон за измени во Законот за внатрешни работи , Сл.Весник на Република Македонија, бр. 19/ 1992;
10. Законот за основање на Центар за образование на кадри за областа на безбедноста Службен весник на РМ, бр.36 од 18.05.1995 година;
11. Закон за Полициска академија, Службен весник на РМ бр.40 од 23 јуни 2003 година;
12. Законот за основање на високообразовна установа Факултет за безбедност ,Службен весник на РМ бр.81 од 7 јуни 2008 ;
13. Закон за дополнување на Законот за внатрешни работи, Службен весник на РМ,бр.84 од 11 јули 2008 ;

# ПОВРЗАНОСТ НА КРИМИНАЛИСТИКАТА СО ЛИНГВИСТИКАТА

***проф. д-р Методија Ангелески***
*ФОН, Униврзитетот*
*metodija.angeleski@fon.edu.mk*

**Апстракт**

Проучувањето на лингвистичките карактеристики на индивидуата има огромно практично и теоретско значење за криминалистиката.

Криминалистиката како самостојна и хеуристичка наука неминовно се потпира врз сегменти на системот на знаења произлезен од пазувите на лингвистиката.

Придонесот на применетата лингвистика како посебна научна дисциплина, а наедно и како помошна криминалистичка дисциплина, е евидентен доколку се има предвид дека: 1) за потребите на криминалистиката се вршат лингвистички вештачења (за што во последниве неколку децении се разви научната гранка криминалистичка фоноскопија како составен дел на криминалистичката техника); 2) за да се спознае јазикот на криминалците (арго, сленг итн.) што им служи тајно да се договараат се потребни лингвистички знаења . И во едниот, и во другиот случај, методите на применетата лингвистика се алатки за идентификација на делинквенти според нивните говорни карактеристики.

Во трудот авторот ја обработува поврзаноста на криминалистиката со лингвистиката преку призмата на лингвистичките експертизи.

***Клучни зборови**: криминалистика, лингвистика, лингвистички вештачења, криминалистичка фоноскопија.*

Развојот на криминалистиката, почнувајќи уште од нејзиното раѓање на залезот на 19. век, па до денес, е евидентен и незапирлив. Доколку научната орбита како глобален систем на науки условно се подели на три системи (општествени, природни и филозофски науки), криминалистиката спаѓа во општествените науки поради тоа што нејзиниот објект на проучување е криминалот како општествена појава. Поточно кажано, таа е составен дел на големото семејство кривични (неправни и правни) науки, меѓутоа, во научната орбита си обезбедила самостојност.

Имено, криминалистиката се развила во самостојна (а не применета!) наука за откривање и спречување криминал и за справување со делинквенти поради тоа што ги исполнува сите нужни научни критериуми и услови за одделна дисциплина, со оглед дека: 1) има сопствен предмет на проучување; 2) има специфични задачи и цели; 3) создала систем од теории; 4) користи

свои методи на истражување; 5) теоретските сознанија ги поврзува со практиката.

Според предметот на проучување (криминалот и делинквентот), криминалистиката се третира како неправна кривична наука што е поврзана не само со општествените науки, туку и со природните и филозофските науки.

Криминалистиката најмногу е поврзана (поцврсто или полабаво) со повеќе општествени и природни науки, чии што методи ги презема како основа за градба, надградба, трансформација и модификација на нови, сопствени криминалистички методи (особено посебни или специфични) што ги користи за свои цели.

Предмет на интерес во мојава статија се допирните точки на криминалистиката со применетата лингвистика.

Во теоријата се уште е застапена сладнава (можеби веќе застарена) класификација на науките: 1) фундаментални или т. н. „чисти" (тоа се науки што ги истражуваат општите закономерности на природата, општеството и мислењето); и 2) применети (тоа се науки што во пракса ги реализираат достигнувањата на фундаменталните науки). Ваквата поделба на науките има релативно значење доколку се имаат предвид евидентните современи процеси на интеграција и диференцијација на знаењата во рамките на глобалната научната област. Со полно право, впрочем, некои автори сметаат дека „со оглед на достигнатото ниво и развојните тенденции на науката, единствено исправно е да се зборува за фундаментални (теоретски) истражувања и за нивна практична примена во рамките на секоја наука, па и во криминалистичката наука" (Vodinelic V, 1993:78).

Тесната поврзаност на науките и примената на испреплетени методи насочени кон постигнување соодветна истражувачка цел при проучување слични или различни објекти се резултат на евидентната синтеза на знаења што води кон научен напредок. Заедничките напори на научници од различен профил за решавање теоретски и практични проблеми што спаѓаат во исти, гранични или сосем различни научни области се насочени кон спознавање на закономерностите на определен сегмент од стварноста што го проучуваат.

Криминалистите ги проучуваат закономерностите на кривичниот настан (односно на криминалот како негов супстрат), а во рамките на хеуристичкиот процес или кога станува збор за теоретски или емпириски истражувања, ним (на криминалистите) им е неопходна помош од други профили на научни и стручни работници (меѓу кои и од лингвисти). Тоа е резултат на симбиозата меѓу поблиски или подалечни науки и на неминовната интердисциплинарност при истражувањето на заеднички општ објект (или на посебен предмет), при што неизбежно доаѓа до меѓусебно споделување на научните достигнувања во глобалниот трихотомен научен систем и во одделните системи на науки.

Од ваквите процеси не е исклучени ниту криминалистичката наука. Напротив, таа не само што „црпи методи и постапки од други науки, туку ним

им позајмува свои методи дури и тогаш кога немаат заеднички предмет на истражување“ (Водинелиќ В., Исто, 224).

Криминалистиката не може без лингвистиката. Нивната врска е неспорна и само навидум е лабава. Поврзаноста се согледува првенствено преку двојниот придонес на применетата лингвистика за развојот на криминалистиката. Еве за што, всушност, станува збор!

1) Во пазувите на криминалистиката, поточно во рамките на нејзиниот развиен дел (или потсистем) наречен криминалистичка техника (или природонаучна криминалистика, односно форензика, како што милуваат да ја именуваат во научната и пошироката јавност во англосаксонското јазично подрачје) се оформи и веќе неколку децении се развива криминалистичка фоноскопија како подрачје што ги третира лингвистичките вештачења. Таквите експертизи ги вршат лингвисти како специјализирани криминалистички вешаци што користат лингвистички методи и постапки за криминалистички цели. Се разбира дека таквите јазични експерти дополнително ги совладале барем елементарните криминалистички поставки нужни заради спроведување вакви специфични експертизи со кои што се идентификуваат говорни и пишани лингвистички карактеристики на профил на определен претпоставен сторител на некакво кривично дело што се истражува во почетната фаза од криминалистичкото работење. Со ова практично лингвистот се изградил во криминалист што постапува според институтот криминалист – специјалист бидејќи за потребите на криминалистиката (поточно за практичната криминалистика) применува и прилагодува неопходни лингвистички методи и постапки и со тоа значително придонесува за поефикасно справување со криминалот

2) Нема успешен криминалист без познавање на јазикот на криминалната средина. Сознанијата што тој оттаму ги собира директно или, пак, индиректно (преку ангажирани информатори како тајни собирачи на информации, односно преку јавна соработка со граѓани) треба да минат низ лингвистички „филтер“ бидејќи криминалците користат и негуваат специфичен, само ним познат, јазик. За да криминалистот ги дешифрира и разбере јазичните специфичности на говорната и пишана комуникација на делинквентите (како облик на разговорен јазик) е неопходно тој да поседува специјални лингвистички знаења.

Ова, пак, отвора можност кога се реформира високото криминалистичко образование (при наредно иновирање на студиските програми) сериозно да се размисли за додавање наставен предмет од областа на применетата лингвистика. И тоа не е се! Прогресивните стратези на плански проетираното планирање на борбата против криминалот би зацртале и дополнителна лингвистичка надградба на криминалистите практичари во духот на методот на доживотно учење. За македонски услови ова звучи прилично утопистички, со оглед дека во Република Македонија (доколку внимателно се анализира актуелната состојба во теоријата и практиката) исплива на површина поразителната вистина дека ниту се афирмира, ниту,

пак, се размислува за несомнениот придонес на применетата лингвистика за развојот на криминалистичката теорија и практика. Овој скромен научен труд нека биде само еден прилог за размисли во овој правец!

Евидентниот брз развој на релативно младата наука криминалистика навестува дека ваквиот двоен придонес на лингвистиката за развојот на криминалистиката ќе се проширува, такашто прашање на време е кога криминалистичката наука ќе се збогати со уште една научна дисциплина што би се нарекувала криминалистичка лингвистика (или евентуално лингвистичка криминалистика). Се разбира дека ваквите оптимистички прогнози може да се однесуваат само за оние земји во чија што теоријата и/или практиката повеќе децении се негува и развива криминалистичката фоноскопија.

Говорната (и пишана) комуникација закономерно се наметнува како една од главните особини на човекот што тој ја задржува во текот на целиот негов живот. Таквата комуникација претставува одраз и белег на дејствувањето на секоја одделна индивидуа во која било сфера од нејзиното живеење.

Американскиот лингвист и антрополог Едвард Сапир (1884 – 1939) своевремено во едно негово дело искажал една мисла што има длабоко криминалистичко значење. Подоцна (по неколку децении) таквото негово сфаќање може да се каже дека си наоѓа свое место во криминалистичката теорија и практика со воведувањето и развојот на лингвистичките вештачења како една од релативно поновите придобивки на криминалистичката наука. Имено, Сапир сметал дека преку говорот на поединецот се откриваат својставата на неговата личност и на неговото искуство.

Подоцна ќе се потврди сознанието дека токму преку лингвистичка анализа на карактеристиките на нечиј глас и говор (што се прави од страна на тесно специјализирани лингвисти што работат во полициски фоноскопски лаборатории) е возможна идентификација на поединец замешан во вршењето на определено кривично дело. Токму таа криминалистичка придобивка што е стекната благодарение на придонесот на применетата лингвистика во последниве неколку децении ќе си најде свое заслужено место во превентивната и репресивната борба против криминалот во некои високоразвиени и други земји (првенствено во САД и во Европа).

Најпрвин со вршење теоретски и експериментални истражувања, а потоа и со вршење лингвистички експертизи за потребите на полицијата и судот, постапно се градела и обликувала криминалистичката фонографија (или сонографија) како едно од поновите подрачја на криминалистичката наука што се развива во пазувите на нејзиниот дел што се нарекува криминалистичка техника (или природнонаучна криминалистика, односно форензика, како што милуваат да ја именуваат во литературата на земјите од англосаксонското јазично подраче и пошироко). Ваквиот развој во оваа научна област бил резултат на симбиозата на лингвистиката со криминалистиката. Преку анализа на нечиј глас и на неговите карактеристики

(амплитуди, фреквенции, анатомско формирање) можат несомнено да се идентификуваат поединци што биле вклучени при вршењето некаков вид криминал. Тоа покажува дека применетата лингвистика со свои методи и постапки го решава проблемот во врска со идентификацијата (и селекцијата) на лица врз основа на говорот, а со тоа наедно и го трасира патот на криминалистиката во напорите за изнаоѓање нови современи криминалистичко-технички средства и научни методи за справување со каков било криминал (особено со организираниот криминал).

„Препознавањето“ лица врз основа на лингвистичка анализа на говор во почетокот се вршело со користење аналогна апаратура, меѓутоа, подоцна (со истиснување од пазарот на аналогните апарати и со несомнено брзиот развој на информатичката технологија) во криминалистичката практика на повеќе европски и воневропски земји се применуваат најсовремени методи за автоматска идентификација на лица со помош на компјутерски системи. Комјутеризацијата на лингвистичките експертизи за криминалистички цели се темели врз автоматска анализа на физички параметри на сигналите на континуиран говор. Дигиталната обработка на акустични сигнали го скусува времетраењето на експертизата, а со тоа наедно ја зголемува нејзината „употребна“ вредност. Само како илустрација го наведувам фактот дека во определени околности криминалистичкото начело на брзина бара бргу да се реагира за да се реши некоја криминалистичка задача со активирање криминалистички кобинации што се состојат од повеќе оперативни и процесни дејствија (при што некогаш уште во првиот оперативен зафат е потребно да се спроведе криминалистичко – лингвистичко вештачење).

Теоретските истражувања и фоноскопската пракса докажуваат дека сите параметри на сигналите на континуиран говор што можат да се екстрахираат и мерат имаат индивидуален карактер слично како семантичките, лингвистичките и фонетските карактеристики. Индивидуалноста на физичките параметри на сигналите на говорот се условени од анатомската градба на говорните органи, која кај одделни лица значително се разликува според обликот и величината на резонантните комори, како и според артикулациските ефекти. Можни се идентификација и елиминација на лица врз основа на анализа на физички параметри на сигналите на континуиран говор бидејќи тие се интегрално поврзани со индивидуалните психо-физиолошки карактеристики на лицето, како и со фоно-артикулациските преддиспозиции, кои наоѓаат целосен одраз во процесот на говорење (Бласикиевич С., Беднарчик 4/1980:360).

Компјутерската лингвистичка анализа најчесто се потпира врз проучување на следниве параметри на сигналите на говор: фреквенција на тонот; интонациски линии; број на зборови, слогови, гласови и на паузи во единица време (темпо и ритмика на говорот); пропорции на динамиката на звучни и беззвучни гласови; среден спектар на говорот; квалитет на гласови и паузи; временски пропорции на гласови наспрема паузи (види: Бласикиевич и Беднарчик, 4/1980:360, 362).

При примената на аналогна или дигитална апаратура заради криминалистичка идентификација на лица врз основа на вршење лингвистичка анализа се земаат предвид повеќе индивидуални карактеристики на говорот и гласот (семантички, фонетички, акустични, психо-лингвистички, социо-лингвистички итн.).

Апаратите (аналогни или дигитални) што се употребуваат заради идентификација на лица според говор и глас во стручната и научната литература се познати под еден од следниве називи: спектрограф, сонограф (кои се употребуваат во, условно кажано, западната теорија и практика) или фонограф (ваков термин е застапен во источната теорија и практика). Станува збор за електроакустични апарати чијашто употреба предизвика голем скок во развојот на фонетиката и на лингвистичките истражувања, со оглед дека говорот како акустичен феномен го претвораат во визуелен ефект во вид на графички приказ (наречен спектрограм, сонограм или фонограм).

Токму заради ваквата моќ на оваа апаратура за визуелно прикажување на гласот (класичните форманти на гласот се гледаат во вид на линии), во теоријата и практиката се диференцирале поимите „видлив говор“ (visible speech), односно „отпечаток од глас“.

Прилично инвентивниот поим отпечаток од глас во литературата го вовел Керста во 1962 година, истакнувајќи дека со помош на „спектрограми може да се идентификува говорник на начин сличен на оној што се однесува на идентификација според отпечатоци од прсти“ (види: Хамарстром 2/1989:159).

При примената на техниката на земање нечиј отпечаток од глас се тргнува од фактот дека е индивидуален и специфичен говорот (и гласот) на секој одделен говорник и оти суштествуваат препознатливи, помали или поголеми, варијации на изговорањето одделни зборови или цели реченици, меѓу различни говорници.

Можеби некој ќе помисли дека говорот може да се симулира во различни ситуации. Тоа е само делумно точно и за момент може да го излаже нашето уво кое нема такви можности да ги „фати“ сите вибрации на гласот. Меѓутоа, со помош на фреквентно амплитудни дигитални анализи тоа многу лесно се открива бидејќи преку компјутер се фаќа ларингеалниот (грклансkиот) ритам на вокалот во акустично јадро, а сопствениот грклан се уште никој не успеал да го измени. Поточно, сонографскиот отпечаток од човечки глас добиен преку анализа со помош на компјутер овозможува со подеднаква сигурност да идентификуваме некоја личност исто како што тоа се прави и на други начини: преку вршење анализа на структурата на коса со помош на електронски микроскоп; со методот на генетски отпечаток од прст или со други слични методи што се применуваат во судската медицина (Пантазијевиќ – Станојевиќ М. 1/1989:48).

За да може да се направи лингвистичко вештачење, односно според отпечатоците од глас да се изврши криминалистичка идентификација на лица, се потребни спорни и неспорни снимки на говор.

Спорни снимки претставуваат сите оние инкриминирани звукозаписи на непознат говорник што е криминалистички релевантен со оглед дека постојат индиции за негова замешаност во одвивањето на некој кривичен настан (разговор меѓу неидентификувани делинквенти во врска со вршењето некое кривично дело; закана кон жртва; најавување терористички чин; итн.).

Неспорните снимки претставуваат звукозаписи на осомничено лице и служат како компаративен аудио-материјал за вршење фоноскопска експериза. Спектрограм (сонограм или фонограм) на глас од осомничен се споредува со отпечаток од глас на непознат говорник.

Во практиката се диференцирала посебна методика и техника на земање неспорни снимки што служат како компаративен фонограм. Тоа е работа што ја вршат специјализирани форензични фонетичари вработени во полициските фоноскопски лаборатории. Од големо значење е при регистрирањето на неспорната снимка како  фоноскопски компаративен примерок „осомничениот точно да ги повторува (по службеникот што го води испитувањето) зборовите онака како што биле забележани на спорната снимка" (Гачиќ М. 1/1982:67).

Експерименталните истражувања покажале, а фоноскопската пракса потврдила дека е можна категорична идентификација на лица врз основа на говор дури и кај снимки со интензивни пречки, но само доколку се располага со стручно земени и на соодветен начин регистрирани компаративни изјави (Бласикиевич С. 4/1977:389).

Достапната литература покажува дека криминалистички фоноскопски експертизи, односно лингвистички вештачења што служат за криминалистичка идентификација на лица врз основа на проучување на карактеристиките на нечиј глас, се вршат во повеќе земји во светот. Резултатите од вавите вештачења имаат доказно значење. Имено, од кривично-процесна гледна точка  фоноскопските експертизи од страна на судот се третираат како начин за собирање и проверување на докази.

Полициската и судската пракса покажуваат дека лингвистички вештачења што се темелат врз анализа на говорни сигнали се вршат во: САД (од 1960 година, и тоа во 25 федерални држави), Канада, Австралија, Италија, Франција, Англија, Израел, Русија, Полска (лабараторија за фоноскопија во рамките на полицијата е основана во 1963 година), Романија (од 1972 година), Бугарија, Словенија и во некои други земји.

**ЛИТЕРАТУРА**


Ангелески М., Јованова – Грујовска Е., Ангелеска – Јовановска Д. (2014), Придонесот на применетата лингвистика за развојот на криминалистиката (во зборникот: Практиката во јазикот, јазикот во практиката), Скопје

Ангелески М. (2004), Криминалистичка тактика, Скопје.

Ангелески М. (2007), Вовед во криминалистика, Скопје.

Ангелески М. (2007), Криминалистичка тактика II, Скопје.

Blasikiewicz S., Bednarczik, W. (4/1980), Osnovni problemi kriminalisticke identifikacije osoba na osnovi govornih signala pomocu elektronskih racunskih strojeva (EMC), Izbor, Zagreb.

Vodinelic V. (1993), Opsta teorija kriminalisticke nauke (ракопис).

Vodinelic V. (1984), Kriminalistika, Beograd.

Велковска С. и др. (2003), Толковен речник на македонскиот јазик, том I.

Gacic M. (1/1982), Metode identifikacije osoba po karakteristikama glasa, 13 Maj, Beograd.

Davies A. and Elder Catherine (2004). The Handbook of Applied Linguistics Blackwell Publishing.

Grabe, W. (2002) . Applied Linguistics : An Emerging Discipline for the Twenty- first century. Oxford University Press.

Pantazijevic – Stanojevic M. (1/1989), Lingvisticka analiza govora i glasa kao pomocno sredstvo u kriminalistici, 13 Maj, Beograd.

Simpson J.(2011) The Routledge Handbook of Applied Linguistics Routledge Taylor & Francis Group London and New York.

Hammarstrom C. (2/1989), Identifikacija glasa, Izbor, Zagreb.

# УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСНИТЕ РИЗИЦИ ВО НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***проф. д-р Марјан Николовски***
*Факултет за безбедност-Скопје*
*mnikolovski@fb.uklo.edu.mk*
***проф. д-р Саше Герасимовски***
*Факултет за безбедност-Скопје*
*sasegerasimoski@gmail.com*
***доц. д-р Марјан Ѓуровски***
*Факултет за безбедност-Скопје*
*mar.gjurovski@gmail.com*

**Апстракт**

Денес живееме во време кога безбедносните ризици доминираат во современиот безбедносен хоризонт, а она што недостасува се научно-истражувачки резултати кои ќе укажат на опасностите од современите видови ризици и нивната закана по виталните интереси и безбедноста на граѓаните и државата. Научните истражувања во областа на безбедносните ризици во Република Македонија се недоволни, а тие што се направени се без солидна и современа теоретска основа и емпириска поткрепа.

Во трудот ќе се задржиме на дел од позначајните првични резултати од спроведното истражување во кое беа опфатени безбедносните ризици и начинот на кој безбедносните институции нив ги дефинираат, проценуваат, третираат, дали и како ги управуваат и се справуваат со нив.Научното истражување се спроведе во рамките на научно-истражувачкиот проект насловен „*Истражување на безбедносните ризици во Република Македонија*“, а нему му претходеше тоеретска разработка на различните пристапи во дефинирање на безбедносните ризици. Со истражувањето беше опфатена стручната јавност, односно претставници на безбедносните институции од јавната, државната и приватната безбедност, кои имаат директна надлежност во делот на справување со безбедносните ризици и закани.

***Клучни зборови***: ризик, безбедносен ризик, закана, безбедност, безбедносна институција

## 1. Вовед

Брзиот развој на науката, технологијата, новите светски процеси, облиците на меѓународна соработка, воспоставија нови вредности и стандарди. Брзото темпо на промени придонесе меѓународната безбедност (а со тоа и националната безбедност) да се најдат на удар на новите видови

ризици и закани. Кога зборуваме за опасности и ризиците на новиот милениум, може да кажеме дека денес се намалени опасностите кои беа карактеристични за минатиот век, како воениот ризик, агресијата и сл. Ризиците и заканите по националната безбедност, по вредностите и интересите, стануваат повеќекратни, покомплексни и помалку предвидливи и доаѓаат од различни правци, што ги прави потешки за анализа и контрола. Државната заедница отсекогаш била изложена на загрозувања, со тоа што се менувале облиците и интензитетот на нивното манифестирање. Сериозноста на ризиците и заканите на XXI-от век се согледа нивната сеприсустност, разновидност и низок, но постојан интензитет со кои делуваат врз сите нас и создаваат она што може да се нарече живеење во ера на ризично општество и култура на ризикот. Безбедносните ризици во новиот милениум можат да се амортизираат и решаваат само со помош на меѓународно креирана безбедносна политика, врз чии основи се гради и политиката на националнабезбедност.[20]

Република Македонија во рамките на безбедносната политика има интенција да обезбеди сигурност и заштита на граѓаните како однадворешните, така и од внатрешните ризици и закани од најразличен карактер: безбедносен, економски, политички, еколошки, културен и сл. Главната закана по безбедноста се тензиите и антагонизимите кои се резултат на интеретничките конфликти, екстремен национализам, погрешни реформи и економска неефикасност, голема зачестеност и огромни природни и-или технолошки катастрофи со големо штетно влијание врз општеството. Покрај слабата економија, политичките, социјалните и етничките состојби во државата, како нови видови опасности би ги спомenале: меѓународниот тероризам, организираниот кримнал, трговијата со луѓе, оружје, дрога, перењето пари, илегалната миграција, милитантниот национализам, фундаментализмоти сл.

Ваквите видови ризици и закани можат директно или индиректно да вијаат врз националната безбедност на државата. Истите ја поткопуваат безбедноста, демократските и економските темелина општеството преку слабеење на државните институции и губење на вербата во владеењето на правото.

И покрај обидите институциите навремно да ги детектираат и да се справуваат со потенцијалните опасности по безбедноста на државата, денес државата се соочува со сериозна, политичка, економска и безбедносна криза која претендира да го загрози опстанокот на државата. Ваквата состојба за жал трае предолг период, почнувајќи со барањата на тогашната опозиција да актуелната влада поднесе оставка, да се формира техничка влада и да се организираат предвремени парламентарни избори. Нефункционирањето на

[20]Под политика на национална безбедност се подразбира меѓузависен и сложен систем на мерки, планови и програми кои ги презема РМ за заштита, зачувување и унапредување на безбедноста на РМ и на нејзините граѓани, во согласност со политичките, економските, одбранбените, внатрешните, безбедносните, социјалните, еколошките и други ресурси.

институциите создаде погодно тло за развој на организираниот криминал и корупцијата, пад на странските инвестиции и пад на економијата. Ако на тоа се додаде и светската мигрантска криза која за жал има директно влијание на економскиот, политичкиот и безбедносниот систем на Република Македонија, може да зборуваме за ризици кои претставуваат серизона опасност по безбедноста на граѓаните.

Тргнувајќи од тие основи, како и актуелноста на проблематиката со истражувањето на безбедносните ризици, Факултетот за безбедност како високообразовна научно-истражувачка институција, која образува кадри чија основна задача е навремено детектирање, превенирање и спречување одредени ризици да не прераснат во закани и загрозувања од пошироки размери, спроведе научно-истражувачки проект за истражување на безбедносните ризици во Република Македонија. Имајќи го во предвид кадровскиот потенцијал, долгогодишното практично искуство, научно-истражувачкиот потенцијал, основна задача на Факултетот е да ги промислува и истражува општествените феномени, а во тие рамки и безбедносните ризици кои можат да ја загрозат националната безбедност, како и безбедноста во поширокиот регион[21]. Во таа насока, и во функција на постојано следење и проучување на безбедносните појави е и споменатото истражување на безбедносните ризици во Република Македонија.

## 2. Истражување на безбедносните ризици во Република Македонија

Светот денес живее во време на глобализација и постмодерни општествени сфаќања. Развојната динамика не е линеарна и ја карактеризираат многу амбивалентни процеси, од кои, можеби клучниот, се однесува на промената помеѓу безбедноста и слободата како вредности. Имено, општествените околности создаваат амбиент и култура на живеење кои се во потрага по поголема слобода и остварување на личната слобода на луѓето како сеопшта општествена, културна и цивилизациска придобивка. Сепак, сложената мрежа на општествени односи и меѓузависност во ерата на глобализацијата, кои во голема мера придонесоа за пробивот во сферата на слободата, истовремено, доведоа до подем на безбедноста и потесно, на преокупираноста со безбедносните ризици (Бауман, 2016; Бауман, 2005; Bek, 2001; Гиденс, 2002; Лиотар, 2007; Godard, Henry, Lagadec et Michel-Kerjan, 2002; Свендсен, 2010).

Безбедносните ризици денес станаа, ако може така да се каже, основна парадигма на проучување на безбедносните науки. ***Прво***, бидејќи живееме во време во кое безбедносните ризици доминираат во теоријата и праксата на

[21]Научно истражување кое се однесува на безбедносните закани во Република Македонија беше спроведено од страна на истражувачки тим од Факултетот за безбедност-Скопје. За резултатите од ова истражување, може поопширно да се види кај Мојаноски Цане, Димовски Злате, Ѓуровски Марјан, Илијевски Ице (2015), *Безбедноста и безбедносните закани во Република Македонија: Истражувачки извештај*, Скопје: Факултет за безбедност.

ризикот и имаме поместување од неутралното кон негативното (безбедносното) разбирање и дефинирање на современите ризици. ***Второ***, бидејќи безбедносните ризици се сè помалку локално детерминирани, сè повеќе се последица на сложените меѓузависни односи на глобализираното општество, сè понепредвидливи, побројни и со сè поголеми можни штетни последици. ***Трето***, бидејќи безбедносните ризици се тесно поврзани со безбедносната превенција како основен одговор на новиот обем, структура и карактер на современите безбедносни ризици. ***Четврто***, бидејќи стратегиите и начините на справување, управување и проценување на безбедносните ризици станаа основа на современиот начин на третман на безбедносните ризици. ***Петто***, бидејќи очигледно настана промена и во самата структура и видовите на безбедносни ризици, во кои почнуваат да доминираат произведените над надворешните ризици и изложувачките над самоизложувачките безбедносни ризици.

Република Македонија не е и не може да остане надвор од оваа сложена мрежа на општествени и поопштественети односи во кои се менува карактерот на современите безбедносни ризици. Истата нужно мора на одреден начин да ги согледа и да одговори на овие тектонски поместувања во безбедносната сфера, а особено во сферата на безбедносните ризици. Токму поради овој факт, но и поради фактот што во Република Македонија досега не постои ваков начин на научно истражување и проучување на безбедносните ризици, се одлучивме да пополниме една значајна празнина во нашата безбедносна наука и пракса врзана со проучувањето и третманот на безбедносните ризици. Во суштина, потребно е да се истражи во која мера и на каков начин влијаат пошироките промени во карактерот на безбедносните ризици врз обемот, структурата и видот на безбедносните ризици во современото македонско општество и држава. На тој начин би се добила јасна слика за карактерот на современите безбедносни ризици и полесно би се утврдиле најсоодветните пристапи кон безбедносната превенција, справување, управување и проценување на безбедносните ризици од страна на носителите на безбедносните политики во Република Македонија.

Неповолнатаполитичка и безбедносна состојба бара од своја страна длабока анализа и вклучување на сите сегменти од општеството, така што секој од своја стране да даде свој придонес за навремено детектирање на потенцијалните ризици и заканипо безбедноста и бидат преземени навремени и адекватни мерки од страна на надлежните институции, за да бидат спречени потенцијалните ризици и истите да не прераснат во закани и загрозувања на безбедноста од пошироки размери.

Поагајќи од таквите основи, истражувачкиот тим на Факултетот за безбедност-Скопје во текот на 2017 година спроведе **научно-истражувачки проект** со реализирање на емпириско истражување – анкетирање на стручната јавност за актуелните безбедносни ризици во Република Македонија.

Со анкетниот прашалник истражувани се мислењата и ставовите на стручната јавност-претставници на безбедносните институции, за прашањата

поврзани со безбедносните ризици во Република Македонија. Од безбедносните институции чија основна надлежност е безбедноста беа опфатени анкетирани лица и тоа претставници на:

- Кабинетот на претседателот на Република Македонија;
- Агенцијата за разузнавање;
- Министерството за одбрана- организа безбедност;
- Министерството за внатрешни работи(Управата за безбедност и контраразузнавање и Бирото за јавна безбедност, Криминалистичката полиција и Униформираната полиција); и
- Комората на Република Македонија за приватно обезбедување.

**Целта** на истражувачкиот проект беше врз основа на согледувањата на сегашните мислења и ставовите на стручната јавност за безбедносните ризици, да се добијат валидни научни сознанија за постоењето на безбедносните ризици, нивните видови, процесот на справување и управување како и проценката на безбедносните ризици.

Добиените резултати од анкетирањето, и во целост со целокупниот научно-истражувачки проект, би требало да бидат од полза како за научните работници кои се занимаваат со истражување на безбедноста на Република Македонија, така и за носителите на безбедосната политика и безбедносниот менаџмент на безбедносните институции.

Самиот **анкетен прашалник** содржеше неколку групи прашања: биографски податоци, дефинирање и разбирање на поимот ризик, начини за стекнување на сознанија за ризиците, проценка на загрозеноста на општеството од видовите ризици- т..е. проценка во какво општество живееме во однос на ризиците, наведување на најзначајните безбедносни ризици и нивна градација (степенување) според важноста од најзначајните кон помалку значајните, интензитет на влијание на ризиците врз личната безбедност на граѓаните, како и врз безбедноста на виталните интереси на државата, истражување на причините за актуелните безбедносни ризици во Република Македонија, проценка на квалитетот во креирањето и спроведувањето на безбедносната политика, постоењето и квалитетотна применетата методологија во проценката на безбедносните ризици (оосбено постоењето на научно втемелена методологија за проценка на безбедносните ризици), третманот на безбедносните ризици и примената на различни безбедносни стратегии во справувањето и управувањето со безбедносните ризици. На крајот од прашалникот беа оставени и отворени прашања за коментари и изнесување на одредени ставови на стручната јавност за одредени прашања поврзани со безбедносните ризици кои евентуално не беа опфатени со анкетниот прашалник, а кои би биле од значење за следни слични истражувања.

Во истражувањето беа опфатени вкупно 151-но анкетирано лице од погоренаведените безбедносни институции, од повеќе градови во Република Македонија и тоа: Скопје, Куманово, Битола, Виница, Кичево, Кратово,

Охрид и Струга. На графиконот бр. 1. е претставена образовната структура на анкетираните испитаници од безбедносните институции.

***Графикон бр. 1. Табеларен приказ на образовното ниво на анкетираните***




Според образовната структура беа анкетирани: 13 доктори на науки, 23 магистри, 65 со високо образование, 12 со вишо и 38 со средно образование.

Од вкупно 151 анкетирани испитаници, речиси половина 65 или 43% се со високо образование, па ако во таа група ги додадеме и магистрите и докторите на науки, бројот на анкетираните е 101 од вкупно 151 или 66,88% кој отпаѓа на научен и високо образован кадар кој повеќе години работи на проценка и справување со ризите. Така, нивните одговори ги сметаме за релевантни, а особено се од значење отворените прашања и нивните размислувања и предлози за поефикасна проценка на опасностите од одредени видови ризици, како и предлог мерките за надминување на таквата состојба, навремено нивно детектирање, квалитетна проценка и преземање на соодветни мерки и активности за спречување потенцијалните ризици да прераснат во загрозување од пошироки размери.

Во овој труд ќе се задржиме на елаборирање на резултатите од неколку прашања кои сметаме дека ќе дадат првична слика за состојбата со дефинирањето, проценувањето и справувањето со безбедносните ризици од страна на безбедносните институции.

На прашањето: „*Според Ваше мислење, кои од листата на безбедносните ризици најмногу ја засегаат Вашата безбедност*?“, дадени се повеќе можни одговори. Испитаниците можеа да заокружат повеќе можни одговори кои според нив претставуваат безбедносен ризик, како што е дадено во графиконот бр. 2.

***Графикон бр. 2. Графички приказ на безбедносните ризици кои најмногу ја засегаат безбедноста***




На прашањето кои се безбедносните ризици кои најмногу ја засега безбедноста, дадена беше можност испитаниците да заокружат 19 можни одговори, како и отворено прашање, т.е. можност испитаникот да наведе безбедносен ризик кој не е предвиден во прашалникот. Според одговорите на анкетираните на ова прашање издвоивме 5 безбедносни ризици од понудените 19, кои испитаниците ги заокружиле во најголем број. Така, од вкупно 151 испитаник 53 (односно 1/3 од испитаниците) одговориле дека најсериозен безбедносен ризик во Република Македонија е тероризмот, потоа следува нарушениот систем на општествени вредности. На високото трето место се посочува несоодветна водената безбедносна политика, а потоа следуваат корупцијата и ризикот од меѓуетнички конфликти.

Сознанијата според кои корупцијата претставува сериозен безбедносен ризик по граѓаните се потврдува и со други спроведени истражувања, како што е истражувањето на Transparecy International кое ја рангира Република Македонија во група на држави со висока корупција. Самата појава делува негативно во функционирањето на безбедносните институции со што истите неможат соодветно да одговорат на ризиците и заканите по безбедноста. Корупцијата која за жал е широко распостранета во институциите се јавува како еден од методите на делување на поедници или групации кои преземаат дејствија на загрозување на безбедноста.

Секако дека и меѓуетничките односи во едно мултиетничко и мултирелигиско општество во контиунитет претставуваат ризик по безбедноста, па од тие причини истото е составен дел и од најзначајните безбедносни ризици и според Националната концепција за безбедност и одбрана. За да се анулира таквата потенцијална опасност потребно е градење на граѓанско општество каде системот ќе биде во функција на градење, негување и почитување на основните човекои права и слободи, со што ќе се овозможи сите граѓани да се чувствуваат еднакви и почитувани, а со тоа и ќе се

намалат опасностите од меѓуетничките конфликти како потенцијална опасност по безбедноста.

Од особено значење е водењето на правилна безбедносна политика, како одговор на безбедносните ризици и закани. За жал во изминатиот период во Република Македонија, токму несоодветната безбедносна политка се посочува како детектирана слабост во надминување на повеќе кризни состојби во изминатиот период. Истото е потенцирано и од страна на анкетираните – стручни лица кои работат во безбедносните институции и имаат познавање во креирање и водење на безбедносната политика.

За одбележување се и размислувањата на испитаниците добиени како одговори на отвореното прашање за безбедносните ризици кои негативно влијаат на безбедноста, а кои не се наведени во прашалникот. Еве дел од нивните размислувања: *негување омраза; слаби владејачки гарнитури со големи хипотеки кон различни центри на моќ; целно предизвикани епидемии; преземање на ресурсната база на Република Македонија од странци; влошени состојби во образованието и здравството; опаѓање на животниот станард на граѓаните во континуитет; масовно напуштање на младите на државата; претерана партизација; немање култура на дијалог; несоодветно водена економска политика; репутација на стручните кадри.* Интересно е дека од сите овие дополнителни одговори, ниту еден од нив не е повторен повеќепати, т.е., станува збор за поединечни одговори. Сепак, нивното теоретско и методолшко значење е големо, бидејќи укажува на безбедносни ризици кои испитаниците ги ценат за битни и кои би можеле во некое идно истражување да бидат понудени заедно со останатите безбедносни ризици со цел да се види колку се истите присутни и значајни за безбедноста.

Испитаниците беа замолени да направат и градација (степенување) на интензитетот (јачината) на секој од безбедносните ризици, а за таа цел беше применета познатата Ликертова скала за мерење на интензитетот на одговорите на испитаниците со 5 степени на интензитет. На прашањето: „*Ве замолуваме да одговорите со колкав интензитет влијаат безбедносните ризици врз Вашата безбедност*?“, добиени сеинтересни одговори, а бројот на одговорите за секој модалитет (интензитет од скалата на ставовите) за секој безбедносен ризик подделно, се дадениво следната табела:

***Табела бр. 1. Интензитет на влијание на безбедносните ризици врз безбедноста***

| Безбедносен ризик | Исклучително многу влијае 5 | Многу влијае 4 | Релативно влијае 3 | Малку влијае 2 | Исклучително малку влијае 1 |
|---|---|---|---|---|---|
| криминалитет по животот и телото | **34** | **22** | **26** | **12** | **5** |
| имотен криминалитет | **10** | **27** | **30** | **18** | **8** |
| нарушени семејни односи | **8** | **10** | **30** | **14** | **26** |
| нарушени односи со непосредната околина (врсници, пријатели, колеги) | **8** | **24** | **19** | **23** | **18** |
| неповолно влијание на медиумите (стереотипи, предрасуди, дезинформирање) | **27** | **25** | **23** | **9** | **6** |
| нарушен систем на општествени вредности | **44** | **33** | **17** | **4** | **0** |
| структурни општествено-економски промени | **13** | **42** | **26** | **14** | **1** |
| ниското ниво на безбедносна култура | **27** | **27** | **27** | **13** | **3** |
| несоодветно водена безбедносна политика | **46** | **26** | **18** | **3** | **3** |
| природни катастрофи (земјотреси, поплави, пожари и сл.) | **19** | **17** | **28** | **16** | **13** |
| загадувањето на животната средина и климатските промени | **22** | **28** | **26** | **17** | **6** |
| опасноста од меѓуетнички конфликт | **40** | **42** | **18** | **8** | **0** |
| тероризмот | **43** | **29** | **14** | **7** | **2** |
| воените опасности | **32** | **22** | **19** | **19** | **3** |
| негативна приватизација (приватизирање) на безбедноста | **23** | **28** | **21** | **17** | **5** |
| корупција | **42** | **30** | **15** | **10** | **1** |
| осиромашување | **37** | **27** | **25** | **6** | **2** |
| невработеност | **36** | **29** | **19** | **5** | **7** |

Од табелата може да се забележи дека, според мислењето на стручната јавност, според бројот на добиените одговори по највисокиот модалитет (степен на интензитет –исклучително многу влијае), највисоко е рангирано несоодветното водење на безбедносната политка, што како ризик има најголемо негативно влијание врз безбедноста. Несоодветното водење на безбедносната политка оновозможува навремено детектирање на потенцијалните ризици, со што пак се овозможува безбедносните ризици да прераснат во закани по безбедноста, а доколку и натаму продолжи несоодветно да се креира и води безбедносната политика, извесно е дека тој безбедносен ризик од закана може да прерасне и во загрозување на безбедноста. Оттука може да се види значењето на несоодветно водената безбедносна политика како безбедносен ризик во однос на останатите безбедносни ризици, кои иако се застепени, нивниот степен на влијане врз безбедноста е понизок во однос на несоодветно водената безбедносна политика.

На високото второ место според интензитетот на влијание на безбедноста се наоѓа нарушениот систем на општествени вредности. Основна задача на секој безбедносен систем е заштитата на виталните вредности утврдени со највисокиот правен акт Уставот, демократските институции утврдени со уставот, општествениот поредок, општествените вредности. Доколку имаме нарушен систем на општествени вредности, секако дека истото влијае во насока на создавање нерамнотежа и во функционирањето на системот за безбедност и таквиот нарушен систем на општествените вредности може да има огрмно негативно влијание врз вкупната безбедност.
Доколку на несоодветно водената безбедносна политика и нарушениот систем на општествени вредности се додадат и останатите безбедносни ризици како што се осиромашувањето, нискиот животен стандард, корупцијата, тероризмот, ниското ниво на безбедносна култура, кои се високо рангирани според мислењето на стручната јавност, сето тоа упатува на заклучокот дека се неопходни сериозни и организирани решенија (стратешки и тековни) кои ќе влијаат на намалување на обемот, интензитетот и можните штетни влијанија на наведените безбедносни ризици врз вкупната безбедност во државата.
Во оваа прилика мора да напоменеме дека иако се работи за резултати кои се обработени со примена на дескриптивна статистика и не се елаборирани на едно подлабоко ниво со примена на посложени методи на статистичка анализа, врз основа на првичните резултати може да се детектираат главните безбедносни ризици со кои се соочуваат безбедносните институции кај нас.

Оттука, веројатно е дека главното внимание во конципирањето и водењето на безбедносната политика, справувањето, управувањето, проценувањето и третирањето на безбедносносните ризици од страна на безбедносните институции во иднина би требало да биде насочено кон овие најчести ризици на кои и самите испитаници преку истражувањето им дале приоритет во однос на мноштвото други безбедносни ризици. Во оваа смисла

на зборот, за очекување е дека натамошната подлабока анализа на резултатите од истражувањето, обработката и на другите прашања, нивното поврзување, извлекувањето корелации и интерпретацијата на односите помеѓу анализираните варијабли, сигурно ќе изнесе уште поинтересни и научно фундирани сознанија, толкувања и заклучоци од интерес како за безбедносната наука, така и за безбедносната пракса.

**3. Заклучок**

Трудот претставува обработка на првичните резултати од спроведениот научно-истражувачки проект од страна на авторите, насловен како: „Истражување на безбедносните ризици во Република Македонија", со кои беа опфатени мислењата и ставовите за безбедносните ризици на испитаници од безбедносните институции во Република Македонија од јавната, државната и приватната безбедност. Целта на овој труд беше, со примена на дескриптивна статистика, да се стекне првичен увид во резултатите од истражувањата, при што обработени се три прашања кои според мислењето на авторите откриваат кои се безбедносните ризици кои најмногу ги засегаат безбедносните институции, кои од нив се приоритетни (се наоѓаат највисоко на скалата на безбедносни ризици) и колкав е интензитетот (јачината) на нивното делување. Според добиените првични сознанија, петте најзначајни безбеносни ризици за безбедносните институции во Република Македонија се: несоодветно воената безбедносна политика, нарушениот систем на општествени вредности, тероризмот, корупцијата и опасноста од меѓуетнички конфликт. Во оваа смисла, резултатите од ова истражување делумно се поклопуваат со некои резулати од истражувања на оваа и слична тема претходно, но делумно и се разликуваат. Овие првични сознанија натаму би требало да се надополнат со резултатите од одговорите на другите прашања за да се добие поцелосна слика за состојбата со безбедносните ризици и на кој начин безбедносните институции би требало со нив да се справуваат во иднина. Натамошната подлабока анализа на резултатите од истражувањето, обработката и на другите прашања, нивното поврзување, извлекувањето корелации и интерпретацијата на односите помеѓу анализираните варијабли, со голема веројатност ќе резултира и со уште поинтересни и научно фундирани сознанија, толкувања и заклучоци од интерес како за безбедносната наука, така и за безбедносната пракса.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


- Adams, John (1995), *Risk*, London & New York: Routledge.
- Бауман, Зигмунд (2016), *Флуидни времиња: Живот во доба на несигурност*, Скопје: Слово.
- Бауман, Зигмунд (2005), *Постмодерна етика*, Скопје: Темплум.
- Bek, Ulrih (2001), *Rizično društvo*, Beograd: Filip Višnjič.

- Bernstein, Peter L. (1996), *Against the Gods: The Remarkable Story of Risk*, New York: John Wiley and Sons.
- Бест, Стивен и Келнер, Даглас (1996), *Постмодерна теорија*, Скопје: Култура.
- Wilkinson, Iain (2001), *Anxiety in a Risk Society,* London & New York: Routledge.
- Воган, Џ. Емет (2014), *Управување со ризици*. Скопје: Арс Ламина.
- Вотерс, Малком (2003), *Глобализација*, Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество.
- Gemović, Biljana (2011),*Upravljanjerizicimakaoelemenatintegrisanogsistemamenadžmentapreduzeća,* (neobjavljenidoktorskirad, izarhivaautora),Beograd: Fakultettehničkihnauka.
- Георгиева Лидија (2006), *Менаџирање на ризици*, Скопје: Филозофски факултет.
- Gerasimoski, Saše (2016a), "Application of Methods of Risk Assessment in Private Security",in*Private Security in the XXI-st century: Experiences and Challenges,* Skopje: Chamber of Republic of Macedonia for Private Security, pp: 327-338.
- Gerasimoski Saše, Mojsoska Snežana, Trajkovska Vesna (2013), "Theories of Risk as Contemporary Sociological Paradigma in the Era of Globalization", *Proceedings from the International Scientific Conference Sociology and the Challenges of the Global Age,* Faculty of Philosophy, Institute of Sociology, Skopje, pp: 214-225.
- Герасимоски, Саше (2010а), "Ризичното општество и современата безбедност", *Зборник на трудови од Меѓународната научно-стручна Конференција Безбедност, еколошка безбедност и предизвици на Република Македонија,* Охрид, Факултет за безбедност, Скопје, сс: 266-277.
- Герасимоски, Саше (2010b), "Прогноза на ризиците во приватниот безбедносен сектор", *Хоризонти*, Битола, бр. 6. сс: 319-326.
- Герасимоски, Саше(2010c), "Проценка на ризиците во приватниот безбедносен сектор*", Годишник на Факултетот за безбедност*. Скопје. бр. 5. сс:70-77.
- Герасимоски, Саше (2010d),*Културнитевредности и ризикотвосовременотоопштествосопосебеносвртнамакедонскотоопштество (необјавенаодбранетадокторскадисертација)*, Скопје: Институтзасоциологија, Филозофскифакултет.
- Гиденс, Ентони (2006), "Теоријата на структурацијата", во Трајковски, Иило (уредник), *Глобализирањето, индивидуалноста и општеството: современи социолошки теории-читанка*, Скопје: Филозофски факултет, сс. 215-252.

- Gidens, Entoni i Haton, Vil (2003), “Nove mogučnosti ili kontinuitet rizika”, u Gidens, Entoni i Haton, Vil (urednici), *Na ivici: živeti sa globalnim kapitalizmom*, Beograd: Plato, ss. 14-21.
- Гиденс, Ентони (2002), *Забеган свет: Како глобализацијата ги преобликува нашите животи*, Скопје: Филозофски факултет.
- Giddens, Anthony (1990), *TheConsequences of Modernity*, Cambridge: Polity Press.
- Giddens, Anthony (1984), *The Constitution of Society: An Outline of the Theory of Structuration*, Berkeley: University of California Press.
- Godard Olivier, Henry Claude, Lagadec Patrick et Michel-Kerjan Erwann (2002), *Traité des nouveaux risques*, Paris: Gallimard.
- Доревски, Зоран (2013). *Управување со ризици, обезбедување и кризни ситуации како елементи на безбедносниот менаџмент во компаниите во Република Македонија*. (необјавена докторска дисертација, од архивата на авторот). Скопје: Факултет за безбедност.
- Ярочкин, В.И, Бузанова, Я.В. (2005), *Теория безопасности*, Москва: Мир.
- Kinney, G.F., &Wiruth, A.D. (1976),*Practical Risk Analysis for Safety Management*, China Lake CA: Naval Weapons Center.
- Кековиќ Зоран, Бакрески Оливер, Стефановски Стевко, Павловиќ Славица (2016), *Планирање и процена на ризик: во функција на заштита на лица, имот и работење*, Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување.
- Кековић Зоран, Глишић Горан, Комазец Ненад(2010), “Приступ методологији интегралног управљања ризиком у организацији”, *Војно дело*,сс: 243-257.
- Kekovič Zoran, Glišič Goran, Komazec Nenad (2009), “Pristup metodologiji procene rizika”.*Nauka, Bezbednost, Policija NBP, Žurnal za krimialistiku i pravo*.ss: 103-116.
- Лиотар, Жан-Франсоа (2007), *Постмодерна состојба: извештај за знаењето*, Скопје: АЗ-БУКИ.
- Lupton, Deborah (1999), *Risk*, London & New York: Routledge.
- Lyng, Stephen (2005), “Introduction: Edgework and the Risk-Taking Experience”, in Lyng, Stephen (eds.), *Edgework: The Sociology of Risk-Taking*, New York & London: Routledge, pp. 3-14.
- Мојаноски Цане, Димовски Злате, Ѓуровски Марјан, Илијевски Ице (2015), *Безбедноста и безбедносните закани во Република Македонија: Истражувачки извештај*, Скопје: Факултет за безбедност.
- Мојаноски Цане (2013), *Методологија на безбедносните науки: Аналитички постапки*, самостојно издание.

- Moraru, Roland Iosif (2012),*Current Trends and Future Developments in Occupational Health and Safety RiskManagement: Risk Management for the Future - Theory and Cases*, Rijeka: Intech.
- Мургоски, Зозе (2005), *Речник на македонскиот јазик*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески".
- Свендсен, Ларс Фр. Х. (2010),*Филозофија на стравот*, Скопје: ВиГ Зеница.
- Slovic, Paul (1987), "Perception of risk", *Science,* Vol. 236, pp. 280–285.
- Спасески Јордан, Николовски Марјан, Герасимоски Саше (2010), *Безбедносни системи: Прилог кон учењето за националните безбедносни системи*, Скопје: Факултет за безбедност.
- Спасески, Јордан (2005), *Македонија-столб на безбедноста и мирот на Балканот*, Скопје: Агенција „Академик" и Полициска академија.
- Stanković, Milena &Stanković,Vladana (2013), "Comparative analysis of methods for risk assessment-Kinney and AUVA*", Safety engineering*, Vol. 3, No. 3, pp:129-136.
- Станковски, Љупчо (2013),"Планови за обезбедување и процена на безбедносната ситуација*", Современа македонска одбрана*, Том 13, Бр. 24, сс: 137-148.
- StarčevićJelena, Ilić Maja, Paunović-PfafJelena (2010), *Priručnik za procen u rizika*,Beograd: GlobeDesign.

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА КОМУНИКАЦИСКИТЕ ВЕШТИНИ

***доц. д-р Богданчо Гогов***
*bgogov@t-home.mk*
***проф. д-р Драгана Батиќ***
*dbatic@yahoo.com*
*Факултет за безбедност - Скопје*

**Апстракт**

Трудот се занимава со поврзаноста на учењето на успешен процес на комуникација со ефективноста на полицијата и задоволството / незадоволството на граѓаните од полициската работа. Контактите и комуникацијата меѓу граѓаните и полицијата се многу важни за полициската работа и затоа треба да се градат врз основа на меѓусебно почитување на достоинството и човековите слободи и права и тогаш кога се работи за лица за кои постојат сомненија дека сториле кривични дела или други деликвентни однесувања.

Успешноста на полицијата зависи од знаењето со кои располага, од навремените, точни и сеопфатни информации за конкретни криминални и безбедносни настани. Еден од најважните извори на сознанија се граѓаните кои може да поседуваат знаење што може да помогне во расветлувањето и откривањето на безбедносни настани или кривични дела. Заради тоа е неопходно полициските службеници, покрај потребното професионално полициско знаење, да имаат и добри комуникациски способности и познавања од областа на психологијата.

Добрата комуникација претпоставува развиени вештини на слушање, набљудување, вербално и невербално изразување, како и контрола на стресот и способност за успешно решавање на конфликти. Во трудот се истакнува поврзаноста меѓу комуникацијата и задоволството на граѓаните од полициската работа, што воедно укажува на потребата од континуирано образование на полициските службеници со содржини од областа на комуникологијата и психологијата, со цел да се стекнат со знаења и вештини за успешна комуникација.

***Клучни зборови*: *комуникација, полициски службеници, образование, комуникациски вештини, психологија***

## ВОВЕД

Задоволството од полициската работа зависи од повеќе фактори како што се начинот на кој полицијата комуницира со граѓаните, помошта што им

ја пружа, ангажираноста за решавање на проблемите. Се разбира дека граѓаните се позадоволни кога полицијата е успешна во својата работа, односно кога ги решава проблемите, им ги враќа одземените предмети, ги открива сторителите. Но, граѓаните очекуваат полицијата покрај успешноста, да биде и љубезна, внимателна во однесувањето, фер, да објаснува што презема и што се случува во врска со барањето и потребата на граѓаните.

Позитивно влијание врз ставовите на јавноста за полицијата може да се постигне со едноставно средство, а тоа е воспоставување на модел на комуникација со граѓаните во чија основа ќе биде почитување на достоинството и правата на индивидуата. Со својата активност и однесување полицијата треба да покаже соодветно и фер однесување, но уште повеќе, дека индивидуата заслужува почит, внимание и уважување на неговото мислење. Овие идеи се централни за разбирање на моделот на процедурална правда, односно на односот што се создава меѓу полицијата и граѓаните при нивните директни или какви било контакти. Воспоставување на комуникација во која полицијата ќе понуди информации за својата активност, на пример зошто запира некого, е можност полицијата да покаже дека постапува по пропишана процедура и според закон, и дека граѓанинот го прифаќа со почитување.

Одредени истражувања спроведени во светот дадоа доволно аргументи за значењето на односот на полицијата кон граѓаните, кој влијае врз спремноста на граѓаните да ѝ помагаат на полицијата со пријавување на криминалот, идентификување на сторители и со прифаќање да сведочат. Според Tyler, начинот на комуникација и вкупното однесување на полицијата влијае и на спремноста на граѓаните да го почитуваат законот дури и кога полицијата не е присутна (Tyler,1990).

Полицијата може да направи многу за подобрување на нејзиниот углед и како што забележува Tyler, полицијата „не може секогаш да ги постигне посакуваните резултати, но секогаш може да се однесува на начин кој граѓаните ќе го доживеат како фер“(Tyler,1990).

Во контактите со полицијата граѓаните очекуваат да имаат можност да го кажат своето мислење и да ја објаснат ситуацијата во која се наоѓаат, на неутрална и непристрасна полиција која објективно ги донесува одлуките за својата активност, а нив ги третира со почитување и покажува дека се грижи за нивната добросостојба.

Полицијата има витална функција во демократското општество, а дел од нејзината улога е да обезбеди никој да не биде над законот и да не дозволи поединци или групи насилно да ја наметнуваат нивната волја над воспоставениот јавен ред. Сепак, не се само ова полициски одговорности. Полициските службеници се понекогаш единствениот контакт кој граѓаните го имаат со државната власт и правниот систем, па затоа тоа треба да биде во согласност со вредностите кои се вградени во владеење на правото: правично, достоинствено и со почит.

## 1. НОРМАТИВНО УРЕДУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈАТА МЕЃУ ГРАЃАНИТЕ И ПОЛИЦИЈАТА

Кога и како полицијата ќе постапува кон граѓаните е нормативно уредени во Законот за кривична постапка, Законот за полиција и други подзаконски акти. Имено, Законот за кривична постапка (ЗКП) одредува неколку можни форми за иницирање на контаки од страна на полицијата.

Во член 276 од ЗКП се уредуваат овластувањата на полицијата потребни за спречување и откривање на кривични дела и нивните сторители, при што во став 2 точка 1 се утврдува дека полицијата може да бара потребни известувања од граѓаните. Со оваа одредба на полицијата е дадена можност во секој настан кој содржи елементи на кривично дело да воспостави контакт и да побара информации од граѓаните кои ќе помогнат да се открие и фати сторителот и ќе се обезбедат релевантни докази за успешно водење на кривична постапка. Гледано од практичен аспект, тоа значи дека полицијата може да ги запре и задржи лицата затекнати на лице место на настанот (најдолго 6 часа) и да ги праша што виделе, слушнале и почувствувале. Во овие случаи полицијата не се впушта во испрашување на лицата туку се обидува да добие репродукција на нивното сеќавање за настанот. Доколку настанот силно ги вознемирил присутните граѓани или кога на местото на настанот се затекнат поголем број лица од кои треба да се земе известување, полицијата може да ги пушти и подоцна во смирена атмосфера без непотребно чекање и задржување да ги повика да дадат информација.

Во рамките на предистражната постапка, при водење на полициски извиди, полицијата, во согласност со членот 279 од ЗКП, може да повикува граѓани заради прибирање на известувања. Повикувањето се врши по писмен пат, а разговорот се води во полициска станица (најдолго 4 часа) при што полицијата е должна да го почитува достоинството на граѓаните. Став 5 од овој член изрично забранува користење на присила, малтретирање или измама, што претставува потврдување на одредбите од Уставот на Република Македонија и меѓународните правни стандарди прифатени од нашата земја, а кои се однесуваат на човековите слободи и права и забрана на тортура и други нехумани однесувања.

Интересно е да се забележи дека законодавецот не дозволува полицијата да разговара со граѓаните или од нив да зима пишани изјави доколку тие имаат својство на обвинет, сведок или вештак, што претставува заштита од можни злоупотреби, и таа задача му ја доделува на јавниот обвинител. Полицијата може да разговара со граѓаните, при што полицискиот службеник поставува прашања, дава појаснувања, може да презентира одредени податоци и докази и да бара и мислење за кривичниот настан за кој е повикано лицето. За успешно водење на овие разговори потребно е комуниколошко знаење, но и знаење од обласка на психологијата.

Наредниот вид контакт иницирам од полицијата е предвиден во членот 284 од Законот за кривична постапка, каде што е одредено дека полицијата по

наредба или по насоки на јавниот обвинител ќе прибира известувања од граѓаните. Ова значи дека проценката за потребата од превземање на законското дејство ја прави јавниот обвинител, а полицијата мора да ги спроведе активностите, што во основа е и единствената разлика со претходниот случај (член 279 од ЗКП), кога полицијата ги повикува граѓаните по своја оценка и иницијатива.

Кога полицијата ќе оцени дека граѓанинот со кого разговара може да се јави како осомничен, го прекинува разговорот и за тоа веднаш ги известува јавниот обинител, кој во согласност со членот 285 од ЗКП ја презема натамошната постапка и може да продолжи со испрашувањето на осомничениот. И покрај тоа што испрашувањето на сведок, жртва, оштетен, осомничен и вештак е во надлежност на јавниот обвинител, полициските службеници кои поседуваат професионално знаење, комуникациски способности и познавања од областа на психологијата се неопходни и од голема корист во работата на обвинителите, бидејќи тие се дел од тимот кој е одговорен за кривично-правиот настан до неговото правосилно завршување.

## 2. КОМУНИКАЦИСКИТЕ ВЕШТИНИ ОД ПСИХОЛОШКИ АСПЕКТ

Вештината и уметноста на комуницирањето се учат. Процесот на учење на правилна комуникација не е лесен, и како и секоја друга вештина, треба да се вежба. Успешната комуникација се состои од давање и примање пораки, кое подразбира заемни повратни информации за тоа како го доживуваме однесувањето на другите и како другите го доживуваат нашето однесување. Комуникацијата, доколку не е успешна или е недоволно успешна може да доведе до различни ситуации, до конфликт или дистанцирање на учесниците во комуникацијата. Ниту еден од овие обрасци не е пожелен за социјалната интеракција, па заради тоа утврдувањето на параметрите кои водат до адекватна комуникација е предмет на интересирање на различни психолошки дисциплини (Батиќ, 2012). Успешниот процес на комуникација претпоставува добро развиени вештини на слушање, зборување, вербално и невербално изразување.

### 2.1.Емпатија и емпатични вештини

Емпатијата е процес на чувствување на друга личност, разбирање и уважување на нејзините мисли, чувства, доживувања и околности. Способноста да се читаат неизговорените знаци претставува клуч за толкување на невербалните пораки: тон во гласот, движење, израз на лице. Емпатијата станува професионална вештина доколку се користи во контекст на практичната интервенција која е насочена кон другиот и неговите потреби. Она што го разликува вештиот комуникатор од лаикот во емпатичната комуникација е степенот на осетливост, способност да се контролираат сопствените импулси, како и снаодливост и енергија неопходна за успешна комуникација и надминување на пречките во услови на зголемена тензија.

Најчестите пречки во комуникацијата се следните: пасивност, доминација, самооткривање, претерано испрашување, дистанцираност, забрана за изразување на емоции со плачење, форсирање на социјалните интеракции, претерано потврдување, употреба на груби зборови, морализирање и предупредување, покровителство или понижување, прерана конфронтација и аргументирање (Батиќ, 2012).

Како што истакнавме, емпатијата е процес на чувствување на друга личност, разбирање и уважување на нејзините мисли, чувства, доживувања и околности. Емпатијата настанува како облик на самосвест: доколку подобро ги познаваме сопствените емоции, ќе бидеме повешти во одгатнување на туѓите емоции. Способноста да се читаат неизговорените знаци претставува клуч за толкување на невербалните пораки: тон во гласот, движење, израз на лице.

## 2.2. Асертивност наспроти агресивност

Асертивноста е начин на однесување и комуницирање во кое се изразуваат сопствените права и потреби, а притоа нема агресивност.

Агресијата е вид однесување кога се манипулира со друга личност, не се почитуваат правата на другите, се влошуваат проблемите на работното место, се затвораат можностите за нови решенија, што создава непочитување и на клиентите и на колегите и предизвикува ескалација на конфликтот. Соочени со туѓата агресија, често се чувствуваме исплашено и некомпетентно.

Асертивност е вид однесување кога не се манипулира со туѓата лутина, се поддржуваат туѓите права, се овозможува себеси контролирање на ситуацијата и се отвораат нови решенија (Mandić, 2003). Ваквото однесување носи почитување и на клиентите и колегите, а на личноста ѝ овозможува да чувствува самодоверба и компетенција.

Асертивните луѓе почесто од другите го добиваат тоа што го сакаат затоа што се вистински борци. Притоа се почитуваат и себеси и другите. Тие знаат како да се контролираат и релативно добро се снаоѓаат во конфликтните ситуации, затоа што не се плашат да го изразат своето несогласување. Кај нив е најважно што знаат како да го санираат стресот. Дури и кога со другите се во конфликт, тие не губат верба дека постои решение. Веруваат во себеси и во другите, подготвени се да преземат одговорност и ризик, но и да ја споделат победата. Способни се да ја смират ситуацијата и да создадат нови решенија.

Асертивноста послободно може да се дефинира како борба за своите права. Тоа значи да се држиме цврсто за тоа што го сакаме, притоа наведувајќи ги своите потреби. Тоа значи да се искаже несогласување кога не се согласуваме. Асертивноста е изразување на чувства, мислење, потреби, без игнорирање или повредување на мислењето, чувствата и потребите на другите. Тоа бара храброст и значи да се конфронтираме со другите.

На некои луѓе асертивното однесување им е потешко отколку на другите, заради нивниот животен стил кој подразбира дека сакаат да им се

допаднат на другите, па затоа често не го изразуваат своето мислење ако тоа не се согласува со мислењето на нивниот соговорник.

### 2.3. Невербална комуникација

Додека зборуваме ние создаваме сложен систем на телесни движења, како што се погледот, изразот на лицето, положбата на телото, гестовите и др. Дел од невербалната комуникација е и параговорот пелтечење, повторување на реченици, смеење, воздишување). Тонот и висината на гласот, брзината на говорот имаат посебно значење.

Психолошките истражувања дале некои значајни податоци за невербалната комуникација. Се смета дека невербалните знаци имаат улога на регулатори, усогласувачи на социјалната интеракција, а ги изразуваат и емоциите и интерперсоналните ставови. Под невербална комуникација се подразбира начинот на кој луѓето без зборови се изразуваат и комуницираат (McNeill, 2000).

Основната причина зошто луѓето ја користат невербалната комуникација е тоа што таа претставува суштински дел од реагирањето на човекот. Комуницирајќи, луѓето не можат а да немаат израз на лицето, да не прават разни движења со рацете и со главата, да не заземаат одредена положба кон соговорникот. И кога настојуваме да ја контролираме невербалната комуникација, тоа го можеме само делумно и во одредени ситуации (Argyle, 1975). Невербалната комуникација се употребува како свесна замена за вербалната комуникација, како нејзино дополнување, како израз на меѓусебните односи на учесниците во комуникацијата, на нивниот став кон комуникативната ситуација и на нивното однесување и расположение. Преку неа се изразуваат најважните пораки, и тоа не само свесните изразени мисли и чувства туку и оние несвесните (Kevereski, Starc, 2011).

Невербалната комуникација е составен дел на социјалната психологија, а од значење е и за сите научни дисциплини кои се занимаваат со некои видови однесувања на луѓето, а пред сè социологијата и антропологијата. Правилното толкување на невербалните знаци е неопходно и во сите дисциплини каде што постои непосреден контакт со луѓето како што се: медицината, образованието, полициската работа, политиката.

### 2.4. Што кога осомничениот лаже?

Идентификување на неискреноста на соговорникот е важен дел од комуникацијата на полициските службеници со граѓаните.

Според Екман „Лагата претставува промислен избор за ставање на некого во заблуда, а без оддавање на намерата за тоа“ (Ekman, 1992). Во разговорот, лицето коешто го извршило кривичното дело посегнува по лагата како начин на самоодбрана, што се поврзува со стравот дека ќе биде откриен, а со тоа и загрозен. Заради ова, на лагата треба да се гледа како на очекуван

начин на однесување и не треба да се сфаќа лично, бидејќи лажењето е начин на одбрана (Батиќ, 2012).

Секогаш треба да се има предвид дека и лажен исказ е подобар отколку никаков, така што со лажен исказ полицискиот службеник, со побивање, може на заобиколен начин да дојде до вистината.

Кога човек лаже, во него се одвиваат одредени когнитивни и емоционални процеси, како и обид за контрола на однесувањето за да се оствари одредена цел (Vrij, 2008). Со оглед на тоа што симптоматските реакции во различни ситуации имаат различно значење, полицискиот службеник треба да знае точно да ги протолкува. Повеќезначноста на знаците кои можат да укажат на лага, можат полицискиот служеник да го однесат во погрешен правец, доколку дозволи да биде субјективен. Познат е „Розенталовиот ефект", кога инспекторот заради својот негативен став кон криминалците и криминалот, несвесно, го забележува само она однесување кое се согласува со неговата однапред формирана верзија што резултира со погрешна проценка (Росо, 1988, според Батиќ, 2012).

Виновниот од невиниот се разликува не само по психофизиолошките реакции туку и врз основа на сложените форми на однесување. Кај невино лице се забележува големо олеснување и загриженост за тоа како ќе се оправда на работа, лутење зошто изгубило дневница и сл. Кај виновно лице, по правило, ваквото однесување изостанува (Росо, 1988, според Батиќ, 2012).

Сепак, сите овие реакции не можат да имаат карактер на доказ врз основа на кој ќе се донесува оценка за виновноста на соговорникот, но можат да бидат значајна ориентација во трагањето по вистината.

## 3. ЗНАЧЕЊЕТО НА КОМУНИКАЦИЈАТА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ЛЕГИТИМИТЕТОТ НА ПОЛИЦИЈАТА

Полициска работа во демократско општество значи дека секој полициски службеник ги третира сите индивидуи (и жртвите и престапниците) во согласност со вредностите кои се вградени во идеалот за владеење на правото: правично, достоинствено и со почит. (Pino, Wiatrowski, 2006).

Во моделот на процедурална правда, службениците не се ориентирани кон решавање на ситуацијата првенствено со закана со сила. Наместо тоа, службениците треба да бидат обучени да го гледаат секој контакт со граѓаните како можност за градење на легитимитетот преку тонот и квалитетот на интеракцијата, а силата да биде неопходен и пропорционален последен избор (Гогов, 2013).

Социјалниот психолог Tyler во големиот број спроведени истражувања, се занимава со објаснување зошто луѓето го почитуваат законот и покажуваат спремност за соработка со полицијата. Тој истакнува дека полициското постапување кон граѓаните може да влијае врз јавните ставови за легитимноста на полицијата како институција и дека легитимитетот може да

го промовира јавното почитување на законот и да доведе до поголема соработка во однос на известување за криминални настани (Tyler, Huo, 2002).

Општествените вредности можат да помогнат да се гради доброволното почитување на законите, ако се тие во согласност со вредностите на граѓаните, а со тоа се зголемува и подготвената за соработка со полицијата. Tyler во неговите истражувања потврди дека социјалните вредности обликувани во агенти на формална општествена контрола се инхерентно поврзани со проценките за тоа како полициските службеници дејствуваат и ги применуваат своите овластувања (Tyler, Fagan, 2008).

Легитимитетот на полицијата во овој контекст се однесува на правичното донесување одлуки кои ќе бидат транспарентни, конзистентни, неутралени, со фер третман кон граѓаните, со почитување и коректна комуникација. Емпириското истражување спроведено во Република Македонија во 2013 година покажа дека искуствата на луѓето за фер или неправедно полициско постапување можат, соодветно, да ја зајакнат или намалат легитимноста на полицијата (Гогов, 2013).

## 4.ЗАКЛУЧОК

Образованието од областите на комуникологијата и психологијата се меѓу основните предуслови за успешна полициска работа, за градење доверба меѓу граѓаните и полицијата, намалување на чуството на страв од криминал и особено за почитување на достоинството и човековите слободи и права на граѓаните. Тоа може да се постигне доколку во обуката и наставните програми на идните полициските службеници се изучуваат овие научни области, како и организирање на основни и напредни обуки за активните полициски службеници.

## 5. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Argyle, M. (1075), Bodily communication, Methuen, London

Aldert Vrij (2008) Detecting Lies and Deceit: Pitfalls and Opportunities, John Wiley & Sons

Батиќ Д. (2012) Психологија на комуникацијата, Факултет за безбедност – Скопје

Гогов Б. (2013):Криминалистичкото разузнавање како модел на полициска работа од аспект на владењето на правото, докторска теза одбранета на Правниот факултет-Јустинијан Први-Скопје

Ekman P: Emotions Reveald, (2003), Recognizing Faces and Feelings Improve Communication and Emotional Life, Times Book, New York

Ekman P.(1992), Telling Lies, Norton Company, New York

Van den Bos, K., & Van Prooijen, J. W. (2001). Referent cognitions theory: The role of closeness of reference points in the psychology of voice. Journal of Personality and Social Psychology, 81(4), 616-626

Videnović I. (1999), Terapijski modeli socijalnog rada - Naučno-izdavački centar za socijalni rad i socijalnu politiku FPN, Beograd

Mandić T. (2003), Komunikologija:Psihologija komunikacije, Klio

Mark L. Knapp, Judith A. Hall (2010), Neverbalna komunikacija u ljudskoj interakciji, Jastrebarsko, Naklada Slap

McNeill, D. (2000) (Ed.). Language and gesture, New York: Cambridge University Press

Кевереско, Л., и Старц, Ј.(2011), Психологија на комуникација, Педагошки факултет – Битола , Киро Дандаро

Nathan Pino and Michael D. Wiatrowski, (2006), Democratic Policing in Transitional and Developing Countries, Interdisciplinary research series in ethnic, gender and class relations.

Tyler, T. (1990), Why People Obey the Law. New Haven: Yale University Press

Tyler, T. and Huo, Y. (2002): Trust in the Law. Russell Sage, New York

Tyler, T. and Fagan, J. (2008): Legitimacy and Cooperation: Why Do People Help the Police Fight Crime in their Communities, Ohio State Journal of Criminal Law 6: 231-275.

# НОВИТЕ КРИТИЧКИ ПРИСТАПИ ВО РАМКИТЕ НА КРИМИНОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

***проф. д-р Стефановска Весна***
*Факултет за безбедност Скопје*
*vstefanovska77@gmail.com*

**Апстракт**

Во рамките на криминологијата се води постојана дебата, се предизвикуваат одредени теоретски перспективи, се спроведуваат истражувања, бидејќи криминалот е динамична појава која што се менува, а се менуваат и општествените и културни контексти во кој тој се појавува, што непосредно влијае и врз општествената реакција против него. За сите овие прашања, постои богата научна и стручна литература и, со дел од нив, истражувачот треба да биде запознаен, иако постојат различни, па дури и спротивставени ставови и мислења во врска со пристапите и улогата на криминолошките и виктимолошките истражувања. Во таа насока, трудот ги обработува прашањата што се однесуваат на кризата на традиционалната криминологија и на позитивизмот во одговор на криминалот, како и на основите и на развојот на новиот критички пристап во рамките на криминолошките истражувања.

***Клучни зборови:*** *критична криминологија, позитивизам, општествена реакција, контрола, криминолошки истражувања*

## 1. ВОВЕД

Прашањата за криминалот, сторителите, жртвите, како општеството реагира против криминалните однесувања се теми за анализа и истражување на голем број научни дисциплини од областа на општествените науки, меѓу кои тие се основен предмет на криминологијата. Таа претставува широка научна област која во себе вклучува сознанија на веќе етаблирани, како и нови „млади„ научни дисциплини и е насочена кон изучување на сите димензии на криминалното однесување како поединечна појава и на криминалитетот како масовна општествена појава. Оттука, како научна област која во себе интегрира и црпи знаења од голем број други научни дисциплини, криминологијата е синтетичка и мултидисциплинарна наука, односно теоретска, емпириска и истовремено апликативна и универзитетска наука. Таа умее да ги синтетизира знаењата од другите науки, да истражува, воопштува, теоретизира и да полемизира. Сите тие можности ја доведуваат пред мошне тешка задача: да го истражи криминалитетот во неговата етиолошка и феноменолошка димензија, кој е комплексен феномен, и да најде соодветни решенија за негово намалување. И речиси два века од нејзиното

конституирање како наука (почетокот се врзува за името на француските антрополог Paul Topinard, кој во 1879 година го употребил терминот криминологија за означување на наука која се занимава со изучување на кривичните дела), криминолозите, коишто по дефиниција се истражувачи, не успеаа да запрат на едно, или барем на неколку теоретски стојалишта во објаснувањето на криминалитетот и од него да ги бараат решенијата. Тој процес за постојано трагање, истражување и анализа е својствен за криминолозите и, криминологијата не би била криминологија ако го нема во себе поривот за постојано истражување и усовршување.

Оттука, криминологијата е научна област која е богата со голем број теории, но која не успеа да развие една теоретска парадигма која би ја добила довербата од најголемиот број научници. Големиот број теории или т.н. училишта на мисли, во суштина, се јавува поради тоа што криминолозите не се согласуваат со одговорот на прашањето: *зошто криминалот се случува*? Тоа прашање продуцира богатство на мислења што е одраз и на комплексноста на предметот на истражување. Имено, криминалот е детерминиран од голем број објективни и субјективни фактори кои се наоѓаат на микро, односно на макро ниво во општеството и кои имаат влијание низ различни фази од животниот циклус. Тоа значи дека криминогените фактори можат да се гледаат од повеќе агли и низ различни леќи.

Значи, постојат различни теоретски пристапи при проучувањето на причините за криминалот.

## 2. ОСНОВНИ ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАПИ И ПРАВЦИ ВО КРИМИНОЛОГИЈАТА

Кога се проучува историскиот развој на криминологијата како наука и нејзините теоретски перспективи и пристапи, несомнено е дека таа своите почетоци ги наоѓа во идеите на просветителството и на претставниците на класичната кривичноправна школа. Тоа произлегува од фактот што криминологијата прво се сметала како дел од казненото право, и човекот како рационално битие, кое врз основа на слободен избор решава да изврши одредено кривично дело.

Значи, првиот теоретски пристап, криминологијата го има во објавувањето на идеите на италијанскиот правник Чезаре Бекарија (1738-1794), кој ги поставил темелите на кривичните науки. Според идеите на овој автор, формирана е класичната школа, која според импликациите кои ги има во областа во која се занимава може да се нарече и криминолошка. Таа има корени во времето на просветителството и се обидува да ги реформира кривичните закони кои биле неправедни и строги. Базирани на премисата дека човекот има слободна волја, класичната школа сугерира дека криминалот е рационален избор на сторителот кој калкулира со неговите добивки и загуби. Но, класичната школа повеќе се интересира за администрирањето на кривичната правда, наместо за општествените причини за криминалот. Оваа струја во криминологијата се нарекува класична.

Вистинската појава на криминологија е поврзана со Ломброзовото учење за злосторството како израз на посебна биолошка и психолошка конституција на човекот. Италијанскиот доктор Ломброзо (1835-1909) ја воведе широко застапената ориентација во криминологијата која се нарекува позитивистичка. Нејзината основна идеја е потребата за постојано истражување на причините на криминалитетот со употреба на научни методи. Во рамките на овој правец се јавуваат антрополошките, психолошките, биолошките и социолошките теории (теоријата на социјална средина, теоријата на аномија, теоријата на социјална дезорганизација).

Покрај претходно наведените правци (класичната и позитивистичката), во рамките на криминологијата се отвора и трета ориентација - нова криминологија или криминологија на општествената реакција. Таа се концентрира на прашањата: зошто општеството санкционира одредени однесувања?, како се врши селекција на делата и на нивните сторители? и како системот и јавноста реагираат на криминалот? Овој правец го менува пристапот кон криминалот и кон неговата контрола. Затоа се вика „нова криминологија", која има малку допирни точки со старата традиционална криминологија (Игњатовиќ, 2008: 91). Дел од нејзините теории се групирани под називот критичка криминологија (во кои спаѓаат конфликтните, радикалните и феминистичките теории).

Имајќи го предвид претходно наведеното, сите три правци (струи или ориентации) во рамките на криминологијата имаат свои специфичности и основни тези поврзани со сторителот, со неговата криминалност, со општествените фактори и со тоа како општеството реагира на криминалните и на девијантните однесувања. Тие правци, всушност ги диктираат и основните пристапи при криминолошките истражувања.

## 2.1 Позитивистички пристап при криминолошките истражувања

Поделбата на позитивистички и критички пристап во криминологијата (или позитивистичка и критичка криминологија) се прави врз основа на пристапот кој се користи при истражувањето и разбирањето на криминалот како основен предмет на криминологијата. Во суштина, развојот на криминологијата започнува со позитивизмот, пристап во општествените науки што се карактеризира со научно објаснување на појавите, такви какви што постојат во општествениот свет.

Трите основни постулати на позитивистичките теории се:

**(1)** мерење, односно квантификација на појавите. При истражување и анализа на криминалот се применуваат доминантно квантитативни методи

**(2)** објективност, односно неутралност. Според позитивистите постои објективна вистина која може да се открие и осознае преку истражување со примена на научни методи. Светот таков каков што е не се доведува под знак прашање. Исто така, криминалот го разбираат и истражуваат, така како што е правно дефиниран, без да се доведува во прашање правната дефиниција.

**(3)** каузалност, односно детерминираност. Основата на позитивизмот е дека постои определена детерминираност и каузален однос меѓу појавите (криминалот и неговите причини) кои можат да се откријат. Поради таквиот каузален однос, при истражувањата се тестираат одредени хипотези за поврзаноста меѓу две појави (процеси, феномени), односно меѓу причината како независна варијабла (на пример, дисфункционално семејство) и последицата како зависна варијабла (на пример, криминалното однесување на член од таквото семејство) (Cardarelli P. Albert & Hicks C. Stephen, 1993).

Значи, позитивистичката криминологија се интересира за непосредните причини поврзани со криминалното однесување на сторителот. Нив ги бара во личноста на сторителот или во одредени објективни фактори поврзани со неговата потесна или пошироко социјална средина (семејство, пријатели, заедница, училиште). Оттука, криминалот е резултат на индивидуална патологија на сторителот или на други непосредни и блиски објективни причини. Наведените фактори сака да ги истражи со помош на научни методи, преку испитување на сторителите, нивните семејства и другите фактори поврзани со нив. За таа цел, најчесто се применуваат квантитативни методи и се испитува поврзаноста на предвидените фактори со помош на одредени методолошки постапки. Тоа значи дека поставуваат каузален однос меѓу сторителот и факторите. Ваквиот пристап докажува дека позитивизмот е потврда за детерминирачката природа на криминалот и на девијантноста. Поради ваквиот теоретски и методолошки пристап, позитивистите прават разлики меѓу престапниците и непрестапниците, кои ги мерат и објаснуваат според низа карактеристики (Taylor, Walton & Young, 1973). Поточно, речиси, секое школо на позитивистичката криминологија прави разлика меѓу т.н. конвенционален човек и т.н. криминален човек. Притоа, се обидува разликите да ги истакнува и докажува со помош на научни методи. Тоа значи, дека позитивистите воопшто не ги интересира како општеството и казненоправниот систем реагираат на криминалот и на криминалното однесување и дали воопшто тие реакции имаат одредено влијание врз однесувањето на поединците и на сторителите. Тие не ја проблематизираат таквата реакција, ниту поставуваат прашање дали е праведна или неправедна, лоша или добра.

Во таа смисла, позитивистите го одвојуваат истражувањето за криминалот од теоријата за државата и за нејзиното функционирање. Улогата на институциите не се земаат предвид при истражувањето на криминалното однесување. Се претпоставува дека државата, институциите, правото и доминантните културни вредности и норми постојат и функционираат за да го корегираат (реформираат) сторителот и за да ги отстранат негативните фактори. Затоа, процесите на донесување на законите и на нивното спроведување се гледаат како неважни, односно се тргнува од претпоставката дека се законски и легитимни. Покрај наведеното, се игнорира и перцепцијата на самиот сторител за неговата маргинализација и исклучување од

општеството. Поради таквиот пристап, на позитивизмот му недостига *длабочина и широчина* при објаснувањето на криминалот.

Позитивизмот во криминолошката наука почнува да се развива уште со биолошките истражувања на антрополошката школа за роден злосторник, а продолжува да се развива и во психолошките теории. Основата е да се утврди кои лични карактеристики влијаат врз извршување на кривичните дела и кои методи на третман треба да се применат за поправање на девијантното и делинквентно однесување на поединците. Позитивизмот, исто така се препознава и во истражувањата на картографската школа на Гери и Кетле во Франција, кои со примена на статистички методи за просторната дистрибуција на криминалот се обидуваат да ги откријат факторите кои влијаат врз таа дистрибуција. Дел од позитивистичките теории се и теоријата на социјална дезорганизација, теоријата на аномија, теоријата на притисок, како и теоријата на учење и социјална диференцијација. Оттука, најголемата претпоставка на позитивистичката криминологија е приматот врз криминалниот актер (сторителот), наместо на казненото право. Тој претставува појдовна точка при објаснувањето на причините на криминалот.

### 2.1.1 Криза на традиционалната криминологија и на позитивизмот и развој на новиот критички пристап во рамките на криминологија

Општествените промени што се случуваат во секое општество влијаат и врз развојот на науките, па така и на криминологијата. Тоа значи дека криминолозите се под влијание на доминантниот општествен контекст. На пример, растот на државата на благосостојба во повоената ера (во 50-тите и 60-тите години) во голем број држави во светот се карактеризираше со инклузија, поголема вработеност и поголем просперитет за граѓаните. Но тоа, во доцните 60-ти и 70-ти години се замени со раст на индивидуализмот, со зголемена различност, плурализам, контроверзии, двосмисленост, дебати. Таквите случувања предизвикаа отпор и зголемување на криминалот.

*Што се случува во доцните 60-ти и 70-ти години?*

Во текот на 60-тите и 70-тите години од минатиот век се јавуваат социјалните (општествени) движења кои изразуваат целосна несогласност и разочарување во доминантниот општествен ред. 60-тите години се обележани со масовни демонстрации од жените, од припадниците на ЛГБТ заедницата (лезбејки, геј, бисексуалци и трансродови лица), како и со антивоени (мировни) движења. На пример, мировните протести, како дел од движењата за поголеми граѓански права, и контракултурата на хипи движењето го истакнуваат растечкото несогласување со конвенционалните правила. Исто така, се јавуваат повеќе затворски и расни протести низ Америка и Британија, сепаратистички кампањи, студентски активизам и други општествени движења по повод одредени владини скандали, полициската бруталност, војната во Виетнам (1965-1973), убивањето затвореници во некои затвори и слично. Значи, раздвижувањата во 60-тите и 70-тите години ја зголемија

јавната свест за зголеменото државно насилство, како и за нееднаквоста во рамките на казненоправниот систем (Visano, A. Livy, 1998). Покрај наведеното, тој период се карактеризира со неколку атентати (на пример, врз Џон Кенеди, Роберт Кенеди, Мартин Лутер Кинг), кои сè уште остануваат мистерија, бидејќи постојат одредени прашања во врска со нив кои сè уште немаат одговор. Тоа ја доведува во сомнение улогата на владата во утврдување на вистината, што отвора дополнителен сомнеж за нејзината вмешаност, како во извршување на одредени илегални акти, така и во криење на фактите и на вистината. Поради сето наведено и соочени со растечкиот број протести низ земјите, социолозите и криминолозите почнаа да стануваат длабоко недоверливи во моќта на владата и да прашуваат дали општеството е еднакво за сите, односно, која е улогата на државата и на нејзината апаратура во создавање на криминалот. Таквите отворени прашања поставуваат нова точка во развојот на криминологијата. Тоа доаѓа како резултат на фактот што социјалните промени и движења во 60-тите и 70-тите години предизвикаа промени и во светот на науката, односно се преиспитуваат основите врз кои се гради традиционалната криминологија. Притоа, се развива критички пристап спрема позитивизмот и недоверба во традиционалната криминологија (Visano, A. Livy, 1998).

Значи, во 70-тите години се јавува нов бран на мисли во рамките на криминологијата кој ги предизвика претходните перспективи и која ја изложи конвенционалната криминологија на суштински критики. Поради тоа, истакнати криминолози пишуваат за *криза на криминологијата.* На пример, Џон Мунци (John Muncie) во неговото дело *Decriminalizing criminology* (1999) пишува за крајот на традиционалната криминологија којашто, користејќи го научниот позитивизам, сè уште се обидува да ги објасни причините за криминалот. Тој, продирот на критичната научна мисла го поврзува со две иницијативи. Едната се однесува на проширувањето на правната дефиниција на кривичното дело, односно предметот на криминологијата да се прошири и кон глобалните општествени проблеми што предизвикуваат штета и страдање. Тие се расизмот, империјализмот, економската експлоатација. Втората се однесува на прашањето: кој го дефинира криминалот?, а одговорот треба да се бара кај доминантната структура на власт. Мунци (1999), исто така, смета дека криминологијата, доколку се ограничи на прашањата за причините на криминалот и за неговото намалување, тогаш станува *помошник на или дополнителен* дел од власта или, можеби, *советодавно тело* за развој на соодветна криминална политика. На тој начин, таквата криминологија им дава предност на интересите на актуелната политичка структура на власт, односно она што го истражува, анализира, дефинира и поставува како научно знаење служи на интересите на доминантната власт. Поради тоа, доколку сака да има независен академски кредибилитет и легитимитет, Мунци предлага криминологијата да ги раскине т.н. *институционални врски.*

Значи, основните забелешки на традиционалната криминологија се однесуваат на: (1) ограничувањето на доминантните дефиниции за

криминалот, (2) конструкцијата на официјалните статистики за криминалот, (3) запоставувањето на криминалот на моќните, односно на злоупотребата на власта и на (4) селективната природа на казненоправниот систем.

**Ограничување на доминантните дефиниции за криминалот.** Според кривичноправните дефиниции за криминалот, криминалните дејствија *се правно нормирани во кривичните, но и во други закони* во една држава, за кои е предвидена соодветна санкција. Тоа значи дека, потесното кривичноправно определување на криминалот се поистоветува со законската дефиниција за кривичното дело: *како противправно дело кое со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон*. Покрај кривичните дела, под криминал, во правна смисла, се подразбираат и другите казниви дела (прекршоци) за кои е определена санкција. Тие поведенија се општествено опасни, со различен степен на тежина и сериозност на последиците. Втората значајна карактеристика на кривичноправното определување на криминалот е што неговото дефинирање и нормирање се во надлежност на извршната и законодавната власт во една држава, што значи дека е во рацете на доминантната владејачка структура. Поради тоа, постои опасност од фаворизирање на едни, наспроти други поведенија, односно постои опасност да се заштитуваат интересите на оние што се на власт во одредено време и одреден простор. Третата значајна карактеристика се однесува на дефинираните граници за тоа што претставува криминал, со кои се отфрлаат други можни негативни поведенија како некриминални. Оттука, имајќи ги предвид ограничувањата на правните дефиниции, од една страна, и зависноста од моќните структури на власт при определувањето кои човекови поведенија ќе бидат дефинирани како криминални, од друга страна, кривичноправното објаснување не ги опфаќа сите облици на криминалот и не може суштински да ја објасни неговата природа. Затоа, се јавуваат социолошки дефиниции и објаснувања, кои, не само што го прошируваат предметот на криминологијата, туку се и неизбежно потребни за подобро разбирање и истражување на криминалот. Едно од социолошките објаснувања е дека криминалот претставува повреда на дефинираните политички слободи и права. Или, криминал претставува и одредено однесување со кое се кршат основните човекови права, како што се правото на пристојна исхрана и сместување, правото на основни здравствени услуги и слично. Исто така, критички настроените криминолози аргументираат дека криминалот е релативен, што значи дека дефиницијата на криминалот се менува зависно од времето и просторот.

Покрај правната нормираност на криминалот, се критикува и објаснувањето дека тој претставува резултат на индивидуална патологија на сторителот и на поблиските објективни фактори поврзани со неговата потесна социјална средина. Напротив, криминалот не претставува објективен факт, туку е конструиран преку моќните односи во општеството.

Значи, според критички настроените криминолози, поради неуспехот на класичната позитивистичка криминологија да одговори на основните

прашања што ги поставува, односно дали доминантните дефиниции на криминалот ги опфаќаат и вистинските закани за безбедноста на луѓето и на општеството, таа треба да се *декриминализира*. **Конструкција на официјалните статистики за криминалот.** Постои скептицизам за точноста на официјалните статистики за криминалот, бидејќи тие можат да водат како до потценување, така и до претерување за бројката за криминалот. Во таа насока, често се поставуваат прашањата: дали зголемувањето или намалувањето на официјалните статистики се навистина резултат на зголемен криминал или последица на специфична полициска активност? На пример, зголемениот малолетнички криминал во одреден период може да нема конкретна поврзаност со зголемување на криминалното однесување на младите, односно со зголемен број извршени кривични дела. Зголемувањето може да биде израз на промени во законите за малолетничка правда, или на засилено полициско внимание кон одредени групи деца поради одредена медиумска или политичка кампања и слично (Watts, Bessant, & Hil, 2008: 124). Или, на пример, зголемениот криминал на одредени малцински или етнички групи во едно општество, исто така, може да биде резултат на засилен полициски надзор и контрола спрема тие категории граѓани. Имено, според критички настроените криминолози, одредени категории граѓани, поради нивната раса, класа, етничко потекло и други карактеристики, почесто се забележуваат, гонат, апсат и, со тоа, и процесираат од страна на казненоправниот систем. А неговите статистики (полициски, обвинителски и судски) за криминалот претставуваат единствен официјален извор за неговиот обем и движење. Оттука, а имајќи предвид дека полициските статистики за криминалот се производ на полициски практики за негово регистрирање, сè повеќе меѓу научните работници постои став дека не е можно да се даде објективна и точна слика за актуелната состојба со криминалот во едно општество (Watts, Bessant & Hil, 2008). Проблемите се поврзани, како со концептите и категориите на криминал кои произлегуваат од официјалните статистики, така и со полициските практики во собирањето на податоците за криминалот. Дури, дали има повеќе или помалку криминал, не е повеќе прашање кое треба да се одговори. Круцијалното прашање е: *зошто општествата и нивните институции известуваат за криминалот кој истиот го создаваат?* Всушност, како легитимитетот на казненоправниот систем, така и кредибилитетот на државата во објавување и прикажување на криминалот, не се прифаќаат веќе без задршка.

**Запоставување на криминалот на моќните.** Дел од забелешките се однесуваат и на тоа што криминалот на моќните се игнорира, девијантноста на средната класа се толерира, а традиционалната позитивистичка криминологија најмногу се фокусира на уличниот криминал. Покрај нив, традиционалната криминолошка теорија, во голем дел, ја наметна тезата дека криминалот е доминантно машки и активност на помладата работничка класа. Исто така, основната теза на новата криминологија е дека криминалот не е

маргинална, исклучителна појава, туку негативна појава која е широко распространета во општеството.

**Селективна природа на казненоправниот систем.** Казненоправниот систем се оценува како строг и неправеден, особено спрема сиромашните и членовите на малцинските и маргинализираните групи. Тоа значи дека функционирањето на казненото право е начин да се контролираат посиромашните (и членовите на малцинските групи) од страна на оние кои имаат моќ тоа да го прават. Моќните структури во општеството го користат правниот апарат за да го наметнат нивниот систем на морални вредности и стандарди за добро однесување врз целото општество и за да ја прошират дефиницијата на девијантните и криминалните однесувања. Сиромашните, според тоа, се претпоставува дека се почесто апсени и процесирани во цел да се спречи поширока непослушност од јавноста. Во таа смисла, во интерес на поголемо генерално застрашување, тие се предмет на зголемена контрола и обвинување. Значи се критикува казненоправниот систем како селективен и неефикасен, особено што тој систем се фокусира на работничката класа и на младите. Таквата селективност, всушност создава слика за криминалците како сиромашни или како дел од младата урбана сиромаштија (Vito F. Gennaro, Maahs R. Jeffrey & Holmes M. Ronald, 2006: 223).

## 3. ПОЈАВАТА НА КРИТИЧКИТЕ ПРИСТАПИ ВО КРИМИНОЛОГИЈАТА И РАЗВОЈОТ НА НОВАТА КРИМИНОЛОГИЈА

Појавата на критичката криминологија се поврзува со општественоисториските сили кои се јавуваат во 60 - тите години од минатиот век, посебно во Америка и во Велика Британија. На американскиот континент, три општествено-историски промени извршија значајно влијание врз растот на критичките мисли во општествените науки.

Прво, влијанието на војната во Виетнам (1965 – 1973) врз американското општество предизвика раширен цинизам и недоверба во улогата на владата и во нејзиниот кредибилитет и легитимитет при примена на законот. Значи, јавноста, во тој период сè повеќе покажува нескриен сомнеж, дури и во однос на државното прикажување на криминалот преку медиумите. Државата и нејзиниот апарат почнува полека да се гледа како структура која владее со помош на манипулација и присилба за наметнување на своите правила и за зачувување на веќе воспоставениот доминантен општествен ред (Cullen T. Francis & Agnew, 2006). Посебно, казненоправниот систем се гледа како систем кој го применува правото за одржување на власта, како и за зачувување и остварување на сопствените интереси. Значи, кривичното право и казненоправниот систем се гледаат како инструменти дизајнирани за контрола на една општествена класа врз друга.

Второ, растот на контракултурите во Америка во 60-тите години, особено хипи движењето изврши, исто така, силно влијание врз критичкиот пристап во криминологијата. Такви субкултурни движења прифаќаат други културни вредности и слогани како што се: „секс, дрога и рокенрол“, „мир и

љубов“, „се што ни треба е љубов“ и слично. Притоа, конзумирањето на марихуаната станува широко прифатено однесување со оправдување дека предизвикува задоволство, позитивни емоции и креативност.

Трето, значаен придонес има и појавата и растот на политичките протести и полициската злоупотреба што се применува за сузбивање на политичките противници и опозиционери. Во тој контекст, одредени судски случаи покажуваат дека одредени сторители се казнуваат, не толку поради криминалното однесување, колку поради нивните политички убедувања и верувања.

На европскиот континент, во Велика Британија, развојот на новите критички мисли се поврзува со дебатите и дискусиите на Националната конференција за девијантност во Британија (National Deviance Conference, (NDC) која започна да се организира во 1968 година. До 1973 година, на нивните научни средби, се јавиле преку 60 презентер(к)и кои, во тој период, издале преку 100 публикации за девијантноста и за социјалната контрола. Сите тие активности имаат значаен придонес за развојот на *новата криминологија.* Особено се истакнуваат младите радикални криминолози Тејлор, Валтон и Јанг (Ian Taylor, Paul Walton & Jock Young), кои во 1973 година ја пишуваат книгата *Нова криминологија (The New criminology for a social theory of deviance).* Тие аргументираат дека конвенционалната криминологија е политички и социјално конзервативна и дека политичкиот процес на дефинирање на криминалот треба да биде почетна точка на секоја критичка криминологија. Според нив, криминолозите треба да се одлучат кои вредности ќе ги штитат, бидејќи криминологијата, доколку не се залага за укинување на нееднаквоста и за рамномерна дистрибуција на богатството и моќта, станува *коректива*, што е предмет на критика (Watts, Bessant, & Hil, 2008: 71).

### 3.1. Критички пристап при криминолошките истражувања

Криминологијата како научна област се развива, односно се менува и проширува нејзиниот предмет на проучување. Се преиспитува нејзината ефикасност и придонес како наука во превенција на криминалот, се преиспитува методолошкиот пристап при проучување на криминалот, сознанијата и вистината до која доаѓа итн. Со други зборови, криминологијата, во еден период од нејзиниот развој, доживува криза и разочараност кај одредени теоретичари, особено во однос на тоа колку криминолошките теории придонеле за објаснување на криминалот и за изнаоѓање соодветни решенија.

Затоа, традиционалната или позитивистичка (се нарекува и конвенционална, ортодоксна, мејнстрим) криминологија се става под знак прашање и се нуди нова, критичка криминологија, сосема различна од претходната. Тие се разликуваат според *предметот и начинот на истражување, како и според тоа како го разбираат криминалот.* Во таа насока, критички настроените криминолози го проблематизираат знаењето,

фактите и вистината продуцирани од позитивизмот. Се проблематизира дефиницијата и бројките на криминалот, неговиот детерминизам и можноста причините да се истражуваат со помош на научни методи. Исто така, се става под знак прашање и објективната вистина, односно се отвораат дилемите: дали може да се дојде до објективно знаење со помош на научни методи и да се биде вредносно неутрален при истражување на криминалот? Точно е тоа дека криминалот не е статистика и не може да прикаже само како бројка, како и тоа дека криминално однесување не е само она однесување кое е законски дефинирано како такво. Криминалот е, пред сè, општествено и политички конструиран, заедно со процесите на криминализација, казнување и контрола (Vold B. George, Bernard J. Thomas, Snipes B. Jeffrey, 1998: 245).

Тоа значи дека, за да се разбере криминалот, неопходно е да се истражуваат:

- општествените, политичките, етничките, културните и другите надворешни влијанија, бидејќи тие го обликуваат криминалот.
- како класата, расата, етничката припадност и полот се поврзани со криминалот и со неговата контрола.
- како се создаваат и остваруваат структурните нееднаквости во општеството.
- како државата, медиумите и другите институции маргинализираат и криминализираат одредени групи, а исклучуваат други групи од тој процес.
- кои се потребите и што имаат да кажат маргинализираните и ранливите категории граѓани во општеството.

Оттука, критичкиот пристап воопшто не се занимава со поставување каузален однос меѓу појавите, со нивно броење и мерење. При овој пристап се применуваат квалитативни истражувања и методи (набљудување, интервју, квалитативна анализа на содржина и слично), бидејќи светот го истражуваат преку односот со другите процеси и појави, преку интерактивно дејствување или набљудување на појавите. Критички настроените криминолози сакаат да го откриваат (скриеното) значење на сликата, зборовите, информациите и да го проучуваат феноменот во нивното природно опкружување. За разлика од позитивистичкиот пристап, не се интересираат за сторителот, во смисла на истражување на неговите субјективни и објективни причини кои довеле до криминално однесување. Напротив, се интересираат за процесот на неговата криминализација, маргинализација, како и за тоа како општеството создава армија такви криминализирани и маргинализирани лица.

Исто така, значајно е да се истакне дека при истражувањето на општествената реакција и на казненоправниот систем, истражувачите не се вредносно неутрални, туку пристрасни и со однапред одредени ставови, вредности и судови кон набљудуваната појава. Тоа значи дека однапред имаат критички однос кон набљудуваните појави и процеси. На пример, кон одредена структура на власт, кон начинот на кој се спроведува моќта во општеството, кон капиталистичкиот начин на производство, како и кон

структурните и другите нееднаквости во општеството. За критички настроените криминолози, тие претставуваат корени за криминалот. Поради тоа, се залагаат за структурни промени, за намалување на нееднаквоста, за рамномерна дистрибуција на моќта и на богатството во општеството, како и за одбрана на граѓанското општество, за социјална правда и за соодветна помош и поддршка на маргинализираните и другите ранливи групи (Shchwartz D. Martin & Brownstein H. Henry, 2016: 301).

Покрај тоа, критички настроените криминолози се на ставот дека она за што ние теоретизираме, дебатираме и истражуваме е блиску до нас, односно дека истражувањето и теоретизирањето е видлива рефлексија на нашата субјективност. Тоа значи дека ние светот го гледаме преку наши леќи и перспективи, кои се обликувани од нашата локација, култура, идентитет. Вредносниот систем на истражувачот влијае врз истражувачкиот процес. На пример, познатиот американски социолог Ховард Бекер во неговиот труд *На која страна сме (whose side are we on, 1967),* аргументира дека истражувачот треба да биде на страната на опресираните, маргинализираните, обесправените, и поради тоа истражувачот не може да биде вредносно неутрален.

## 3.2. Основите на критичкиот пристап во рамките на криминологијата

Критичките теории (или одредени автори ги именуваат како нова криминологија) вклучуваат посебни групи теории, кои се на конфликтни теории, радикална криминологија и феминистичка криминологија. Во рамките на тие групи, се препознаваат повеќе теории или теоретски перспективи. Но, и покрај нивната различност, одредени теми се заеднички за нив. Тие се:

*Нееднаквоста и моќта како централни концепти.* Моќта може да се базира на општествена класа, раса, пол или на други фактори. Тие, кои ја имаат моќта, можат да го контролираат законот и функционирањето на казненоправниот систем. Поради тоа, концептите за нееднаквост и моќ во општеството се интегрални за секое разбирање на криминалот и на неговата контрола.

*Криминалот како политички концепт.* Криминалот е политички, а не вредносно неутрален концепт. Според критичката криминологија, *што е или што не е криминално* е рефлексија на моќните структури во општеството. Тоа значи дека законот не е објективен, бидејќи голем број дела кои се извршени од страна на оние кои имаат моќ не се сметаат за криминални.

*Казненоправниот систем служи на интересите на тие кои се на власт.* Казненоправниот систем ги таргетира оние на кои им недостасува моќ и го игнорира криминалот на моќните (или злоупотребата на власта) (Schwartz D. Martin & Brownstein H. Henry, 2016).

Имајќи го предвид наведеното, истражувањето за криминалот и за девијантноста содржи истражување за акцијата и за реакцијата. Тие се неделиви и влијаат едни врз други, што значи дека секоја теорија би требало да го објасни целиот процес на настанување на девијантното и криминалното

однесување. Во тоа објаснување, критичката криминологија има тенденција да ги открие скриените функции на кривичното право и неговото функционирање. А за да се открие тоа, не може да се анализираат статистиките за криминалот, или да се опишат само неговите надворешни манифестни појави. За да се разбере и објасни криминалот треба да се анализира она што е „под“ манифестното, скриено, длабоко навлезено во одредени институции. Затоа критичката криминологија толку предизвикува, затоа што трага во длабоките структурни односи и нееднаквости во општеството. И таа има значајно влијание врз нашето мислење за криминалот и општеството.

Критичките теории се јавуваат во седумдесетите години на минатиот век, како критика, револт поради неуспехот на казнено-правните системи да го намалат криминалитетот, од една страна, но и поради неуспехот на постоечките криминолошки теории да ги објаснат неговите причини, од друга страна. Тие години се генерално години на радикален пристап во општествените науки, чија заедничка карактеристика е идеолошка, политичка и научна критика на правниот и на економскиот систем во современите капиталистички земји. Оттука, критичките криминолози го изучуваат криминалитетот како дел од севкупните општествено-економски услови, а посебно неговата условеност од материјалната основа на едно општество и од неговиот правен систем. Според нив, криминалното однесување е конструкција на власта, а кривичното право е инструмент на владеачката класа за да го одржи постоечкиот општествен и економски ред (Bernard J. Thomas, 1981). Критичката теорија покрива широк опсег на теоретски перспективи, но, заедничко за нив е што примарните причини или потеклото на криминалното однесување го лоцираат во економската структура на општеството и во нееднаквостите во класниот систем. Затоа, решавање на општествените проблеми треба да биде суштински чекор, заедно со другите структурни и културни промени во општеството, кои треба да промовираат социјална правда (Vito F. Gennaro, Maahs R. Jeffrey & Holmes M. Ronald, 2006).

## 4. ЗАКЛУЧОК

Позитивистичките и критичките пристапи во криминолошките истражувања покажуваат дека има различни и често спротивставени начини за истражување и разбирање на појавите. Тоа значи дека меѓу криминолозите нема консензус за еден начин на осознавање на вистината, ниту пак има согласност за тоа дали да се биде на нечија страна во рамките на истражувањето или да се биде вредносно неутрален. Всушност, осознавањето и сведочењето за општествената реалност е секогаш предмет на борба и натпревар (Currie, 2007). Но, во тоа се состои и убавината на криминологијата како теоретска и како емпириска наука, што е секогаш отворена за дебата. Оттука, таа се нарекува и област или место каде што се сретнуваат повеќе

идеи, ставови и вредности поврзани со криминалот (*Criminology is rendezvous subject* (Downes, 2005).

## 5. БИБЛИОГРАФИЈА


1. Becker S. Howard (1967). "Whose side are we on", *Social Provlems,* Vol. 14.3, 239 – 247.
2. Bernard J. Thomas (1981). Distinction between Conflict and Radical Criminology, *The Journal of criminal law and criminology,* Vo. 72, N. 1, 362-379
3. Cardarelli P. Albert & Hicks C. Stephen (1993). Radicalism in law and criminology: a retrospective view of critical legal studies and radical criminology, Vo. 84, N. 3, 502 – 553
4. Cullen T. Francis & Agnew, R. (2006). *Criminological Theory Past to Present, essential Readings*, Roxbury Publishing Company (3-rd edition)
5. Downes, D. (2005). "Back to the future: the predictive value of social theories of delinquency", in Holdway, S. & Rock, P. (eds.) *Thinking about criminology*, UCL Press, 73-87.
6. Ignjatovic, Dj (2008). *Kriminologija,* Pravni Fakultet Universiteta u Beogradu.
7. Ignjatovic, Dj (2009). *Teorije u kriminologiji*, Pravni Fakultet Universiteta u Beogradu.
8. Kramer C. Ronald (1984). Critical Criminology, Traditional Crime, and Public Policy, *The Journal of Sociology & Social Welfare*, Vol. 11/2, 252 – 293.
9. Marsh Ian et all (Melville, G. Morgan, K. Norris, G. & Walkinton, Z.) (2006). *Theories of crime,* Routledge Taylor and Francis group.
10. Muncie, J. (1999). "Decriminalising Criminology", *British Society of Criminology,*
11. Noaks, L. & Wincup, E. (2004). "Doing Research on Crime and Justice: A Political Endeavour?", in *Criminological Research,* London: SAGE, 19 – 35.
12. Sykes M. Gresham (1974). The Rise of critical criminology, *The Journal of criminal law and criminology,* Vo. 65, N. 2, 206-213
13. Schwartz D. Martin & Brownstein H. Henry (2016) Critical Criminology in The Handbook of Criminological Theory (Piquero R. Alex ed.) Wiley Blackwell, 301 - 317
14. Taylor, I. Walton, P. & Young, J. (1973). *The New criminology for a social theory of deviance*, Routledge, London and New York
15. Visano, A. Livy (1998) *Crime and culture: Refining the Traditions*, Canadian Scholars Press Inc.

16. Vito F. Gennaro, Maahs R. Jeffrey & Holmes M. Ronald (2006). *Criminology Theory, Research and Policy*, second edition, Jones and Bartlett Publishers.
17. Vold B. George, Bernard J. Thomas, Snipes B. Jeffrey (1998) *Theoretical Criminology,* forth edition, Oxford University Press.
18. Walklate, S. (2007). *Understanding criminology Current theoretical debates* (3rd edition), Open University Press
19. Watts, R., Bessant, J. & Hil, R. (2008) *International Criminology A Critical introduction*, Routledge

# ФИНАНСИСКИТЕ ИСТРАГИ И КОНФИСКАЦИЈАТА НА ИМОТ КАЈ ЕКОНОМСКО – ФИНАНСИСКИОТ КРИМИНАЛИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***проф. д-р Светлана Николоска***
*Факултет за безбедност – Скопје*
*svetlana.nikoloska@uklo.edu.mk*
***м-р Маријана Јаковлеска***
*marijana.blazevska@hotmail.com*

**Апстракт**

Појавните облици и форми на економско – финансиски криминалитет низ историјата ги менувал своите облици преку прилагодување на сторителите на општествено – економските и правни односи, но она што е заедничко низ историјата е тоа дека сторителите секогаш ја злоупотребуваат довербата и ја користат општествената моќ и влијание, тргуваат со влијание со единствена криминална цел – стекнување на богатства. Откривањето, расветлувањето и обезбедувањето на докази за извршени економско – финанссики кривични дела и докази за видот и висината на криминално стекнатиот имот и други приноси од казниво дело е поврзано и со водење на финансиска истрага како дел од криминалистичката истрага со цел пронаоѓање, обезбедување и овозможување на нивна конфискација. Република Македонија ги прифати препораките од меѓународните правни акти во однос на реформирање на законодавството и овозможување на гонење на сторителите на организираниот криминал, каде криминалот со злоупотреба на довербата или корупцискиот криминал доминира, се донесени законски решенија со мерки и дејствија за водење на финансиска истрага како паралелна или дел од криминалистичката истрага и мерки за конфискација на криминално стекнатите приноси. Предмет на трудот е проучување се појавните облици на економско – финансиски криминалитет во Република Македонија; основите на финансиската истрага и проучување на правните аспекти на конфискација на имот и приноси од казниво дело и се презентираат податоци за конфискација на имот во некои од покарактеристичните случаи на реализирана конфискација со цел извлекување и давање на препораки за зајакнување на капацитетите и ефикасност во сузбивањето, но и афирмирање на финансиската истрага во функција на конфискација и праќање на превентивна порака до сторителите дека економско – финансикиот криминал може да се открие и дека со финансиска истрага се утврдува незаконски стекнат имот кој подлежи на конфискација.

***Клучни зборови***: економско – финансиски криминалитет, злоупотреба на довербата, финансиска истрага, конфискација на имот, превенција.

**ВОВЕД**

Со осамостојувањето на Република Македонија, „посебно со промената на општествено – економското уредување и воведување на пазарниот систем на стопанисување и брзата приватизација на општествениот криминал се создадоа услови за појава и експанзија на криминал со елементи на „бели јаки“ кој се манифестира преку злоупотреба на државните ресурси и државните пари, посебно преку јавните набавки и злоупотребата на овластувањата и користењето на тргување со влијание при што значајна улога имаат одредени општествени и државни структури“.

Економско – финансискиот криминалитет во најголем број на случаи е организиран, но во криминални ситуации на криминал со други облици на делување како што се недозволена трговија со дрога, недозволена трговија со оружје, проституција, рекетарство, покрај основниот криминал во криминалните ситуации се инволвирани и службени лица кои го овозможуваа, олеснуваат и помагаат криминалното делување со вршење на корумптивен или службенички криминал, кој им овозможува стекнување на противправна имотна корист. Овој криминалитет има широка лепеза на криминални појавни облици и форми, но секогаш мотивот на сторителите е имотен, а начинот на извршување е поврзан со професионалните и стручни искуства на сторителите, со делокругот на службени овластувања, со можностите за делување со „тргување на влијание“ кое може да биде политичко влијание или други облици на влијание познати како непотизам, кронизам и сл.

Сторителите криминално делуваат самостојно, но тие случаи и не се толку опасни, освен ако криминалното делување не се прави долг временски период. Пример: лекар, долг временски период бара и прима финансиски средства (примање поткуп) од пациентите за лекарски услуги и на тој начин се збогатува и поседува богатства кои на легален начин начин со сите примања во семејството не би можел да ги стекне. Тој делува самостојно подолг временски период. Никој од пациентите (жртви не го пријавува), големиот дел се и задоволни пациенти. Но, вакви случаи може и да имаат и организиран карактер каде покрај лекар се инволвирани и други лекари, анестезиолози, медицински сестри, дури и хигиеничарки кои имаат криминална улога на посредување и примање на финансиските средства. Но, ова е само еден сегмент од општественото живеење каде може да се појави организиран економско – финансиски криминал со елементи на корупција. Најопасни се случаите со злоупотреба на јавните финансиски средства преку злоупотреби при јавните набавки каде се вртат огромни финансиски средства, а криминалот не е видлив. Карактеристика на овој криминал е што не е видлив, но е воочлив, а го воочуваат граѓаните, но дали, како го воочуваат и процесуираат органие на прогон е условено од нивната стручност, професионалност и тимскиот пристап во постапувањето.

Економско – финансискиот криминалитет низ историјата, односно неговите први појавни облици биле наречени криминал на „бели јаки“, а при дефинирањето на овој поим се наведени неколку појавни облици на

криминално делување. Со развојот на општествата овој криминал делумно се менувал, но неговите криминалистички карактеристики се слични, а слични се и напорите на Државите или системите за изнаоѓање на законски и институционални решенија за сузбивање на овој криминалитет како сериозна опасност за развој на општествата, од аспект на владеење на правото и почитувањето на правата на граѓаните. Забележани се сериозни чекори за санкционирање на сторителите од првите зачетоци со носење на првите закони со кои за сторителите покрај затворски казни се предвидени и мерки на одземање на криминално стекнатиот имот. И тогаш и денес се предвидува согласно закон одземање, односно конфискација на криминално стекнат имот и други прноси, но секогаш проблем на органите на прогон и судството претставувало утврдување на видот и висината на криминално стекнатиот имот, посебно ако постои генерирање или преобразба од еден вид на имот или сопственост во друг или пренесување на други лица или во странство.

Република Македонија изминативе години интензивно ги редефинираше законите во согласност со препораките од меѓународната заедница – Конвенции, Декларации и сл. и со тоа овозможи да има правна и институционална рамка за сузбивање на економско – финансискиот криминал, но и на другите облици на поединечен или организиран криминал со предвидување на систем на мерки и дејствија во постапка на криминалистичко и финансиско истражување  да се обезбедат докази за сторени кривични дела, докази за инволвираност и одговорност на сторители на тие кривични дела, но и утврдување на кривична одговорност на други инволвирани лица кои го помагале и потикнувале првостепениот криминал и овозможување на легализација на криминалните приноси и имот како второстепен криминал или перење пари. Македонскиот законодавец ја реафирмира мерката на конфискација на имот и други приноси од казниво дело, предвидува начини на постапување и примена на методи за следење на финансиски трансакции, движење на сопственост на имот се со цел овозможување на негова конфискација. На тој начин се создадени услови да против сторителите на економско-финансискиот криминал се водат криминалистичка и финансиска истрага со цел обезбедување на релевантни докази за успешно водење на кривичната постапка и изрекување на законски санкции (казна затвор и парична казна) и изрекување на мерка конфискација на имот.

## 1. Поим и појавни облици на економско – финансиски криминалитет

Во правната, криминолошката и криминалистичката литература се среќаваат голем број на дефиниции за поимот на економско – финансиски криминалитет, но се среќаваати различни термини, но појавните облици кои се опфатени со сите термини се слични, со одредени разлики од аспектите на проучување.  Всушност, се среќаваат три гледишта во однос на толкувањето на економско – финансискиот криминалитет и тоа:

- Причините и условите кои му погодуваат на овој криминалитет;

- Мотивите и својствата на сторителите;
- Појавните облици и форми,
- Методите, мерките и и дејствијата во процесот на откривање, расветлување и докажување.

**Првото гледиште** се однесува на економско - финансискиот криминалитет како на казниви дела **кај кои главниот мотив на сторителот е финансиската добивка, а тоа е с**екое казниво дело со кое едно или повеќе лица на незаконит начин имаат намера да се здобијат со финансиска добивка, на пример: злоупотреба на службената положба и овластување, нелегална трговија и нелегалното производство, непочитувањето на законските прописи, даночна евазија, компјутерски криминалитет, злоупотреби на социјална помош. (Fagan & Freeman, 1999). **Второто гледиште** се фокусира на казнивите дела кои на сторителот **успешно му обезбедуваат финансиска добивка, каде т**ипични жртви се индивидуи, групи или организации, но и пошироки групи кои може да бидат индиректно погодени од овие казниви дела, како што е случај кога со казнивото дело се урива или се нарушува комерцијалната ефикасност на нормативните бизнис практики, а негативните консеквенции се прошируваат и врз лица за кои првично не било наменето трпењето штета од казнивото дело (на пример, во случај на компјутерско хакирање, инсајдерско тргување при берзански трансакции). (Chamlin & Kennedy, 1991). **Според третото гледиште кој го застапува** Гери Бекер (GaryBecker) во шеесеттите години од минатиот век е дека процесите што водат до криминално однесување се исти како оние што ги водат купувачите на пазар. Според него, луѓето бираат да вршат казниви дела, користејќи ги истите анализите на чинење – корист (costbenefit) што се користат во секојдневното деловно работење: одлуката да се стори казниво дело е резултат на нормална, рационална калкулација заснована на проценка на добивање корист на легален начин со користа што ќе се стекне со вршење на казниви дела. Ова гледиште го проучува и Груевска – Дракулевски А. од аспект на рецидивизмот кај економскиот криминалитет.(Груевска – Дракулевски, 2008). Како заклучок може да се извлече е тоа дека сите три гледишта ја анализираат целта на сторителите на криминалот, стекнување на финансиска корист без оглед на начините на извршување, примена на средства на извршување. Целта е стекнување на финансиска корист, а каков криминал ќе се врши за остварување на криминалната цел е во зависност од можностите, околностите, организираноста, стручните знаења на криминалците кои делуваат како индивидуи, помали или поголеми групи на национално или меѓународно ниво.

Дефинирањето на поимот на економско - финансискиот криминалитет треба да ги содржи битните елементи според кои овој вид криминално однесување го издвојува од останатите класични облици на криминал. Така, економско – финансискиот криминалитет е ненасилен криминал кој го вршат лица со легитимни својства или криминал поврзан со тие лица кој е насочен кон остварување на противправна имотна корист, а како манифестни облици

на криминално однесување се злоупотребите, малверзациите, измамите, лажното претставување или фалсификувањето. Воглавно, сите инкриминации предвидени со материјалното законодавство во своите битија ги содржат наведените елементи со посебно истакнувањето на својствата на извршителите кои најчесто се во улога на службени лица, одговорни лица, странски службени и одговорни лица или лица кои вршат работи од јавен интерес. Како најсеопфатна дефиниција, заснована на теоретските и научни истражувања, би била следната: ***„Економско – финансискиот криминалитет е ненасилен криминалитет кој се врши во рамките на правно – економските и финансиските односи каде сторителите, злоупотребувајќи ги своите својства (професионални и стручни), својата функција и овластувањата кои произлегуваат од неа, статусот и моќта криминално дејствуваат (активно и пасивно) со непочитување на законските прописи, судир на интереси или пропуштање на должниот надзор и контрола и со измамнички однесувања и елементи на фалсификувања се стекнуваат со противправна имотна корист за себе или за други лица (правни или физички), но во криминалната реализација се служат и со „тргување со влијание“ со цел да не бидат откриени и санкционирани, но и да ги „засолнат криминално стекнатите приноси“ од дофатот на силите на правдата во национални и во меѓународни рамки. (Николоска, 2013)***

Наведената дефиниција на економско – финансискиот криминалитет ги содржи елементите на дефинираност на криминалот на „бели јаки“. За првпат криминалот поврзан со злоупотреба на довербата и со трговија на влијание е анализирани и опфатен со терминот на криминалитет на *бели јаки*, односно *white – collarcrime* од страна на Претседателот на Американското социолошко здружение Едвин Сатерленд (EdwinSutherland), кој во своето обраќање во Здружението во 1939 година ја потенцира опасноста од овој криминал кој се манифестира во малверзации при купопродажбата на разни акции, лажно рекламирање на стоки, лажно прикривање на финансиската состојба, и работење на поединечни корпорации, подмитување на деловните партнери, непосредно или посредно подмитување на државните службеници, а со цел да се осигура поволен деловен аранжман, проневера, ненаменско трошење на средства, даночни затајувања и сл. Ова е првата дефиниција за криминалот на „бели јаки“ која покасно Сатерленд ја крати со една општа формулација дека тоа е „криминал кој во рамките на својата професионална активност, го вршат лица со висок општествен углед“. (Бановић, 2002).

## 1.1. Појавни облици и обем на економско – финансиски криминалитет во Република Македонија

Структурата на економско – финансискиот криминалитет се голем број на кривични дела предвидени со Кривичниот законик на Република Македонија и тоа: дел од кривичните дела против изборите и гласањето (Глава 16); кривичните дела против работните односи (Глава 17), кривичните

дела против здравјето на луѓето (Глава 21), дел од кривичните дела против животната средина и природата (Глава 22), дел од кривичните дела проти имотот (Глава 23), кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството (Глава 26), кривичните дела против службената должност (Глава 30), дел од кривичните дела против правосудството (Глава 31), дел од кривичните дела против правниот сообраќај (Глава 32) и дел од кривичните дела против јавниот ред (Глава 33). Со воведувањето на одговорноста за правните лица уште неколку деликти се систематизирани и како економски деликти, пред сè, поради начинот и средствата на извршување и доказите кои треба да се обезбедат, со цел расветлување на делото и докажување во чие име и за чија сметка е криминалниот напад. Од наведените кривични дела органите на прогон во најголем број процесуирале случаи за кривична одговорност за кривичните дела против службената должност од Глава 30 и Кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството од Глава 26. Податоците се прибирани за повеќе периоди на истражување од 1991 година до 2016, а состојбата се следи во континуитет посебно завршниците на процесуираните случаи, односно колкав е процентот на осуденост и изречени мерки на конфискација на имот. (Кривичен законик на РМ) Според истражувањата на Џуклески и Николоска (Џуклески и Николоска, 2008) за периодот од 1997 до 2006 година, од вкупниот број на пријавени сторители за економско – финансиски кривични дела 48,5% се за кривичните дела против службената должност, 40,2% се за кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, останатите 11,3 % се други економско – финансиски кривични дела. Според друго истражување (Арнаудовски, Нанев и Николоска, 2009) за периодот 1995 – 2007 година само за пријавени сторители за економско – финансиски кривични дела од двете претходно наведени Глави, анализата на податоците покажува дека пријавени полнолетни сторители на кривични дела против службената должност се 62,04%, а 37,94% се пријавени сторители за кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството.

Правени се истражувања и за период 2007 – 2013, каде според анализите на податоците структурно се менуваат пријавените сторители и тоа од вкупниот број на пријавени сторители 48,5% се за кривични дела против службената должност, 27,3% се за кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, 9,5% се за кривични дела против животната средина, 4,9% се за кривични дела против јавниот ред, 3,5% се за кривични дела против правниот сообраќај, 2,8% се за кривични дела против работните односи, 1,8% се за кривични дела против правосудството, 1,5% се за кривични дела против имотот, 0,7% се за кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот. (Николоска, 2015).

Во однос на осуденоста се движи од 12, 7 % во првиот истражуван период 1997 – 2006, до 28,9 % за период 2007 – 2013 година, осуденост само за кривични дела против службена должност за период 2010 – 2014 година е 19,04 %. (Nikoloska & Angeleski, 2016)

Ефикасноста на правосудните органи е зголемена во однос на осудување на сторителите на економско – финансиски кривични дела, но колку и дали се изрекува мерката конфискација на имот, е проблем кој се проучува од воведувањето на оваа мерка во 2004 година, но и со воведувањето на проширената конфискација во 2009 година, а се применува од март 2010 година. Според истражувањата на Николоска за период 2010 – 2014 за конфискација на имот е 2,2 % од штетите за кои се поднесени кривични пријави против сторителите. (Nikoloska & Angeleski, 2016)

Анализата на состојбите со економско – финансискиот криминалитет укажува на ситуација дека органите на прогон откриваат, расветлуваат и обезбедуваат докази за сторени економско – финанссики кривични дела, но дали доказите имаат квалитет за носење на правосилни судски одлуки со кои на сторителите покрај основната казна затвор или парична казна судовите ќе им изречат и мерка конфискација на имот.

Долгогодишната практика на органите на прогон само откривање на кривичните дела и обезбедување на докази за сторено кривично дело преку криминалистичко истражување кај овој криминал не е доволно, вниманието треба да се насочи кон видот и висината на стекнатата противправна имотна корист од причина што во одредени криминални ситуации судот преку оценка на доказите за сторени кривични дела не може да утврди криминал, но ако се направи анализа на богатствата со кои располага осомничениот и се направи истрага за начинот на стекнување на истите се отвара можноста за утврдување на законски или незаконски начин на збогатување, посебно кога се работи за осомничени лица носители на јавни функции од редот на сторители на криминал на „бели јаки“. Токму поради тоа во македонското казнено материјално законодавство се воведени кривични дела од Глава 30,

Противправно стекнување и прикривање имот по член 359 – а и Прикривање на потеклото на несразмерно стекнат имот по член 359 – б. (Сл. весни на РМ. бр. 114/09), основите за сомневање се доволни за преземање на мерки и дејствија на надлежните органи на прогон за спроведување на финансиска истрага. Но, правен основ за поведување на финансиска истрага во рамките на криминалистичката истрага произлегува и од Законот за кривична постапка (Сл. весни на РМ. бр. 150/10) ако при увид во деловни објекти и деловна документација овластените криминалистички службеници врз основа на документи констатираат дека за целосното расветлување на криминалниот случај е потребна финансиска истрага и истата се иницира веднаш во соработка со Управата за финансиско разузнавање. Со законот за кривична постапка се предвидува и истражна мерка „**Постапување со податоци кои се банкарска тајна, имот во банкарски сеф, следење на платен промет и трансакции на сметки и привремено запирање на извршување определени финансиски трансакции**“.

## 2. ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ

Финансиските истраги се еден од најзначајните сегменти во стратегијата за спротивставување на имотно мотивираниот криминалитет, посебно, организираниот, со оглед дека се овозможува идентификување на „трагите“, на незаконско стекнатите пари и нивното следење, односно лоцирање. (Bošković & Marinković, 2010) Затоа, следењето и фокусирањето врз приносите од криминалните дејства на сторителите на кој било облик на одделен криминален акт или дело на организиран криминал треба да биде главна задача на силите за спроведување на законот (органите на прогонот), преку финансиските истраги да го идентификуваат, обезбедат и овозможат конфискација криминално стекнатиот имот и други приноси. Неидентификувањето на криминалниот имот и другите приноси се „победа“ на криминалот и доволен мотив за сторителите да ја развиваат својата криминална активност и да стекнуваат богатства, кои во одредени случаи им служат за потребни „подмачкувања“ - корумпирање на места каде ќе „се заглави“ со криминалната реализација.

Финансиската истрага овозможува обезбедување на докази за текот на финансиските средства преку финансиски трансакции на осомничените, но и податоци за движењето на имотот и промената на сопственоста во периодот на истражување на криминалните активности на осомничените. Со финансиската истрага се потвдуваат сомневањата и обезбедените докази за сторени кривичнни дела, но се утврдуваат и други кривични дела кои не се поврзани со основните кривични дела, туку се поврзани само со криминал со елемнти на легализација на криминално стекнати приноси и имот како што е Перењето пари и други приноси од казниво дело и инволвираност на сторители во овој процес. Во одредени случаи финансиската истрага може да укаже и на постоење на нови кривични дела и проширување на криминалистичката истрага. Улогата на финансиската истрага е значајна како во делот за утврдување на видот и висината на криминално стекнатиот имот и другите приноси од казниво дело, така и на зацврстување на другите докази кои укажуваат на криминално делување со цел незаконско збогатување.

Целта на финансиската истрага е утврдување на одговорноста на сторителите, но и обезбедување на имотот и другите приноси и овозможување на нивна конфискација како мерка која е најзначајна во борбата против економско – финансискиот криминалитет; посебно на криминалитетот кој има карактер на организираност и интернационалност. Експанзијата на активностите на транснационалните криминални групи се повеќе придонесува за нараснување на потребата од заштита на легалните економии од навлегувањето на нелегалните криминални приноси. (Тасева, 2003) Следењето на сомнителните финансиски трансакции може да придонесе за добивање на информации за легализирање на нелегални финансиски приноси, а со тоа и преземање на мерки за обезбедување на сомнителните финансиски средства.

Финансиските истраги се постапки кои се спроведуваат паралелно со криминалистичката истрага и имаат за цел да се разоткријат приходите од

криминал, да се идентификува имотот кој може да се конфискува и привремено да се обезбеди (заплени) имотот на осомничениот, со цел да се овозможи идната конечна конфискација. Она што треба да се потенцира е тоа дека стилот на живот на осомничените кој укажува на „чесен живот“ или „живот на висока нога“ е индиција која треба да ја следат, анализираат и истражуваат органите на прогон, а основна мерка за тоа е финансиската истрага. (Bošković & Marinković, 2010)

## 2.1. Цели, концепти и методи на финансиска истрага

Криминалистичката истрага има за цел утврдување на докази за сторено кривични дело, докази за сторителот, својствата на сторителот, мотивот на криминалното дејствување, средствата на извршување и нанесената штета или стекнатата противправна имотна корист. Но, тоа што понатаму се случило со противправната имотна корист е проблем кој треба да се истражува преку спроведување на сеопфатна финансиска истрага која има за цел: утврдување на приходите стекнати од криминал (вид и износ); утврдување на сопственоста која може да биде конфискувана (идентификација на лицата, имотот кој е подложен на конфискација или проширена конфискација) и утврдување на условите за привремени мерки (заплена/обезбедување). Целта на финансиската истрага е да се идентификуваат, да се следат, да се запленат и да се конфискуваат приходите стекнати од криминал паралелно со кривичната постапка на кривично дело кое резултира со материјална корист.

Ефикасното спроведување на финансиска истрага подразбира и примена на методи и техники на анализа на финансиска документација, разграничување на нелегален од вкупен имот, примена на стандарди за финансиски контроли околу примена на закони поврзани со трошење на финансиски средства од Буџет и правни основи на злоупотреба – финансиска контрола и ревизија. Токму поради тоа како ефикасен концепт на финансиска истрага е тимската истрага каде треба да бидат вклучени истражители со стручни знаења од област на право што се истражува, ревизори, криминалисти од област на економско – финансиски криминал, компјутерски форензичари и секако менаџирање од страна на обвинител кој поседува знаења и вештини за координација на тимот и овозможување навремено иницирање на финансиска истрага како дел од криминалистичката истрага. Но, во одредени ситуации може да се иницира само финансиска истрага по иницијатива на финансиското разузнавање, за да по обезбедените релевантни податоци се преземат мерки и дејствија во криминалистичка истрага со цел обезбедување на севкупен доказен материјал. Тоа е случај кога истрагата по парите може да ги одведе истражителите до сторителите на криминал со злоупотреба на јавните функции или било кој друг облик на криминал со кој сторителите се стекнале со високи криминални приноси и имот. Но, покрај концептот на тимска работа во практиката се применува и концептот парче по парче, посебно кога се работи за случаи со меѓународен карактер, кога секоја од

Државите преку своите сили на законот ги презема сите мерки и дејствија по барање на странска држава или  по сопствена иницијатива како што е предвидено во закон, меѓународни, билатерални договори за соработка и сл. Трет концепт е интегрирани финансиски истраги, секогаш со криминалистичката истрага ако постојат основи на сомневање за стекната противправна имотна корист на сторителите да се води и финансисак истрага како целина по принципот **„од сомневањето за постоење на кривичното дело па сѐ до самиот имот“.**

## 3. КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ДРУГИ ПРИНОСИ ОД КАЗНИВО ДЕЛО

Конфискацијата на приносот од казниво дело, не е казна, затоа што нема ретрибутивна природа. Со нејзината примена ништо не му се возвраќа на сторителот. Тој се лишува од нешто што не му припаѓа.Таа не е ни мерка за безбедност, затоа што со неа не се парира на никаква опасност на сторителот. Според тоа, конфискацијата се вклопува во посебни казнено - правни мерки поврзани за самото остварување на законското битие на казненото дело. Со неа се отстранува противправната состојба создадена со остварувањето на законското битие на казненото дело. Со неа се отстранува противправната состојба создадена со неговото извршување, врз правниот принцип според кој од неправо (казнено дело) не може да настане право (сопственост или владеење на имот стекнат со извршување на казниво дело). Основа за конфискација е непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривично дело и се конфискува со судска одлука со која е утврдено извршување на кривичното дело под условите предвидени со закон. А, во согласност со ратификуваните меѓународни договори, конфискуваниот имот може да биде вратен и на друга држава.

Покрај непосредната имотна корист од сторителот ќе се конфискува и посредната имотна корист што се состои во:

- Имот во кој е трансформирана или претворена користа прибавена од кривично дело;
- Имот стекнат од законски извори, доколку користа прибавена од кривично дело е помешана, во целост или делумно, со таквиот имот, до проценетата вредност од помешаната корист прибавена од кривично дело и
- Приход или друга корист што произлегува од користа прибавена од кривично дело, од имот во кој користа прибавена од кривично дело е трансформирана или претворена или од имот во кој е помешана користа прибавена од кривично дело, до проценетата вредност на помешаната корист прибавена од кривично дело.

Од сторителот ќе се конфискува непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривично дело што се состои во пари, движни или недвижни предмети од вредност, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права, а ако нивната конфискација не

е можна, од сторителот ќе се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавената корист. Непосредната и посредната имотна корист се конфискува и од трети лица за кои е остварена со извршување на кривичното дело.

Имотната корист се конфискува и од членови на семејството на сторителот на кои е пренесена, ако е очигледно дека не дале надоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист или од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист. Под семејство се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето живее во семејна заедница. Ваквата законска формулација, дека членовите на семејството не дале надоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист, ќе предизвика определени проблеми во практиката. По правило во практиката ваквата корист, за да не биде конфискувана вообичаено се пренесуваше на членови на семејството со договори за подарок (реални или фиктивни). Дали, доколку е даден надоместок, кој може да биде и фиктивен, од членовите на семејстото, не може да се конфискува ваквиот имот?

Предметите што се прогласени за културно наследство и природни реткости, како и оние за кои оштетениот лично е врзан, се конфискуваат од трети лица без оглед на тоа што не знаеле или не можеле ниту биле должни да знаат дека се прибавени со кривично дело. Конфискуваното му се враќа на оштетениот, а ако нема оштетен станува сопственост на државата. Ако на оштетениот во кривичната постапка му е досудено имотно – правно барање, судот ќе изрече конфискација на имотната корист доколку тоа го преминува износот на барањето. Предвидена е и проширена конфискација при одредени ситуации предвидени со закон, чие значење е пред сè, да се овозможуви конфискација и заплена на имот од осудено лице секогаш кога може да се утврди дека тој имот потекнува од извршени кривични дела или не е сразмерен со законски пријавениот приход и кога лицето не може да обезбеди доказ дека сопственоста има законско потекло. Товарот на докажување за потеклото на имот во повеќе европски земји е законска обврска на осомничениот, односно обвинетиот, тој принцип се воведува и во Република Македонија и изрично е наведен во инкриминацијата за противправно стекнување на имот. Целта на воведувањето на оваа мерка е овозможување на спроведување на законска постапка за конфискација на незаконско стекнати приноси.

Законодавецот предвидел со посебни одредби од Законот за кривична постапка дека имотот и имотната корист прибавени со кривично дело ќе се одземаат во постапка по службена должност, што значи дека на Судот не му е потребен никаков предлог за утврдување на имотната корист прибавена со кривично дело. Од сторителот може да се конфискува имотна корист прибавена со кривично дело што се состои во пари, подвижни или неподвижни предмети од вредност, како и секоја друга сопственост, имот или

актива, материјални и нематеријални права, а ако нивната конфискација не е можна, на сторителот ќе му се конфискува друг имот што одговара на прибавената имотна корист. Посебно значајно е дека имотната корист може да се конфискува и од трети лица на кои е пренесена без соодветен надоместок, а кои не знаеле, а можеле да знаат или биле должни да знаат дека е прибавена со кривично дело. На ова, секако, се надополнува и предвиденоста на испитување на имотот на сторителите преку постапка за утврдување несразмерно стекнат имот. Имено, македонскиот законодавец дефинира општи одредби за конфискација на имот и имотна корист прибавени со извршување на кривично дело, а видот и висината се утврдуваат во кривична постапка. Јавниот обвинител е должен во текот на постапката да собира докази и да ги извидува околностите што се од важност за утврдување на имотот и имотната корист и да предлага мерки за привремено одземање на имот или предмети поради обезбедување. Ако оштетениот ставил имотно – правно барање во однос на враќање на предметите прибавени со кривично дело, одосно во однос на износот што и одговара на вредноста на предметите, имотната корист ќе се утврдува само на оној дел кој не е опфатен со имотноправното барање. При конфискацијата на имот и имотна корист прибавена со кривично дело, лицето врз кое е пренесена имотната корист, како и претставникот на правното лице ќе се повикаат поради испитување во претходна постапка за начинот на преносот на имот и приложување на докази за даден соодветен износ за имотот кој е пренесен на нивно име. Ако, има промена на повеќе сопственици се повикуваат сите лица кои фигурираат во соодветната документација за пренос на сопственост (договор за купопродажба, налози за плаќање, доказ за потеклото на парите, солемнизација и сл.).

## 4. Анализа на податоци за спроведени финансиски истраги и реализирана конфискација на имот и други приноси од казниво дело во Република Македонија

Во Република македонија судската практика бележи повеќе случаи на конфискација на имот од страна на осудени сторители за економско – финансиски ркивични дела. Во најголем дел од осудените лица на кои им е изречена конфискација на имот се сторители на организиран економско – финансиски криминал и тоа со организирано криминално делување на криминална група поврзана врз основа на статусните својства на сторителите, најчесто осудените лица се за кривичното дело „Злоупотреба на службена полоба и овластување“, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ и др. Реализацијата на конфискацијата на имот и други приноси од казниво дело е во надлежност на Агенцијата за управување со конфискуван имот. Според нивните податоци во Република Македонија тешко оди реализацијата на конфискација од повеќе причини, а тоа е непостоење на имот на осудените, проблем со наплата поради неостварување на приходи на осудените, но како причина е и нецелосната финансиска истрага за утврдување на имот пренесен

на трети лица. Нивната практика покажува дека целосна реализација врз основа на правосилни судски пресуди е реализирана, но за реализација чекаат и повеќе пресуди и тоа во најголем дела за осудени лекари за корумптивни кривични дела.

Според податоците кои се презентирани од страна на надлежните институции за тимот на Манивал, а обработени во Извештајот објавен во 2014 година за период 2008 – 2013 конфискувани согласно правосилни судски пресуди се криминални приноси, имот и производи од казниви дела во големи размери, за илустрација е наведена 2012 година кога е конфискувано: нешто повеќе од 300 милиони денари, повеќе од 261.000 ЕУР, 2394 $m^2$ недвижен имот, 14 товарни моторни возила и 35 моторни возила, а биле изречени првостепени пресуди со мерки за конфискација за: 14 милиони денари 7,4 милиони евра, 511.000 американски долари, 5385 $m^2$ недвижен имот, 3 ресторани и 28 патнички моторни возила.

Во следната табела се презентираат податоци за правосилни пресуди со кои се изречени мерки на конфискација, но конфискацијата е целосно или делумно реализирана поради непостоење на имот на сторителите – осудените лица или имот кој не е пронајден.

**Табела бр. 1 Приказ на правосилни пресуди за процесот на конфискација на имот од донесување на правосилна судска пресуда до конечна конфискација.**

| | Осуди (конечни) | | Замрзнати приноси | | Запленети приноси | | Конфискувани приноси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | случаи | лица | случаи | износ (во ЕУР) | случаи | износ (во ЕУР) | случаи | износ |
| 2008 | 3 | 19 | 2 | 383.927€ 2 денарски сметки со временски ограничени депозити (167.736€) | / | / | / | / |
| 2009 | 1 | 1 | 2 | 178.713€ 962 обични акции (519.480€) | 1 | 80.000€ | 1 | 178.713 € |

| | Осуди (конечни) | | Замрзнати приноси | | Запленети приноси | | Конфискувани приноси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | случаи | лица | случаи | износ (во ЕУР) | случаи | износ (во ЕУР) | случаи | износ |
| 2010 | / | / | 3 | Земјиште (2 хектари, 35 ари и 61.152 m²)<br><br>3 згради (831 m²) 44.228 обични акции (1.123.826€)<br><br>12.620€ | 2 | 79 земјоделски машини и 15 возила<br><br>72.800€ | / | / |
| 2011 | 1 | 2 | 2 | 1477 m² земјиште<br><br>3.334.867 € | 1 | 14 возила | 1 | 40.654€ |
| 2012 | 5 | 11 | 2 | 713 m² апартмани<br><br>16.415,3 m² земјиште<br><br>8.707 m² земјиште (140.911€) | 1 | 9 возила | 3 | 12.436.911,24€<br><br>5385 m² земјиште |

**Користена литература**


Fagan, J., & Freeman R. B. Crime and work. In M. Tonry (Ed.), Crime and justice: A review of research (vol. 25, pp. 113–178), Chicago: University of Chicago Press. (1999).

Chamlin, M. B., & Kennedy, M. B. The impact of the Wilson administration on economic crime rates. Journal of Quantitative Criminology, 7(4), 357–372. (1991)

Груевска – Дракулевски А. (2008) *‚Рецидивизам кај економскиот криминалитет во Република Македонија*, МРКПК, (бр. 2 – 3), Скопје. (2008)
Николоска С., Методика на истражување на економско – финансиски криминалитет, Ван Гог, Скопје. (2013)

Бановиќ, Б., Обезбеђење доказа у криминалистичкој обради кривичних дела привредног криминалитета, Београд. (2002)

Џуклески, Г. и Николоска, С., „Економска криминалистика“, Скопје, Графиk Мак Принт. (2008)

Арнаудовски Љ., Нанев Л. и Николоска С., „Економскиот криминалитет во РМ“, Македонска ревија за кривично право и криминологија, бр. 1, Скопје. (2009)

Николоска С., Економска криминалистика, Ван Гог, Скопје. (2015)
Nikoloska S. and Angeleski J., Confiscating white – collar crime proceeds in the Republic of Macedonia, Criminal Justice and Security in Central and Eastern Europe, Ljubljana, Slovenia, 422-423. (2016)

Bošković, G. i Marinković, D., *Metodi na finansijske istrage u suzbijanju organizovanog kriminala,* NBP, Jurnal of criminalistics and law - Žurnal za kriminalistiku i pravo, br. 2, Beograd, (2010)

Тасева С. , *Перење пари*, Дата Понс, Скопје. (2003)

Кривичен законик на република македонија, Сл. весник на РМ бр. 114/09.
Закон за кривична постапка на Република македонија, Сл.весник на РМ бр. 150/10.

Законот за финансиска полиција, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/07.

# ПОТРЕБА ОД ЕДУКАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО СОВРЕМЕНИТЕ КОРПОРАЦИИ

***проф. д-р Татјана Гергинова***
*Факултет за безбедност - Скопје*
*tanjagerginova@gmail.com*

**Апстракт**

Во рамките на овој труд авторот ќе ја анализира потребата од едукација на вработените и безбедносниот менаџмент во современите корпорации. Во уводниот дел на трудот, авторот ќе го утврди поимот корпорација и корпорациски менаџмент. Понатаму авторот ги одредува поимите безбедносен менаџмент и менаџер за безбедност. Во завршниот дел на трудот, авторот утврдува Програма за едукација и развој на безбедносната култура на вработените и безбедносниот менаџмент во современата корпорација.

Предмет на истражување е современата корпорација со анализа на потребата од едукација на вработените и безбедносниот менаџмент во корпорацијата.

Целта на истражување е преку анализа на потребата од едукација на вработените и безбедносниот менаџмент во корпорацијата, е да се запознае стручната и научната јавност со значењето на корпоративната безбедност.

***Клучни зборови***: корпорација, корпоративна безбедност, едукација, безбедносен менаџмент, менаџер за безбедност

## 1. ВОВЕД

Во втората половина на XX век, настапи нов економски бран таканаречен глобализација. Глобализацијата доведе до создавање на трговски блокови, глобални компании и глобални економии. Конвенционалната дефиниција за глобализација подразбира процес на отворање и либерализација на националните финансиски пазари и нивно влегување во глобален пазар на капитал. Но денес, често под тој поим се подразбира „меѓународна интеграција“ на добра, технологија, труд и капитал, па може да се зборува за глобализација во поширока смисла (Dujšin, 1999). Глобализацијата претставува поврзување кое ги надминува рамките на националните држави, а целта е зголемување на економскиот раст и богатствата.

Со настанувањето на институтот сопственост и корпорација, безбедноста и заштитата стануваат функција на државите. Државата станува одговорна за организацијата на сили и средства на заштита на сопственоста и прокламираните вредности на луѓето во заедницата, а потоа ја определува состојбата на безбедноста во државата и во општеството. Во домашната литература, во време на забрзан процес на глобализацијата, помалку се

зборува за поимот корпорација како општествен субјект во поширока смисла, а повеќе како стопански субјект. Историјатот на развој на корпорацијата укажува на тоа дека нејзината природа на организација и внатрешните односи се менувале со развојот на човечката заедница, но со текот на времето се задржал интересот како поврзувачко ткиво за сите членови во корпорацијата. Меѓутоа, интересот не ја задржал само функцијата на поврзување со членството во корпорацијата, туку ја наметна потребата за заштита, а како израз на состојбата ја дефинира безбедноста на корпорацијата.

Корпоративна безбедност е збир на елементи во структурата на интересот кои ја изразуваат безбедноста како нејзина состојба, додека корпорациската безбедност се однесува на општествениот однос во конкретна корпорација со различна сопственичка структура, различен организациски облик и просторно го опфаќа пазарот (Гергинова, 2017).

Поимот корпорација се определува:[22]

- како најважна иновација на XX век и е *нов организациски облик на претпријатие,* или
- како најразвиен современ облик на работење на деловните системи во развиените земји со пазарни стопанства, или
- како *друштво на капитал*, кое до средствата за формирање и работење доаѓа со издавање на обврзници, или
- како голема деловна компанија со закон призната како правно лице, која има слични права како и физичкото лице, со цел соединување и групирање на деловните интереси, а кои како такви се најчест облик на деловно здружување.

Корпорацијата (англиски, corporation, германски kÓrperschaft/corporation, шпански corporaciÓn, италијански corporazione) е најразвиен облик на општествениот капитал и претставува еден од правните облици на трговските друштва; има бројни предности во однос на другите правни облици на трговските друштва. Корпорацијата оствари успех што може да ги отстрани сите слабости на ортачките друштва, особено оние кои се однесуваат на ризикот, со оглед на околноста дека во случај на банкрот, корпорацијата која е сопственик на обврзници, го губи само она што го вложила во обврзници.[23]

Зборот „корпорација“ потекнува од латинскиот збор *corpus* (тело), претставувајќи „тело составено од луѓе“; тоа е група на луѓе кои се овластени да дејствуваат како поединец (Oxford English Dictionary). Зборот *universities*, исто така, е користен да претставува група на луѓе, но денес пред сè, се однесува на група на учесници (Гергинова, 2017).

Можеме да заклучиме дека современата корпорација претставува најважна иновација на XX век, нов организациски облик на претпријатие како и најразвиен современ облик на работење на деловните системи во развиените земји со пазарни стопанства. Корпорација или компанија, всушност,

[22] Види поопширно на: https://sh.wikipedia.org/wiki/Korporacija пристапено на 15.10.2017.
[23] Види поопширно на: https://sh.wikipedia.org/wiki/Korporacija пристапено на 15.10.2017.

претставува правно лице, кое поседува имот, чија цел е соединување и групирање на деловните интереси и остварување на профит. Корпорацијата претставува друштво на капитал, кое со издавање на обврзници доаѓа до средствата за формирање и работење. Паричниот износ потребен за формирање и работа на корпорацијата се вика основна главнина која се дели на одреден број акции. Акциите се наоѓаат во рацете на сопствениците на корпорацијата (акционери) а нивната вредност ја одредува берзата. Корпорацијата претставува еден од најсовршените начини на прибирање капитал, особено во оние дејности во кои природата на процесот на производство бара големи средства, и имаат сложена организациска структура, со поголем број претпријатија во својот состав.

## 2. НАУЧНО И ТЕОРЕТСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ КОРПОРАЦИСКА БЕЗБЕДНОСТ

Според насоките на Европската Унија, корпорациската безбедност во корпорациите се дефинира како интегрална безбедност, која во себе опфаќа работи од безбедноста (security) и заштитата (safety), што, пак, вклучува собирање на информации, безбедносни процени и процени на ризик, информатичка заштита, кризен менаџмент, заштита од пожари, експлозии и хаварии, заштита на безбедноста и здравјето на работа и друго (Гергинова, 2017).

Во научната литература постојат различни определувања на поимот корпоративна безбедност.

Корпорациската безбедност, без сомневање, е концепт кој се грижи за работите поврзани со безбедноста во компаниите и коишто, едноставно, се дефинираат како заштита на имотот и работењето на компаниите со што би се постигнала поголема превенција и намалување на материјалните загуби поради осигурување на интересите на сопствениците, профитот и имотот од различни опасности.

Според Кристофер Кјубиг и Дејвид Брукс, корпорациската безбедност е насочена кон детектирање измама и прекршоци, а ги проучува и вистинските случаи на корпоративна криза, криминалот, како и други злосторства за кои професионалците во корпорациската безбедност треба да бидат свесни за да обезбедат ефикасна заштита на луѓето, на операциите и на средствата (Christopher J. Cubbage and David J. Brooks, 2012).

Мајкл Генсер смета дека корпорациската безбедност е приспособена да одговори на структуралните ризици за компанијата, преку примена на определени модели на симулација за спроведување на најдобрата безбедносна практика во компанијата (Genser, 2005).

Никол Детелхоф и Клаус Вулф во нивната компилација на уредување на материјали, корпорациската безбедност е насочена кон корпорациска безбедносна одговорност, која е фокусирана на улогата на приватниот бизнис во зоните на конфликтот. Тоа ја обезбедува сликата за видовите придонес кон

мирот и кон безбедноста од страна на транснационалните корпорации (Nicole Deitelhoff, Klaus Dieter Wolf (Editor) 2010).

Питер Рајд смета дека корпорациската безбедност треба да ја обезбеди потребната избалансираност меѓу нивото на безбедност во корпорацијата, бизнисот и конвенционалните барања на работа надополнета со мудрост, и на таков начин се нуди радикален, но инспириран предлог за успех. Во таа насока треба да биде и истражувањето на компаниите со здрав разум и логика кон подобар бизнис-конзистентност (Reid, 2012).

Милан Милошевиќ укажува дека корпорациската безбедност по својата дефиниција е интегрирана, бидејќи опфаќа вршење на повеќе различни функции кои треба да се синхронизираат. Како таква, таа претставува функција на корпорацијата која контролира и која управува со координацијата на сите дејности, внатре во деловниот субјект, а коишто се однесуваат на безбедноста, континуитетот и сигурноста. Постоењето на ефикасен систем на корпорациска безбедност ја штити компанијата од сите загрозувачки дејства, воспоставува основа за донесување управувачки одлуки, му обезбедува на врвниот менаџмент пристап до тајни информации и формира процеси и процедури кои оневозможуваат одлевање заштитени податоци од корпорацијата (Милошевиќ, 2010).

Ивандиќ, Карловиќ и Остојиќ корпорациската безбедност ја дефинираат како стратегиска функција на компанијата, која има за цел остварување на сигурноста на деловниот успех на корпорацијата, што подразбира: елиминација на сите ризици и загрозувања кои можат да влијаат на деловните активности и остварувањето на деловниот успех; сведување на загрозувачките фактори на најмала можна мера; деловно функционирање во услови на криза, односно надминување на кризата и повторно воспоставување нанормално работење (Ivandic̓, Vidovic̓, Darija., Karlovic̓, Lidija., Ostojic̓, Alen., 2011).

Одредени дефиниции се многу поширoки во својот поглед, сметајќи ја корпорациската безбедност како дел на националната безбедност во контекст на реализирање на таканаречената цивилна безбедност. Во тој контекст, Слободан Марковиќ смета дека корпорациската безбедност е потсистем на националната безбедност и таа претставува дел од безбедносните структури со збир на општествени цели, кои ги насочуваат деловните активности на стопанските субјекти и ја мерат нивната општествена одговорност во согласност со стандардите и со законот (Марковиќ, 2013).

Од изнесените размислувања за корпорациската безбедност, може да се заклучи дека за овој поим има недостаток на прецизна дефиниција. Се смета дека дефинирањето на овој термин е исклучително тешко, затоа што вистинската природа и опфатот на полето на корпорациската безбедност е тешко да се утврди. Исто така, дефинирањето е тешко да се направи, затоа што постои одредена поделеност во размислувањата за тоа што треба да биде поле на интерес на корпорациската безбедност, а притоа да не се навлезе на полето на интерес на приватната безбедност.

## 3. ПОТРЕБА ОД ЕДУКАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ И БЕЗБЕДНОСНИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО СОВРЕМЕНИТЕ КОРПОРАЦИИ

Во овој дел од трудот авторот ги разработува поимите безбедносен менаџмент и улогата на менаџерот за безбедност и утврдува кои знаења, вештини, способности и лични карактеристики е потребно да ги поседува менаџерот за безбедност.

Безбедносниот менаџмент, претставува *субјект на организирање и управување* со системот за обезбедување на лицата и имотот на корпорацијата.

Во неговата надлежност е

- одредувањето на целите,
- планирањето, организирањето,
- издавањето наредби,
- контролата,
- координацијата и одговорноста за безбедна работа на компанијата.

Безбедносниот менаџмент, исто така е одговорен за:

- почитување на правните прописи и
- за обученоста на работниците за обезбедување, како и
- за грешките кои тие во својата работа ќе ги направат (Даничиќ, Стајиќ, 2008).

Задачите на корпорациската безбедност се да ги воочува и во раната фаза ефективно да го спречува секој развој на заканите кои ја загрозуваат корпорацијата и нејзиното деловно работење. Независно од тоа дали корпорациската безбедност се спроведува со дејности на своите сопствени организациски единици во составот на корпорацијата или со ангажирање одредени специјализирани субјекти надвор од неа, важно е да се анализира организацијата на корпорацијата во доменот на безбедноста. Така разбрана корпорациската безбедност опфаќа:

- работи за физичка заштита и за техничка заштита на компанијата,
- заштита на информатичкиот систем,
- заштита на интелектуалното сопственииштво, стоковите мерки и слично, (нешто што современите корпорации помасовно започнале да го применуваат од осумдесетите години на XX век).

*Безбедносниот менаџмент* е потребно превентивно да дејствува и да превзема мерки и активности насочени кон следење, предвидување и проценка на причините и облици на загрозување лица, имот и работење на корпорацијата кои треба да се очекуваат во идниот период; Прецизирање на надлежностите и овластувањата на лицата кои работат во компанијата на работи околу заштита на нејзините витални вредности како што се: репутација на компанијата на пазарот, нејзин корпорациски имиџ (углед), морал и мотивираност на вработените, стратегиските планови за развој, анализа на конкуренцијата); утврдување на состојбата на стручност и мотивираност на лицата кои работат во компанијата; Организација и дејствување на физичко-техничкото

обезбедување на сите објекти кои и припаѓаат на компанијата; Мерки на заштита поврзани за безбедноста и здравјето на вработените, заштита на животната средина, заштита од пожари, хаварии и експлозии; Мерки на заштита на работењето на корпорацијата од сите облици на корупција, различни видови злоупотреба, проневери, измами и други методи на отуѓување и присвојување на нејзиниот имот; Прецизирање на мерките на заштита на деловна и на службена тајна; Конкретизирање на мерките во однос на контрола на движењето и престојувањето на надворешни лица во објектите и на просторот кој припаѓа на деловниот субјект; Организација и функционирање на информациските системи и обезбедување на лицата, имотот и работењето на корпорацијата, особено на мерките на заштита на информациите; Хармонизација на нормативните акти во сите сегменти на безбедноста, со националните прописи и стандардите на ЕУ; Оцена на *степенот на загрозеност* на лицата кои во корпорацијата извршуваат работи поврзани со заштита на нејзините витални вредности.

Денес корпорациската безбедност е составен дел на процесот со кој се управуваат деловните ризици внатре во деловниот субјект. Корпорациската безбедност е постојано вклучена во механизмите на деловното управување, и работи на создавање планови и спроведување мерки чија цел е: заштита на корисникот на услуги, заштита на вработените во деловната организација, заштита на имотот во сопственост на деловните организации, заштита на информациите и на репутацијата на деловната организација од материјални штети, криминални дејности итн.

*Менаџерот за безбедност* ги координира и ги раководи работите на системот на обезбедување на лица, имоти и работењето на корпорацијата. Во хиерархијата на раководење со компанијата, неговото место е (ако во компанијата не постои функција директор за безбедност) непосредно покрај *генералниот директор*, односно *сопственикот на капиталот*. Сложената и одговорна работа на работите на системот на обезбедување бара соодветно ниво на образование, мултидисциплинарни знаења и специфични особини на личноста кои се неопходни за извршување на оваа работа. Менаџерите за безбедност повеќе се занимаваат со луѓето и со деструктивното однесување на човекот, а помалку со системите во техничка смисла на зборот. Целокупниот систем на корпорациска безбедност во најголема мерка служи за проактивно спречување на деструктивното однесување на човекот, а само мал дел од тој систем е наменет да се спротивстави на загрозувањата кои произлегуваат од природните непогоди, земјотреси и пожари. Од тие причини, работите на менаџерот за безбедност налагаат *секојдневно ангажирање* и перманентна едукација (Гергинова, 2017).

Успешната подготовка на менаџерот за безбедност, подразбира постојано во континуитет иновирано знаење за облиците и изворите на загрозување на компанијата, конкуренцијата, деловните партнери и клиентите (Даничиќ, Стајиќ, 2008).

Менаџерот за безбедност, своите задачи ги извршува секојдневно во интерактивен однос со надворешно и со внатрешно опкружување. За ефикасно извршување на задачите, менаџерот за безбедност треба добро да ја познава компанијата, нејзиното работење и деловната гранка на која и припаѓа. Затоа неопходни му се знаење, вештини, способности и лични карактеристики кои мора да ги поседува и да ги демонстрира. Во прашање се трајни квалитети кои е можно да ги разгледувате, да ги мерите и да ги развивате. Знаењето на менаџерот за безбедност, кое се стекнува со искуство, со учење или со истражување, подразбира специфични факти, информираност и разбирање внатре во одредено подрачје.

*Способностите* се трајни карактеристики кои поединецот ги поседува, а коишто се важни за успешно извршување на задачите со примена на знаење и вештини. *Вештините* подразбираат можност за извршување физички или ментални активности кои водат кон ефикасно решавање на задачите, додека личните карактеристики ја дефинираат личноста на менаџерот за безбедност, неговиот темперамент, академските квалификации, интересите и работните навики (Ivandic̀, Vidovic̀, Darija., Karlovic̀, Ludija., Ostojic̀, Alen., 2011).

Во врска со тоа, се укажува дека компетенциите не ги вклучуваат "основните" вештини и знаења, покрај очекуваната успешност во извршување на наложените задачи или умеење да се напише извештај, ниту вообичаените работи и задачи кои допринесуваат за успехот на поединецот. *Компетенциите* подразбираат само однесување, односно "применето" знаење кое резултирало со успех, и манифестирање на вештините кои доведуваат до успех на компанијата.

Покрај, стандардните услови, како што се соодветна стручна подготовка, работен стаж и работно искуство врзани со безбедноста, на менаџерот на корпорациската безбедност му се потребни и менаџерски вештини, односно лидерски способности, одговорност, харизматичност, ориентираност кон целите (SMART начелата), способност за управување со тимовите, емоционална интелегенција, чесност, интегритет и морални начела, комуникативност, упорност во совладување на пречките, способност на препознавање на проблемите и можните решенија, како и познавање на теоријата на мотивација и примена во работата на различни мотивациски техники. Раководењето, кое е најважната карактеристика на менаџментот, опфаќа голем број на активности од визии, дефинирање на целите, планирање и дефинирање на задачите, мотивирање и придобивање на вработените за акции, координирање, насочување и следење на извршувањето на задачите, до наградување и преземање мерки на унапредување, при што се користат различни техники (Ivandic̀, Vidovic̀, Darija., Karlovic̀, Ludija., Ostojic̀, Alen., 2011).

Целта мора да биде специфична, мерлива, остварлива, релевантна, временски ограничена. Донесувањето одлука бара да се врши организирано, и таа да се базира на современите принципи на менаџментот. Притиснати со

временските рокови, менаџерите за безбедност се склони *анализата да ја вршат површно*. Не е дозволено површно решавање на проблемите од безбедносна природа, што менаџерите за безбедност ги принудува во процесот на донесување на одлуки многу подлабоко да навлезат во *причините на проблемот* и да ги истражат сите можни решенија (Триван, 2010).

Во литературата како *клучни одговорности* на менаџерот за корпорациска безбедност се наведуваат: развој и примена на безбедносна стратегија која покажува разбирање на природата на настанување, вонредни случувања кои би можеле да имаат негативно влијание на општо ниво на безбедност во компанијата (безбедносна политика, програми и процедури, планови за превенција и дејствување во вонредни ситуации); управување со процесите на корпорациска безбедност на деловниот субјект, прибирање информации и процена на ризици (ранливост) на корпорацијата; одржување подготвеност на организацијата (обезбедување на подготвеност на корпорацијата за можност од напад, од катастрофални случувања или од организирани безбедносни инциденти – разбојништва, измами, нелојалност на вработените, заштита на работниците, на клучните работни функции, на информатичкиот систем, на податоците, на информациите и на репутацијата и заздравување; координација на работите со државните институции и тела (Ivandic̆, Vidovic̆, Darija., Karlovic̆, Ludija., Ostojic̆, Alen., 2011).

Менаџерот за безбедност претставува витална алка во хиерархиската структура на корпорацијата, и најчесто се наоѓа меѓу службениците од една и врвниот менаџмент од друга страна. Во таа позиција, тој ги застапува ставовите и барањата на менаџерите во компанијата, но истовремено тој е одговорен и за презентирање на ставовите, потребите и проблемите на потчинетите службеници на менаџментот на корпорацијата (Даничиќ Милан, Радаковиќ Ненад, 2011).

Како *основни услуги* кои менаџерите на корпорациска безбедност ги даваат на раководството на корпорацијата се наведуваат: безбедносна стратегија, идентификација и анализа на ризиците, процена и тестирање на ризикот, политиката, програми и процедури на безбедноста, заштита на технологијата и на инфраструктурата, раководење со информацискиот ризик, управување со континуитетот на работење, раководење со кризниот менаџмент и одговор на кризни ситуации, подигнување на свеста на вработените за ризиците, операции врзани за безбедност на работните места, истражување на работното однесување и неговата усогласеност со законите, заштита на раководството на корпорацијата, работи Business Intelligence (деловно разузнавање) и Business Counterintelligence (контраразузнавање), проверка на информациите добиени од извори во корпорацијата, форензички и истражни услуги, заштита на документацијата (Ivandic̆, Vidovic̆, Darija., Karlovic̆, Ludija., Ostojic̆, Alen., 2011).

Според М. Даничиќ и Љ. Стајиќ, вработените претставуваат важен интерен субјект на безбедноста во компанијата, при што основниот облик се исполнува преку нивните активности, поаѓајќи од *самозаштитата*, како една

од појдовните основи во функционирање на системот за обезбедување. Според нив, современите трендови неминовно укажуваат дека обезбедувањето на компаниите не може да функционира на вистинскиот начин ако се потпира само на лицата кои професионално ја работат оваа работа, туку мора да ги опфати и ги опфаќа сите поединци кои се заинтересирани за посигурни и за побезбедни работни услови. Во текот на секојдневните активности и извршување на работните задачи, вработените во корпорацијата, како и работите и работните места на кои работат, се изложени на разни облици на загрозувања, кои можат негативно да влијаат, како на нивниот *физички интегритет*, така и *на работниот имиџ и углед на компанијата*. Лицата кои професионално се ангажирани на работите поврзани со безбедноста, често не се во можност физички да бидат присутни на сите места и локации во компанијата, каде што постојат потенцијални опасности и ризици, поради што другите вработени често се препуштени сами на себе.

Споменатите автори укажуваат на самозаштитната компонента на корпорациската безбедност, која првенствено се однесува во *проактивните мерки* кои вработените ги спроведуваат во текот, а често и надвор од работното време. Од тие причини, потребно е *со интерни акти* на компанијата прецизно да се дефинираат мерките во доменот на самозаштита кои секој поединец кој е вработен во неа е должен да ги спроведува. Непочитувањето на овие мерки би требало да претставува тешка повреда на работната дисциплина и да повлече адекватни санкции (Даничиќ, Стајиќ, 2008).

*Програма за едукација и развој на безбедносната култура на вработените* - Различни автори укажуваат дека системската едукација на вработените со цел подигање на нивното ниво на свест и безбедносна култура е незаменлив фактор во намалување на штетата која и се заканува на корпорацијата од различните видови на загрозувања и закани. Во врска со тоа, се истакнува дека едукацијата мора да биде спроведена како во фазата на вработување, така и во континуитет во текот на деловното работење во компанијата. Во практична смисла, важно е програмите за едукација на вработените да бидат насочени кон тоа, пропишаните процеси и процедури на корпорацијата да се реализираат во практика, а кај вработените мора да се поттикнуваат иницијативи за промена на процесите и на процедурите, особено во случаи кога постојните се неприменливи во пракса и кога е неопходно донесување нови, првенствено поради новонастанатите ситуации, предизвикани од промените на технологијата и унапредувањето во одвивање на работните процеси (Бакрески, О., Триван, Д., Митевски, С., 2012).

Вработените се должни соодветно да реагираат и да постапуваат во однос на воочените неправилности и пропусти, и итно е потребно да ги известуваат повисоките нивоа на раководење во компанијата за вооченото и превземените мерки и активности. Повисоките менаџери во компанијата се должни постојано да следат и да воочуваат неправилности и пропусти во реализацијата на деловните процеси, да наложуваат проверка на одвивањето

на работните процеси и да идентификуваат исти или слични загрозувачки ситуации на другите објекти или простори на корпорацијата. По завршување на постапката на проверка на одвивањето на одреден работен процес, потребно е да се донесе заклучок и одлука дали регистрираниот безбедносен настан е предизвикан од спореден пропуст или од вообичаениот модел на однесување, дали неговата причина е субјективен став на поединците или е објективен факт, кој настанал како редица на непредвидливи околности и ситуации, односно да се провери дали важечките работни правила и другите безбедносни процедури се во согласност со реалноста, а доколку не се во согласност да се заклучи дека истите се неприменливи (Бакрески, О., Триван, Д., Митевски, С., 2012).

На крајот можеме да заклучиме дека *Програма за едукација и развој на безбедносната култура на вработените и безбедносниот менаџмент* во современата корпорација треба да опфаќа:

- стекнување знаења што кореспондираат со современтите безбедносни состојби и

обезбедува континуитет во деловното работење на корпорацијата; Постојана анализа на причините и облици на загрозување лица, имот и работење на корпорацијата кои треба да се очекуваат во идниот период; Оцена на *степенот на загрозеност* на лицата кои во корпорацијата извршуваат работи поврзани со заштита на нејзините витални вредности. Во денешниот отворен пазарен натпревар секој деловен субјект има можност за деловен успех.

Истовремено, тој субјект е ранлив без разлика дали опасностите на кои е изложен се резултат на жестоката пазарна конкуренција или произлегуваат од општата несигурност. Менаџерите на корпорациите во минатото никогаш немале толкава потреба и разбирање за заканите со кои е соочена нивната компанија. За разлика од поранешниот период, денес ниту една корпорација не е во потполност имуна на факторите на изненадување, односно на „ненадејни удари“. Корпорациите, ако сакаат успешно да работат во современи услови, мора да ги предвидат идните настани и закани, а врвниот менаџмент е должен да ги дефинира примарните деловни одговори на сите предизвици. Покрај тоа, работењето на денешните корпорации не може да се набљудува изолирано, туку тоа е поврзано и е зависно од редица околности и настани условени од глобализациските трендови во светот.

- Прецизирање на надлежностите и овластувањата на лицата кои работат во компанијата на

работи околу заштита на нејзините витални вредности (Репутација на компанијата на пазарот, нејзин корпорациски имиџ (углед), морал и мотивираност на вработените, Стратегиските планови за развој, Анализа на конкуренцијата), и утврдување на состојбата на стручност и мотивираност на лицата кои работат во компанијата;

- Организација и дејствување на физичко-техничкото обезбедување на сите објекти кои и припаѓаат на компанијата;

- Организација и функционирање на информациските системи и обезбедување на лицата, имотот и работењето на корпорацијата, особено на мерките на заштита на информациите;
- Хармонизација на нормативните акти во сите сегменти на безбедноста, со националните прописи и стандардите на Европската унија;
- Ефикасно остварување на HSEC – претставува принцип на функционирање на

корпорациите (Health, Safety, Environment Management, Community Relations) здравје, безбедност, управување со животната средина (околина) – менаџмент и врски со заедницата. Клучни компоненти на HSEC (принципот) се: *Здравје,* што значи промовирање и подобрување на квалитетот на здравјето на вработените во компаниите;

*Сигурност,* односно востановување на заштитните вредности и обезбедување на работното опкружување за безбедна и сигурна работа на вработените; *Животна средина*, под што се подразбира промовирање на ефикасно користење на деловните ресурси со намалување на ризикот од загадување на животната средина и зачувување на биолошката разновидност; *Унапредување на Општествена заедница*, што вклучува почитување на етичките принципи, придонес кон економскиот просперитет и одржлив развој на општествената заедница во опкружувањето и почитувањето на човековите права. Затоа е потребно менаџментот да утврдува: Мерки на заштита поврзани за безбедноста и здравјето на вработените, заштита на животната средина, заштита од пожари, хаварии и експлозии; Мерки на заштита на работењето на корпорацијата од сите облици на корупција, различни видови злоупотреба, проневери, измами и други методи на отуѓување и присвојување на нејзиниот имот; Прецизирање на мерките на заштита на деловна и на службена тајна; Конкретизирање на мерките во однос на контрола на движењето и престојувањето на надворешни лица во објектите и на просторот кој припаѓа на деловниот субјект;

- Функционирање на современата корпорација согласно принципот BCCM (Business,

Crisis and Continuity Management) – работа, криза и континуирано, постојано управување. Принципот BCCM вклучува обезбедување работа на корпорацијата под нормални услови, во услови на криза, вонредни ситуации и несреќи, како и обезбедување на континуитетот на работењето по завршување на кризата и вонредните ситуации. За да и се обезбеди работа на бизнис-корпорација, според овој принцип, потребно е да се дејствува проактивно и реактивно. *Проактивно* се дејствува во нормални услови на работење, во кои компаниите во текот на своето постоење и функционираат. Во овие услови, управувањето со безбедносните активности, главно, се врши според строго пропишана методологија на управување со ризикот (Risk Management).

*Реактивното* дејствување е применливо во кризни и во вонредни ситуации во кои се преземаат соодветни процедурални активности. Сите

реактивни процедури се планираат и изведуваат во нормалниот режим на работа, што претставува составен дел од проактивното дејствување.

- Менаџерот за безбедност и останатите членови на безбедносниот менаџмент е потребно да

поседуваат знаења, вештини и способности за критичко, независно и креативно решавање на различни проблеми поврзани со однесувањето на вработените како и со деловното работење во современата корпорација;

- способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и

усовршување и способност за постојани проценки на деловното работење на корпорацијата со цел носење на етички базирани одлуки; способности за професионален пристап во процесот на работа со почитување на професионалните стандарди на работа во безбедносните органи и служби и етичките кодекси;

- способност за јасна, концизна комуникација (вербална, невербална вештини и писмена) со

засегнатите страни; високо ниво на презентерски вештини со користење на напредна технологија; способност за размена на мислења, заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на истите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено.

- способност за оцена на влијанието на внатрешните и надворешните фактори кои влијаат

позитивно или негативно врз деловното работење на корпорацијата и да иницираат проекти за подобрување на капацитетите и методологијата на деловното работење на современата корпорација.

## 4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Денес современата корпорација претставува нов организациски облик на претпријатие и најразвиен облик на деловно работење работење. Корпорација или компанија, всушност, претставува правно лице, кое поседува имот, чија цел е соединување и групирање на деловните интереси и остварување на профит.

Според насоките на Европската Унија, корпорациската безбедност во корпорациите се дефинира како интегрална безбедност, која во себе опфаќа работи од безбедноста (security) и заштитата (safety), што, пак, вклучува собирање на информации, безбедносни процени и процени на ризик, информатичка заштита, кризен менаџмент, заштита од пожари, експлозии и хаварии, заштита на безбедноста и здравјето на работа и друго. Во научната литература постојат различни определувања на поимот корпоративна безбедност, меѓутоа истата можеме да ја определиме како извршување на работите поврзани со безбедноста во компаниите и коишто се дефинираат како заштита на имотот и деловното работење на компаниите со што би се постигнала поголема превенција и намалување на материјалните загуби поради осигурување на интересите на сопствениците, профитот и имотот од

различни опасности. Корпорациската безбедност е постојано вклучена во механизмите на деловното управување, и работи на создавање планови и спроведување мерки чија цел е: заштита на корисникот на услуги, заштита на вработените во деловната организација, заштита на имотот во сопственост на деловните организации, заштита на информациите и на репутацијата на деловната организација од материјални штети, криминални дејности итн. и остварување на сигурноста на деловниот успех на корпорацијата, што подразбира: елиминација на сите ризици и загрозувања кои можат да влијаат на деловните активности и остварувањето на деловниот успех; сведување на загрозувачките фактори на најмала можна мера; деловно функционирање во услови на криза, односно надминување на кризата и повторно воспоставување нанормално работење.

За понатамошно развивање на концептот за безбедност на корпорациите како деловни субјекти, е потребно да се имаат во предвид три работи: недостаток на свест за постоење на загрозеност на корпорациите и потреба за воспоставување соодветни безбедносни механизми; 2) интегралната безбедност не е само техничко, туку е и стратегиско прашање; 3) надминувањето на концентрацијата само на надворешни извори на загрозување (инсајдерите како причина на кршење на безбедносните процедури се појавуваат во 80% од сите случаи). Исто така, досегашниот концепт на безбедност на компаниите беше со најголем дел насочен на воспоставување на механизми на информациска безбедност (во 70% случаи на губење на информации причина бил човечки фактор, а не информатичката технологија).

Потребата од едукација на вработените со цел подигање на нивното ниво на свест и безбедносна култура е незаменлив фактор во намалување на штетата која и се заканува на корпорацијата од различните видови на загрозувања и закани. Затоа е неопходно менаџерот за безбедност и другите членови во безбедносниот менаџмент да посетуваат редовни обуки за сопствено усовршување и унапредување на сопствените знаења, вештини и сшпособности во согласност со напредокот на современата технологија. Исто така е потребна и постојана едукација на сите вработени во корпорацијата. Едукацијата мора да биде спроведена како во фазата на вработување, така и во континуитет во текот на деловното работење во компанијата. Важно е програмите за едукација на вработените да бидат насочени кон тоа, пропишаните процеси и процедури на корпорацијата да се реализираат во практика, а кај вработените мора да се поттикнуваат иницијативи за промена на процесите и на процедурите, особено во случаи кога постојните се неприменливи во пракса и кога е неопходно донесување нови, првенствено поради новонастанатите ситуации, предизвикани од промените на технологијата и унапредувањето во одвивање на работните процеси. Вработените претставуваат важен интерен субјект на безбедноста во корпорацијата и притоа треба да се спомне и компонентата на самозаштита.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Бакрески, О., Триван, Д., Митевски, С., (2012). *Корпорациски безбедносен систем*, Скопје.
2. Даничиќ, Милан., Стајиќ, Љубомир., (2008). *Приватна безбједност,* Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука, стр. 28, 186
3. Даничиќ, Милан., Радаковиќ Ненад., (2011). "Преглед стања модерног менаџмента у корпоративној безбједности", у *Научни скуп ‹Дани безбједности› на тему: "Развој система безбједности и заштите корпорација" (Зборник радова),* Факултет за безбједност и заштиту Универзитета Синергија, Бања Лука, стр. 231-232
4. Dujšin, U., (1999). *Globalizacija, ekonomske integracije i Hrvatska,* Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu, 49, 2, 179-195
5. Ivandic̓, Vidovic̓, Darija.,Karlovic̓, Ludija., Ostojic̓, Alen., (2011). *Korporativna sigurnost,* Udruga hrvatskih menadžera sigurnosti – UHMS, Zagreb.
6. Christopher J. Cubbage and David J. Brooks, (2012). *Corporate Security in the Asia-Pacific Region:Crisis, Crime, Fraud, and Misconduct,* CRC Press, pp. 3-16
7. Michael Genser, (2005). *A Structural Framework for the Pricing of Corporate Securities: Economic and Empirical Issues,* Springer-Verlag New York, LLC, pp. 196-238
8. Nicole Deitelhoff, Klaus Dieter Wolf (Editor), (2010). *Corporate Security Responsibility: Corporate Governance Contributions to Peace and Security in Zones of Conflict,* Palgrave Macmillan, pp. 2-20
9. Marković, I. Slobodan, (2013). *Korporativna i korporacijska bezbednost,* USEE, Novi Sad.
10. Милошевић, М., (2010). *„Појам и садржаји корпоративне безбедности“, у: Научни скуп „Дани безбједности“на тему: „Корпоративна безбједност – ризици, пријетње и мјере заштите“(Зборник радова),* Факултет за безбједност и заштиту Универзитета Синергија, Бања Лука, стр. 59-60
11. Триван Драган, (2010). "Одлучивање у корпоративној безбедности", у: *Корпоративна безбедност – ризици, пријетње и мјере заштите* (Зборник радова), Факултет за безбједност и заштиту, Универзитет Синергија, Бања Лука, стр. 399-400
12. Peter Reid, (2012). *How to Land a Top-Paying Corporate securities research analysts Job,* Emereo Pty Ltd, pp. 5-25
13. https://sh.wikipedia.org/wiki/Korporacija пристапено на 15.10.2017.

# ВАЖНОСТА НА ИЗУЧУВАЊЕ НА КРИМИНАЛИСТИЧКА ПСИХОЛОГИЈА ЗА РАБОТАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

***проф. д-р Валентина Баиќ***
*Kriminalističko policijska akademija, Beograd*

**Апстракт**

Криминалистичката психологија е застапена повеќе од четириесет години во југословенската и српската теорија и практика.. Наспроти наведениот факт, не постои општ консензус во однос на тоа што се означува под поимот криминалистчка психологија и што е предмет на нејзиното изучување. Првите позначајни разгледувања за криминалистичката психологија се изнесени во словенечката литература во 90-тите години на минатиот век, каде што криминалистичката психологија се дефинира како применета психолошка дисциплина која ги проучува психолошките аспекти на истражната постапка. Ставот дека криминалистичката психологија е применета психолошка дисциплина, чии знаења се неопходни за сите фази на криминалистичкото истражување, односно дека тие знаења можат да придонесат за планирање и спроведување на процесот на криминалистичкото истражување на кривичните дела и утврдување и процесуирање на нивните извршители, го поддржува и авторката на овој труд. Овие знаења посебно доаѓаат до израз во истражувањето на кривични дела, бидејќи сè повеќе зборуваме за психолошкиот аспект на криминалистичкото истражување, за бихевиорални карактеристики кои се манифестирани во рамките на извршеното кривично дело, за карактеристиките на извршителот на кривичното дело итн.

Значи, сè повеќе се уважува фактот дека кривичното дело претставува видлива манифестација на одредена структура на личноста како и дека кривичното дело и извршител се на специфичен начин меѓусебно поврзани.
Од друга страна, важноста на психолошките знаења и вештини, се нагласува и во постапка на прибирање информациите од личните извори (во предистражна постапка), како и во случај на проверката на вистинитоста на нивните искази.
Испрашување на личните извори бара примена на соодветни криминалистички и психолошки знаења, имајќи предвид дека целта на испитувањето е да се добијат информации кои се точни, релевантни и потполни. Комплексноста на испитувањето постои не само заради стандардизираните постапки на испитувањето туку и заради фактот што личните извори можат да бидат различни категории на лица, како што се деца, малолетници, постари лица, лица со специфично однесување, т.е. телесно оштетени лица, лица со полесни и потешки ментални или карактерни пореметувања итн.

Истовремено, овие категории на лица можат да бидат од различен пол, возраст, професија, интелектуално, образовно и културно ниво, матерјален и социјален статус, што битно ја усложнува не само постапката на испитувањето

туку и нивната проценка според психолошките карактеристики кои се доминантни во структурата на личноста.

***Клучни зборови***: *криминалистичка психологија, предистражна постапка, криминалистичко истражување, лични извори на информации*

## 1. ВОВЕД

Криминалистичката психологија е застапена повеќе од четириесет години во југословенската и српската теорија и практика. Наспроти наведениот факт, не постои општ консензус во однос на тоа што се означува под поимот криминалистичка психологија и што е предмет на нејзиното изучување.

Постојат повеќе причини кои можат да ја објаснат ваквата состојба, а еден од најважните е тој, што нејзиниот предмет на проучување било тешко да се разликува од некои психолошки дисциплини кои се занимавале со проблематиката на криминалното однесување.

Во германската литература е очигледно дека терминот *kriminalpsichologie* се изедначува со содржината на криминална психологија (Umek, 1992), која, според мислењето на германските теоретичари се занимава со криминално однесување и мотивација на луѓето (Hoffmann, 2015). Во англосаксонската литература во употреба се термините психологија на криминалот [24] и криминална психологија[25].

Психологија на криминалот се означува како наука која ги проучува однесувањето и менталните процеси на возрасните и малолетните извршители на кривичните дела (Bartol & Bartol, 2008), додека криминалната психологија се дефинира како психологија на криминално однесување, односно психологија која се занимава со психолошките аспекти на криминалното однесување (Howitt, 2009). Истовремено, американските автори криминалистиката [26] ја изедначуваат со кримналистичката техника или со лабораториските истражувања (Umek, 1992), додека истрагата на кривичните дела [27] се изедначува со нашата концепција на криминалистиката и криминалистичката истрага (Maver, 1997). Тоа е веројатно, една од причините заради што терминот криминалистичка психологија не е застапен во англосаксонската литература иако се зборува за примената на психолошките методи во истрагата на кривичните дела (Umek, 1992).

На просторите на поранешната Југославија развојот на психологијата на криминалот се одвивал во рамките на судската психологија, па заради тоа во почетокот се сметало дека психологија на криминалот е дел од судската психологија (Kolarević, 2015), која се занимава со проучување на

---

24 Engl. Psychology of Crime
25 Engl. Criminal Psychology
26 Engl. Criminalistics
27 Engl. Criminal Investgation

психолошките причини и манифестации на криминалитетот (Aćimović, 1988).

Денешното сфаќање на српските автори (Gojković, 2009; Milovanović, 2005; Radulović, 2006) за тоа што е психологија на криминалот, главно се поклопува со сфаќањето на Bartola i Bartola (Bartol & Bartol, 2008), со тоа што Kolarević (2015) зборува нешто и за пошироко сфаќање кое ги опфаќа и практичните аспекти на примената на психологијата во сузбивање на криминалитетот[28].

Први значајни разгледувања на криминалистичката психологија се изнесени во словенечката литература во 90-тите години на минатиот век. За криминалистичката психологија и нејзиниот однос со поврзани психолошки дисциплини, како што е психологија на криминал, правна психологија, полициска психологија, словенечкиот автор Umek (Umek, 1999) зборува во својот труд „Нацрт на криминалистичката психологија и нејзиниот однос со поврзани психолошки дисциплини“[29]. Тој криминалистичката психологија ја дефинира како апликативна психолошка дисциплина, која ги проучува психолошките аспекти на истражната постапка. За разлика од одредувањето на психологија на криминал како наука која ги проучува однесувањето и менталните процеси на возрасните и малолетните извршители на кривичните дела, предмет на проучување на криминалистичката психологија не е само однесување на извршители на кривични дела туку и на жртви, сведоци и криминалисти, односно на сите учесници на криминалистичката истрага.

Ставот дека криминалистичката психологија е применета психолошка дисциплина, чии знаења се неопходни во сите фази на криминалистичкото истражување, односно, дека тие можат да придонесат за планирање и спроведување на процесот на криминалистичкото истражување на кривичните дела, како и за утврдување и процесуирање на нивните извршители, го поддржува и авторот на овој труд.

Овие знаења посебно доаѓаат до израз во истрагата на кривичните дела бидејќи сè повеќе се зборува за психолошкиот аспект на криминалистичкото истражување, за бихевиоралните својства кои се манифестираат во извршеното кривично дело, за карактеристиките на извршителот итн. Значи, сè повеќе се почитува фактот дека кривичното дело претставува видлива манифестација на одредена структура на личност, како и дека кривичното дело и извршителот на специфичен начин се меѓусебно поврзани.

---

[28] Под практичните аспекти се подразбира примената на криминалистичкото интервју криминалистичкото профилирање, полиграф, преговарање и хипноза како алтернативни методи во борбата против кримналот. Kolarević, D. (2015). *Psihologija kriminala*. Beograd: Kriminalističko policijska akademija, str. 95.

[29] Umek, P. (1999). Oris kriminalistične psihologije in njenih razmerij s sorodnimi psihološkimi panogami. *Varstvoslovje 1(2),* 59-63.

## 2.ПРИМЕНА НА ПСИХОЛОШКИТЕ МЕТОДИ ВО ИСТРАГА НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

Во истрагата на кривичните дела покрај криминалистичките и психолошките знаења, имплементирани се и бројни методи на природни, општествени и технички науки. Сите овие методи можат да се сметаат за истражни, бидејќи се во функција на криминалистичката истрага, чија цел е прибирање на доволен број информации за одредено кривично дело и неговите актери.

Криминалистичкото истражување е сигурно посебен криминалистички сознаен процес, кој покрај знаењата и вештините на одредени науки и дисциплини, имплицира примена на кохерентен збир на одредени психолошки знаења, со цел унапредување на ефикасноста и ефективноста на криминалистичкото постапување.

Со сублимирање на многу аспекти на психологијата, криминалистичката психологија се обидува да ги опише делата на извршителот и да одговори на многу прашања кои се однесуваат на разбирањето на нивното криминално однесување. За подлабоко разбирање на криминалното однесување посебно се значајни одредени психолошки содржини кои се однесуваат на мотивите (извршување на кривично дело), начинот и процесот на донесување на одлука за извршување на кривичното дело, начинот на неговото извршување, односно однесувањето на извршителот, пред, за време и по извршување на кривичното дело. Значи, разбирањето на криминалното однесување е повеќекратно значајно за откривање на фактите, пронаоѓање на информации во врска со истрагата, како и за донесување на заклучоци во постапката на расветлување на кривичните дела. Придонесот кон истрагата посебно се манифестира во однос на нивото до кое извршителот на кривичното дело покажува различни психолошки карактеристики (Canter, 2004).

Криминалистичката психологија, покрај психолошките знаења, имплицира и бројни криминалистички знаења и вештини и реферира во сите фази на криминалистичкото истражување, започнувајќи од прибирање на криминалистички релевантни информации насочени кон идентификување на извршител, со примена на методи и техники на психолошката проценка, потоа постапка за прибирање на информации од лични извори (сведоци, жртви или осомничени лица) (Baldwin, 1993; McGurk, Carr & McGurk, 1993; Milne & Bull, 1999; Shaw, 2002; Umek, 1999), до постапката на проверка на вистинитоста на добиените искази.

Во последно време, во криминалистичката пракса сè повеќе се зборува за важноста од проценката на вистинитоста на исказите на лица кои се испитуваат во предистражната постапка. Тежиштето на изноаѓање на вистината е токму во предистражната постапка, а не на главниот претрес, на кој постоечките докази мораат да се изведат и да се испита нивната одржливост.

Имајќи ја предвид важноста на персоналните докази, целисходно е секој исказ на осомничено лице, сведок или жртва на кривичното дело, постојано да се проверува во поглед на нивната вистинитост. Од една страна тоа секако подразбира нивната содржина да се споредува со достапните материјални докази или други искази на личните извори. Од друга страна, проверување на вистинитоста на содржина на исказите, подразбира примена на различни вештини и знаења во чија основа се психолошките знаења.

Познавањето на психологија на исказот е значајно од аспект на адекватната проценка на вистинитоста на добиените податоци, посебно имајќи предвид дека исказот е сложен психолошки чин кој се наоѓа во трагите на помнењето на некој настан, како и на способноста и волјата тие траги на испитувачот да му се чинат употребливи (Grasberger, 1958). Затоа, за да може да се изврши проценката на исказот на осомничено лице, но и на други лични извори, неопходно е разбирањето на законитостите на настанување и развој на одредени психички процеси (кои се одвиваат во секоја единка), како и на одредени својства на личност. Секој исказ поминува низ фаза на перцепција, фаза на помнење и фаза на репродукција, кои битно ја одредуваат нејзината содржина и карактеристики (Deljkić, 2012; Deljkić, Džepina, 2016; Roso, 1995). Овие психички процеси се поврзани со некои други процеси, како што се емоции и мотивација, како и со мислењето кое овозможува човек да ја премине границата на непосредната перцепција и да создаде попотполна слика на објективната стварност (Ivanović, Baić, 2016; Zvonarević, 1978).

Меѓутоа, треба да се има предвид индивидуалната различност на сетилните органи, како и субјективноста на секоја изјава која потекнува од аперцепциона подготвеност, способност за запазување и способност за изразување.

Значи, можеме да зборуваме за меѓусебна поврзаност на психичките настани кои се веродостојни за учинокот на исказот, заради што прашањето на веродостојност треба да се поставува во секоја фаза на исказот (Grasberger, 1958). Почетната точка за оценката
на исказот се состои во утврдување на постоење или непостоење на волјата за изнесување на вистината, односно намерата за изнесување на невистина.

## 3. НАМЕСТО ЗАКЛУЧОКОТ

Од периодот на востановување на психологијата како наука до денес се собрани значајни информации за човекот, неговата психа и различни аспекти на човековото однесување. Со примена на научните сознанија, психологијата се развила во специфичен облик на услужна дејност. Денес скоро да не постои област, поточно подрачје на човековата активност во која не може да се применат содржини на бројни психолошки дисциплини. Така, меѓу останатите подрачја, психологијата го нашла своето место и во областа на полициската работа.

Подрачјето на психологијата е широко, заради што криминалистичката психологија ги користи знаењата на некои теориски и

применети психолошки дисциплини. Една од нејзините основни задачи е да овозможи подобро разбирање на однесувањето и постапките на луѓето, значи, да презентира елементарни знаења кои се однесуваат на личноста, нејзините психички процеси, особини и способности. Таквите знаења даваат многубројни информации за внатрешната, емоционална состојба на човекот, неговите намери, мотиви, односно личноста воопшто. Од причина што девијантното однесување е производ на делување на потрајно и систематско влијание на социо-психолошките и био-психолошките чинители, една од задачите на криминалистичката психологија всушност е да понуди знаења за криминалното однесување како и за различни облици и психолошките содржини на таквото однесување.

Ако го земеме предвид фактот дека кривичното дело има своја објективна, но и субјективна страна, бидејќи е израз на психички особини на извршител, односно претставува видлива манифестација на неговата структура на личноста, потполно е разбирливо колку, покрај правните и криминалистичките знаења, се корисни и одредени психолошки знаења.

Примената на овие знаења се посебно значајни за криминалистичката истрага, со цел разбирањето на индивидуалното однесување на извршителот на кривичното дело. Функцијата на криминалистичкото истражување, кое можеме да го набљудуваме како посебен криминалистичко-сознаен процес, е детерминирана со прибирање на доволен број информации, односно лични докази за одреден криминален настан и неговите актери (Deljkić, Fazlić, 2015). Потоа, психолошките знаења кои исто така имаат посебно значење за криминалистичката дејност се: (Deljkić, Fazlić, 2015):

- профилирање, односно испитување на начинот и обрасците на вршењето на криминалните активности и разјаснување на нивната поврзаност со психолошките и социјалните карактеристики на извршителите на кривичните дела;
- анализата на процесот на истражување на кривични дела, која опфаќа оперативно-тактичка и истражна компонента на криминалистичката дејност;
- проценката на криминалистичките информации и унапредување на процесот на утврдување на фактичките околности, кои директно или индиректно влијаат на постоењето на кривичното дело и извршителот.

Потоа, успехот на криминалистичката истрага во голема мера е условен со информации кои се добиваат од сведоците, жртвите и осомничениот. (Baldwin, 1993; McGurk, Carr & McGurk, 1993; Milne & Bull, 1999; Shaw, 2002). Испрашувањето на личните извори бара примена на криминалистичките и психолошките знаења, имајќи предвид дека целта на испитувањето е да се добијат информации кои се точни, релевантни и потполни (Ivanović, Baić, 2016; Ivanović, Baić, Lajić, 2017). Комплексноста на испитувањето постои не само заради тоа што не постојат стандардизираните постапки на испитувањето туку и заради фактот што личните извори можат да бидат различни категории на лица, како што се

деца, малолетници, постари лица, лица со специфично однесување, т.е. лица со посебни потреби, сексуални работнички, лица со интелектуална попреченост или со карактерни пореметувања. (Ivanović, Baić, 2016; Ivanović, Baić, Lajić, 2017). Истовремено, овие категории на лица можат да бидат лица од различен пол, возраст, професија, интелектуалено, образовно и културно ниво, материјален и социјален статус, што во голема мера ја усложнува не само постапката на испитувањето туку и нивната проценка според психолошките карактеристики кои се доминантни во структурата на личноста (Ivanović, Baić, 2016, Ivanović, Baić, Lajić, 2017). Од аспект на извршителот на кривичното дело, основната карактеристика на испитувањето е постојана претпазливост и тенденција на ускратување на изјавите, пред сè заради стравот од правните санкции, чувството на срам (од извршеното кривично дело) и страв од одмазда заради вмешаноста на други лица (Deljkić, Džepina, 2016; Heaton-Armstrong, Sheperd, Gudjonsson, & Wolchover, 2006).

Постапките и однесувањата на луѓето можат да се набљудуваат и во контекстот на она што го соопштуваат, како и на начинот на кој тоа го соопштуваат. Во полициската пракса често се среќаваме со феноменот на лажење, за време на сослушување на осомничените лица или други лични извори во преткривичната постапка, кои покажуваат подготвеност за зборување на невистини. Ваквото однесување е под влијание на факторите кои пред сè се однесуваат на личноста на оној кој лаже, неговите способности, мотивацијата, како и на низа таканаречени фактори што зависат од одредена ситуација, а кои се однесуваат на комплексноста на лажењето, висината на казната и последиците, како и од стилот на интервјуирање (Baić, Areh, 2015). Една од практичните задачи на криминалистичката психологија е и да придонесе за анализата на веродостојноста на исказот, анализата на невербалното однесување и анализата на физиолошките показатели, односно да придонесе за идентификување на лажењето.

На важноста на примената на психологијата во фаза на криминалистичката истрага, уште во 1898 година укажал основачот на криминалистиката Ханс Грос (Hans Gross 1847–1915) во своето дело „*Криминална психологија*". Изнесувајќи ги своите размислувања за истражување на злочинот и нивните извршители Грос посебно ја истакнал важноста на поврзување на сите информации собрани од местото ан кривичниот настан со цел разбирање на профилот на можниот извршител (Canter & Youngs, 2009). Денес е сосема сигурно дека психолошките знаења и вештини можат да придонесат за планирање и спроведување на процесот на криминалистичкото истражување на кривичните дела, како и за утврдување и процесуирање на нивните извршители (Deljkić, Fazlić, 2016).

## 4. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Aćimović, M. (1988). *Psihologija zločina i suđenja*. Beograd. Savremena administracija.
2. Baić, V., Areh, I. (2015). *Detekcija laganja*. Beograd: Sinapsa edicije.
3. Baldwin, J. (1993). Police interview techniques – establishing truth or proof? British Journal of Criminology, 33, pp325-351.
4. Bartol, C. R., Bartol, A.M. (2008). *Introduction to Forensic psychology*.Thousand Oaks: Sage Publications.
5. Canter, D. (2004). Offender profiling and investigative psychology, *Journal of investigative psychology and offender profiling*, 1(1), 1-15.
6. Canter, D.,Youngs, E. D. (2009) *Investigative Psychology: Offender Profiling and the Analysis of Criminal Action.* Chichester: Wiley.
7. Deljkić, I. (2012). *Kriminalistički spoznajni proces. Utvrđivanje alibija u provjeravanje alibija.* Sarajevo: Centar za istraživanje politike suprostavljanja kriminalitetu.
8. Deljkić, I., Džepina, I. (2016). *Tehnike ispitivanja osumnjičenih osoba.* Sarajevo: Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije.
9. Deljkić, I., Fazlić, A. (2016). Značaj metode kriminalističkog profiliranja za planiranje kriminalističkog istraživanja. *Kriminalistička teprija i praksa, 3* (5), 27 – 41
10. Gojković, V. (2009). *Psihologija kriminalnog ponašanja*. Novi Sad: Prometej.
11. Grasberger, R. (1958). *Psihologija krivičnog postupka*. Subotica: Minerva.
12. Heaton-Armstrong, A., Sheperd, E., Gudjonsson, G., Wolchover, D. (2006). *Witness testimony: Psychological, investigative and evidential perspectives*. Oxford: Oxford University Press.
13. Hoffmann, J. (2015). *Menschen entschlusseln. Ein Kriminalpsychologe erklart, wie man spezielle Analyse und Profilingtechniken im Alltag nutzt.* Munchen: Mvg Verlag.
14. Howitt, D. (2009). *Forensic and Criminal Psychology.* Harlow: Pearson Education.
15. Ivanović, Z., Baić, V. (2016). *Taktika obezbeđivanja iskaza.* Beograd: Kriminalističko policijska akademija.
16. Ivanović, Z., Baić, V., Lajić, O. (2017). Naučni pristup analizi pribavljanja ličnih dokaza u predistražnom postupku. *Tematski zbornik radova sa naučno stručnog skupa sa međinardonim učešćem,* 2 (u štampi).
17. Maver, D. (1997). *Kriminalistika.* Ljubljana. Uradni list.
18. McGurk, B.J., Carr, M.J. & McGurk, D. (1993). Investigative interviewing courses for police officers: an evaluation. Police Research Series: Paper No.4. Home Office: London.
19. Milne, R. & Bull, R (1999). Investigative Interviewing: psychology and practice. John Wiley and Sons Ltd: Chichester.

20. Milovanović, R. (2005). *Psihologija kriminala.* Beograd: Policijska akademija.
21. Kolarević, D. (2015). *Psihologija kriminala*. Beograd: Kriminalističko policijska akademija.
22. Radulović, D. (2006). *Psihologija kriminala-psihopatija i prestupništvo.* Beograd: Fakultet za specijalnu edukaciju i rehabilitaciju i Institit za kriminološka i sociološka istraživanja.
23. Shaw, G. (1996). The new PEACE. *Police Review*, 5, 26-27.
24. Roso, Z. (1995). *Informativni razgovor i intervju.* II izmjenjeno i dopunjeno izdanje Ministarstvo unutrašnjih poslova. Zagreb.
25. Umek, P. (1999). Oris kriminalistične psihologije in njenih razmerij s sosrodnimi psihološkimi panogami. *Varstvoslovje 1*(2), 59-63.
26. Zvonarević, M. (1978). Psihologija. Zagreb: Školska knjiga.

# THE IMPORTANCE OF THE CRIMINALISTIC PSYCHOLOGY EXAMINATION FOR POLICE WORK


**Abstract**

In Yugoslav and Serbian theory and practice, criminal psychology has been present for more than forty years. Despite this fact, there was no general consensus as to what is meant by criminal psychology and what is the subject of her study. The first significant considerations on criminal psychology were presented in the Slovenian literary book of the 1990s, where criminal psychology is defined as an applied psychological discipline, which examines the psychological aspects of the investigative procedure. The opinion that criminalistic psychology is applied psychological discipline, whose knowledge is necessary for all stages of criminal investigation, ie that they can contribute to the planning and implementation of the criminal investigation of crimes, and the establishment and processing of their perpetrators, is supported by the author of this paper. This knowledge is especially evident in the investigation of criminal offenses, since we are increasingly talking about the psychological aspect of the criminal investigation, the behavioral characteristics that have been manifested in the perpetrated criminal offense, the characteristics of perpetrators of criminal acts, etc. Therefore, the fact that a criminal offense represents a visible manifestation of a particular personality structure is increasingly being respected, and that the criminal offense and the perpetrator are in a specific way interconnected.

On the other hand, the importance of psychological knowledge and skills is also emphasized in the process of collecting information from personal sources (in the pre-investigation process), as well as in case of verification of the truthfulness of their testimonies. The examination of personal resources requires the application of adequate criminal and psychological knowledge, bearing in mind that the objective of the examination is to obtain information that is accurate, relevant and complete. The complexity of the testing exists not only because there are no standardized testing procedures, but also because of the fact that personal resources can be various categories of persons, such as children, minors, elderly people, persons of specific behavior, i.e. physically impaired persons, persons with lighter and more severe mental or character disorders, etc. At the same time, these categories of persons can be persons of different sexes, ages, professions, intellectual, educational and cultural levels, material and social status, which substantially complicates not only the examination procedure, but also their assessment of the psychological characteristics that are dominant in the personality structure.



***Keywords***: criminalistic psychology, investigative procedure, criminal investigation, personal information sources

# ОБУКА ЗА ПРОГРАМАТА НА ТРЕТМАН НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ЗАТВОРСКИОТ ПЕРСОНАЛ ВО ФУНКЦИЈА НА НАМАЛУВАЊЕ НА РЕЦИДИВИЗМОТ

***проф. д-р Драгана Батиќ***
*Факултет за безбедност - Скопје*
*dbatic@yahoo.com*
***Лена Христовска***
*сектор за ресоцијализација, психолог КПУ Битола*

ВОВЕД

Основната цел на затворскиот третман, односно на ресоцијализацијата е промена на однесувањето на осудениците во согласност со општествените норми. Терминот реинтеграција во пенолошкиот третман е воведен под влијание на позитивистичката школа, според која, кривичното дело е последица на „болната состојба“ на престапникот, која, ако се примени медицинскиот модел, треба да се излечи и на тој начин осуденото лице да се преиспособи за нормален живот на слобода.

Неокласичната школа ја нагласува важноста на личноста на престапникот и се залага за индивидуализиран третман кој се изрекува по испитувањето на осуденикот, при што основните начела стануваат антирепресивна ориентација и хуманистички пристап во издржувањето на казната.

По познатиот труд на социологот Martinson од 1974 година „What works? Questions and answers about prison reform“, во која тој дава негативна оценка на третманот во затворите, врз основа на анализа на поголем дел од истражувањата кои ја имале за цел проценката на третманот, во стручните кругови зачестено започнува да се користи синтагмата „nothing works“, заради што фокусот на казнената политика, особено во САД, се поместува од третман кон казнување.

Критиката се однесува на високата стапка на рецидизизмот и покрај третманот, како и на можната злоупотреба на третманот што не оди во прилог на осудените лица. Ваквата ситуација ги мотивира пенолозите да се насочат на развивање на теорија за тоа зошто некои третамани се поуспешни од другите. За повторното враќање на концепцијата на третманот најмногу придонеле метаанализите за ефикасноста на третманот кои покажале дека најуспешни се когнитивно-бихевиорални програми на третман (насочени кон контрола на однесување, развивање на пожелни облици на однесување, развивање на социјални вештини, вештини на комуникација, развивање на нови начини за решавање на проблеми како и промена на погрешни начини на размислување кои се извор на проблемите) и кога се применети на потешките престапници (со високо ниво на ризик). Со метаанализата, која претставува синтеза на резултатите од поголем број поединечни истражувања за

ефикасноста на третманот, енормно се зголемува бројот на испитаниците што влијае на статистичките тестови на значајноста. Анализите биле насочени кон споредување на експерименталните (третманските) и контролни групи (кои не поминале низ третман). Ефикасноста на третманот е поголема доколку во третманските групи е помала стапката на рецидивизмот. Метаанлизите покажале дека најдобрите програми, на пример оние кои се засноваат на RNR модел, имаат ефекти кои се движат околу 35% редукција на рецидивизмот (Andrews, Bonta, 2010).

Се покажало дека ефикасните програми користат техники кои влијаат врз мислењето, техники кои можат да ја зголемат контролата на импулсивноста, чувствителност за последиците од своето однесување, ја зголемуваат способноста за решавање на проблеми, разбирање на другите луѓе.

Метаанализата спроведена од Andrews и Bonta, која вклучува осум различни податоци од осум независни метаанализи, идентификува дека главни корелации со криминално однесување имаат: антисоцијално мислење, антисоцијално друштво и антисоцијална историја. Оваа анализа покажува дека постојат и две главни модератор варијабли а тоа се: зависност од супстанци и семејство и брачните односи. Заради тоа, се смета дека во текот на третманот интервенциите треба да бидат насочени кон прашањата на зависност од супстанци, додека по излегувањето од затвор вниманието мора да се насочи кон потенцијално влијание на членовите на семејството[30]. Се смета дека единствен конструкт кој може да го предвиди исходот на третмант е антисоцијалното мислење кое се третира во моделите базирани на когнитивно-бихевиорална терапија.

Доколку е ефикасен, третманот има шанси да ги помири: интересите на осуденото лице со тоа што му се пружа конкретна помош која ќе му помогне да престане со деликвенто однесување и да научи да живее поквалитетно, интерес на конкретната установа и поширокиот систем, како и општествен интерес за намалување на рецидивизмот.

## МОДЕЛ НА РИЗИК-ПОТРЕБА-РЕСПОНСИВНОСТ

Моделот RNR [31] е денес највлијателниот модел за проценка и третман на осудените лица. Развиен во осумдесетите а официјализиран во 1990 г., како главна цел го промовира намалувањето на ризикот на повторување на кривичните дела и заштита на заедницата од натамошната штета. Моделот воспоставува три основни теоретски принципи клучни за ефективен третман а тоа се: принцип на ризик, принцип на потреба и принцип на респонсивност.

[30]Serin R., \Lloyd C., Hanby L. : Enhansing Offender Re-entry, an Integrated model for enhancing offender re-entry, Europian Journal of Probation, Vol. 2.No2, 2010 pp. 53-75

[31] Andrews, D. A., Bonta, J., & Hoge, R. D. (1990). Classification for effective rehabilitation: Rediscovering psychology. Criminal Justice and Behavior, 17,19-52.

RNR модел најмногу се применува во Канада, од каде што и потекнува, Велика Британија, Австралија и Нов Зеланд како и во некои делови на САД.

Andreus, Bonta и нивните колеги ја нагласуваат важноста на психологијата за посакуваната промена на осудените лица. Имено, тие сметаат дека напорите за спречување на криминалот кои ја отфрлаат или се несвесни за психологијата на човековото однесување во најголем број случаи не успеваат во својата цел. Тие тргнуваат од претпоставка дека психологијата има голема улога во ефективноста на казната. Нивниот став е дека, иако не ги негираат принципите на правдата, законите и општествените науки како што е социологијата, антропологијата и политичката економија. Држењето само до тие принципи нема да го зајакне спречувањето на криминалот доколку не се применуваат во соодност со практично проверени психолошки принципи за влијание врз промена на однесувањето. Во 1990 година тие ги повикуваат сите кои се занимаваат со пенолошката наука, „повторно да ја откријат психологијата“[32]со цел да се зголеми ефективноста на затворскиот третман.
Andreus и Bonta (1998) наведуваат четири принципи на класификација кои се предуслов за ефективен третман: принцип на ризик, принцип на потреби, принцип на респонзивност и принцип на професионална дискреција.

Два битни аспекта на ***принципот на ризик*** се: можноста за предвидување на ново криминално однесување врз основа на степенот на ризик, а потоа во согласност со тоа вклучување на престапникот во најприкладен облик на третман. Факторите на ризик се делат на статички и динамички. Статичките се оние кај кои ништо не може да се смени (на пр. криминална историја, неповолни услови во примарното семејство во детството, машки пол). Динамичките фактори се оние кои можат да се менуваат и затоа се посебно значајни за третманот (ниско образование, прокриминални ставови, дружењето со асоцијалните личности, конзумирање на алкохол/дрога).

До денес се идентификувани ***осум ризични фактори***, познати како централни осум. Тоа се: историја на криминогено однесување; антисоцијална личност (импулсивност, барање на возбуда), антисоцијално однесување, вредности, верувања, размислувања и идентитет; дружењето со антисоцијални личности; злоупотреба на опојни супстанци; незадоволувачка семејна и брачна ситуација (дисфункционални односи или поддржување на криминал); недостаток на образование и вработување; недостаок на вклученост и задоволство од социјални и рекреативни активности.

***Принцип на потреби*** ја истакнува важноста од задоволување на потребите на престапникот. Според Andrews и Bonta потребите можат да се поделат на оние кои им се заеднички на сите луѓе и криминогени потреби кои претставуваат пречка за успешна интеграција во општеството. Криминогените потреби се динамички атрибути на престапникот кои можат да се идентификуваат како динамички фактори на ризик кои, всушност ги

[32] Исто

усмеруваат кон криминалот. „Заради тоа, криминогените потреби претставуваат цели на третманот, имено, тие треба да се неутрализираат а едновремено да се развијат некриминогени потреби, оние кои им се заеднички на сите луѓе, а особено потреби од повисок ред, според хиерархијата на потребите на Маслов“[33]. Воведување на криминогени потреби е новина во однос на поранешните програми за третман кои се фокусирале на психолошки/психијатриски потреби, погрешно верувајќи дека тоа би го подобрило адаптивното однесување и би го намалило повторното криминално однесување.

Теоретскиот контекст кој се однесува на криминогените потреби, Andreus и Bonta (2006) ги опишуваат како дистални (историски) и проксимални (моментални и ситуациони) во рамките на моделот кој ги вклучува следните фактори: лични, интерперсонални, општествени, кои ги зајакнуваат нивоата на криминално однесување (PIC- R) модел. На пример, перцепираната награда за криминално однесување се чувство на задоволство (личен фактор), награда од пријателите (интерперсонален), разликување од соседите (општествен) и матерјални добра (ситуационен). Овие интерни и екстерни фактори се во силна врска со криминалитетот и затоа мора да се имаат на ум во корективните интервенции. Се очекува третманот да ги смени, модифицира или намали овие фактори на начин кој ќе го редуцира идно повторно вршење на кривични дела (Andrews, Bonta, 2010)

***Принцип на одговорност (респонзивност)*** укажува на тоа дека третманот мора да биде прилагоден на индивидуални карактеристики на осудениците за да тие можат позитивно да реагираат на третман. Најважните се: интелектуален статус, образовен статус и конативни карактеристики, особено мотивираноста на престапникот, за што, пред почетокот на третманот се користи мотивационо интервју. Се покажало дека активни програми водени од квалификуван, едуциран и надгледуван персонал кои имаат цврст, но праведен стил на однесување и развиваат терапевтски сојуз со престапниците се најефикасни. Ефикасноста на третманот (мерена со рецидивизмот) зависи од интеракцијата меѓу карактеристиките на осуденикот (релативна емпатија, когнитивна способност, зрелост) и карактеристиките на сè што се однесува на третман (локација, структура, вештини и заинтересираноста на водителите). Карактеристиките како пол и етничка припадност исто така влијаат врз третманот.

„Примената на принципот на ризик помага да се идентификува ***кој*** треба да добие третман, принципот на криминогени потреби се фокусира на тоа ***што*** треба да се третира, а принцип на респонсивност подразбира значај на тоа ***како*** третманот треба да се испорача“[34] .

[33] Mejovšek M,: Uvod u penološku psihologiju, Naklada Slap, Zagreb, 2001

[34] Gendreau, P.&Andrews,D.A, 1990. Tertiaary prevention: What meta-analyses of the offender treatment tell us about what works, Canadian Journal of Criminology, 32 (1).173-184

Овој модел на третман ги зема предвид внатрешните (личните) и надворешните

(контекстуалните) фактори. Личните фактори се: когнитивни (верувања, когнитивни стратегии), афективните (емоции), свесни (цели, желби), бихевиорални (вештини и способности) и идентитетски (личен и социјален идентитет). Контекстуалните фактори се: околностите (законските или личните), локацијата (затвор, заедница), можностите (достапност на програми), ресурси (квалитет на интервенцијата и културата), лична поддршка (достапност на лица кои имаат желба конкретното лице да постигне успех) и карактеристики на програмата (вид на програма и период кога се спроведува). Основа на секој успешен третман претставува добра селекција на престапниците кои ќе подлежат на делотворен третман. Во почетокот на 70-тите расте свесноста за тоа дека проценката на ризик не треба да се темели само врз слободна проценка туку врз научно засновани инструменти. Во втората генерација спаѓаат скали за проценка, при што се сумираат резултатите на насловите: поголем резултат, поголем ризик за рецидивизам. Овие инструменти на класификација на престапниците за третман покажале задоволителни резултати; можеле да разликуваат престапници со понизок од престапници со повисок ризик од рецидивизам. Меѓутоа, недостаток на овие инструменти се, прво, што не биле засновани на одредена теорија, односно насловите не биле избрани затоа што се теоретски релевантни и второ, тие мереле само статички фактори на ризик, како што е на пр. криминална историја.

Согледувајќи ги ограничувањата на втората генерација на инструменти, во раните 80-ти во инструментите за проценка се вклучуваат и динамичните фактори [35]. Овие инструменти од третата генерација вклучуваат прашања кои се однесуваат на динамичките фактори на ризик како што се сегашна вработеност, пријатели со криминално однесување, семејните односи (поддржувачи и неподдржувачки). Третата генерација на инструменти ги испитуваат факторите „ризик потреба“, а неколку од нив се теоретски засновани како што е LSI-R (Level of Service Inventory-Revised, Andrews&Bonta, 1995). Оваа генерација на инструменти е осетлива за промените кои се случуваат кај осуденикот и им дава информации на вработените во ресоцијализација за тоа на кои потреби треба да се насочат во третманот. Успешното насочување кон тие динамички фактори придонесува за редукција на ризикот од рецидивизам. Последните години се развива и четвртата генерација на инструменти за проценка на ризик кои вклучуваат поширока палета на фактори на ризик кои не биле мерени до сега и други лични фактори кои се важни за третманот. Пример за таков инструмент е

[35] Bonta, J., & Wormith, S. J. (2007). Risk and need assessment. In G. McIvor & P. Raynor (Eds.), *Developments in social work with offenders* (pp. 131-152). Philadelphia, PA: Jessica Kingsley Publishers.

Level of Service/Case Managenment Inventory (LS/CMI; Andrews&Bonta,&Wormith, 2004).

**НА КОЈ НАЧИН СЕ ОДВИВА ПРОМЕНАТА ПРЕКУ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТРЕТМАН?**

Кога ќе се се направи добра селекција на осудените лица потребно е да се започне со третман за кој се претпоставува дека ќе доведе до процес на менување.

Когнитивно-бихевиорална терапија ( Cognitive–behavioural therapy (CBT) произлегува од две различни подрачја, од когнитивната теорија и од бихевиораланата теорија. Бихевиоризмот се фокусира на однесувањето на човекот, бидејќи тоа може да се набљудува при што ги занемарува внатрешните ментални процеси, сметајќи дека тие не можат објективно да се набљудуваат, па според тоа не можат ни да бидат предмет на науката. „Бехевиоралната терапија, наједноставно кажано, се занимава со менување на однесувањето со цел подобрување на здравјето“[36].

За разлика од бихевиоризмот, когнитивниот пристап ја нагласува важноста на внатрешните мисловни процеси и во модерната психологија се јавува како реакција на премногу тесен поглед на бихевиорална психологија. Имено, уште Бандура ја нагласува важноста на внатрешните ментални процеси во регулацијата и модификацијата на однесувањето во своето класично дело„ Principles of behavior modification“ [37].

Во наредниот период терапевти со бихевиорална ориентација вметнуваат сè повеќе когнитивни елементи, а терапевти на когнитивната ориентација се повеќе бихевиорални елементи, така што со текот на годините когнитивна терапија станува сè повеќе бихевиорална, додека бихевиоралната терапија станува сè повеќе когнитивна што доведува до формирање на когнитивно-бихевиорална терапија.

Осудените лица (престапниците) најчесто имаат антисоцијален начин на размислување кое подразбира бегање од одговорноста и социјалните норми. Многу од нив се чувствуваат неправедно третирани и научени да користат девијантен, непријателски став како дел од својата основна ориентација кон животот и кон другите луѓе. Непријателството кон другите и ставот на жртва се научени когнитивни однесувања. За престапниците да се сметаат себеси за жртва им дава чувство на бес, моќ и самозадоволство, додека на признавањето на грешките се гледа како знак на слабост и ранливост. Во односите со другите доминира борба за моќ, а ориентација победник/губитник е доминантна во релациите. Притоа, победата се дефинира како принудување на другиот да изгуби. Задоволството како резултат на ваков вид на победа за некои престапници е единственото задоволство кое го

[36] Erić, Lj.: Psihoterapija, Psihopolis, Novi Sad, 2011
[37] Bandura, A. Principles of behavior modification. New York: Holt, Rinehart & Winston, 1969

научиле. Многу од нив, ако не и повеќето, имаат сериозен проблем како да се однесуваат на социјално прифатлив начин.

Од овој опис на престапниците следува дека, доколку со нив не се работи третман со кој ќе се менува нивниот начин на мислење и однесување, тие од затворот ќе излезат непроменети. Или, како што велат Zamble i Porporino, критикувајќи ги затворите дека не преземаат доволно активности за подобрување на стратегиите за соочување кај осудениците: „Во затворите не се случува ништо важно со однесувањето на осудениците, така што затворот претставува 'длабоко замрзнување'“[38].

Третман претставува борба против „длабокото замрзнување“, давање шанса престапниците да се променат, а општеството да се заштити од криминалот.

Основната поставка на когнитивната теорија и терапија е дека начинот на мислење во најширока смисла, а попрецизно начин на толкување, проценување, обработка на податоци и заклучување, го одредува емоционално реагирање а потоа води кон однесување. „Когнитивно-бихевиорален пристап во третманот со затворската популација користи два основни пристапа за промена: реструктурирање на когнитивни настани и тренинг на социјални и интерпесонални вештини. Овие два пристапи се засилуваат меѓусебно: зајакнување на позитивно мислење води кон позитивно однесување, а зајакнување на однесување се должи на позитивни последици на тоа однесување“[39].

Според овој пристап когнитивните феномени кои водат до пореметеното однесување се: автоматски мисли, когнитивни дисторзии и когнитивни шеми.

Најважната цел на третманот во однос на наведените когнитивни феномени се менување на начинот на кои престапниците ги толкуваат, проценуваат и разбираат појавите и настаните во надворешниот свет, сопственото однесување и однесувањето на другите луѓе. Понатаму, менување на когнитивните шеми подразбира промена на основните ставови, верувања и претпоставки, кои претставуваат плодно тло за искривени, погрешни толкувања, проценување, разбирање и заклучување кои водат во криминално однесување. Накратко, целите на третманот е да се идентификуваат, преиспитаат и изменат автоматските мисли, когнитивните дисторзии и когнитивните шеми.

За да се постигне ова, освен низ тераписките сеанси третманот се спроведува и преку домашните задачи, чија цел е да се соберат податоци за начинот на размислување, однесување и чувствување на осудениците меѓу сеансите како и вежбање на новонаучените когнитивни вештини. Од

[38] Zamble i Porporino ,(1990): Coping, imprisonment and rehabilitation, Criminal Jusice and Behaviour, 17, 53 -70

[39] Milkman, H, Wanberg K., Cognitive-behavioral treatment, A review and Discussion for Corrections Professionals, 2007, http://static.nicic.gov/Library/021657.pdf

осудениците се бара да водат дневник за своите „проблематични“ мисли за кои се разговара во група.

Во затворскиот систем когнитивно-бихевиорална групна психотерапија се работи со група составено од 8 до 12 осуденици, а програмата е високо структурирана. Групата има позитивно дејство врз учесниците. „Припаѓање и заштита, стимулација и соработка, сознанието дека и другите имаат исти (или уште потешки проблеми) се благотворни групни искуства“ [40].Групата претставува систем за поддршка, која продолжува да функционира и по завршениот третман.

Во целокупниот третман важна улога игра разбирањето на односот меѓу чувствата (афективна компонента), ставовите и верувањата (когнитивна компонента) и однесувањето (бихевиорална компонента), со што се овозможува постигување на целта а тоа е промена на криминалното однесување.

Основна претпоставка е дека престапниците имаат недостиг на вештини за справување со секојдневните проблеми. Тоа вклучува учење на комуникациски вештини, тренинг на асертивност, унапредување на интерпесоналните релации, тренинг за разрешување на конфликти и управување со агресија. Бихевиорална компонента на третманот се состои од учење на социјални вештини вклучува: емпатија, охрабрување на неавторитарен, необвинувачки, асертивен начин на комуникација со другите и промоција на самоефикасност. Техниките како што е напр. играње на улоги, а кои се погодни за работа во група придонесуваат за учење на овие вештини преку вежбање на нови начини на однесување.

Когнитивно-бихевиорална терапија е психолошки, научно заснован пристап кој е ефикасен за широка палета на проблеми, меѓу кои е и криминалното однесување. Овој пристап обично е насочен кон тешкотиите „овде и сега“ и се потпира на развивање на заедничкото разбирање на проблемите на клиентот меѓу терапевтот и клиентот.

Овој пристап насочен кон индивидуата, нејзиниот начин на мислење, чувствување и делување со помош на терапевтот и групата ѝ помага да стекне просоцијално мислење и однесување, да преземе одговорност за своето однесување, да ги земе предвид потребите на другите и општеството. До ова се доаѓа со поставување на низа прашања кои се однесуваат на уверувања поврзани со криминално однесување, каде што тие ќе го однесат ако продолжи да ги следи, како тие го држат заробен во еден животен стил, што ќе му помогне да ги оствари своите цели кои не се поврзани со криминалот и уште многу други. Наоѓањето на одговори за секое од нив може да им помогне да го променат начинот на живот. Терапијата се одвива со помош на активен терапевт кој има улога на учител и тренер, кој ги води учесниците низ структурирани лекции користејќи палета на методи како што се играње на

[40]Srna J: Psihoterapija i savetovanje, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 2012

улоги, пробување на просоцијални ситуации, интензивен повратен ефект, вежби со пишување и домашни задачи, а кој притоа комуницира на асертивен и морален начин и кој, со сето ова станува модел за оние кои сакаат да се менуваат.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПИЛОТ КОГНИТИВНО-БИХЕВИОРАЛНА ПРОГРАМА ЗА ОСУДЕНИ ЛИЦА ВО МАКЕДОНИЈА

Во однос на третман на осудени лица, во затворите во Р. Македонија до 2015 година не постоело осмислено и континуирано спроведување на ваков вид на третман, што е една од забелешките на експертите на Совет на Европа кои препорачуваат обука на персоналот и следење (Kremer, Kriznik, 2013).

Во рамките на проектот поддржан од Совет на Европа „Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица", во текот на 2015 година се воведува Општа когнитивна програма за третман што претставува новина во пенитерцијрниот систем во Република Македонија. За таа цел прво е спроведена обука на одбран затворски персонал од целата држава од одделот за ресоцијализација од страна на европските експерти. Обуката беше насочена кон разбирањето на современите теориии за проценка на ризик како и на криминогените потреби и нивната важност во програмите за третман.

Се изготви кратка алатка за проценка на ризик на осудените лица со преработување на постоечкиот инструмент, за да може квалитетно да се селектираат осудените лица кои ќе учествуваат во третманска група. Во двете пилот-групи влегоа по 12 осуденици со среден и висок ниво на ризик.

Утврдувањето на криминогените потреби на осудениот е значајно заради примена на соодветна интервенција за тие конкретни потреби, како на пр. спречување рецидивирање кај злоупотребата на супстанци; работа на про-криминалните ставови и размислувања кои се испреплетени со сите други криминогени потреби, а кои треба да се намалат во текот на когнитивно-бихејвиорален третман.

Во рамките на овој проект во текот на 2015 година, во два затвора во Македонија, во КПУ Битола и КПУ Штип, е спроведена пилот Општа когнитивна програма за третман.

Пред почетокот на пилотирањето со општа когнитивна програма беше забележано дека вклученоста на осудените лица во процесот на проценка не е во согласност со најдобрите практики кои бараат процес на соработка и дијалог меѓу осуденото лице и лицето што го оценува. Логично е дека пред учеството во програма за третман осудените лица често немаат увид во причините зошто го сториле делото. На пример, тешко ги препознаваат когнитивните грешки што можеби придонеле до таквото нивно однесување. Затоа процесот на првична проценка на ризик беше насочена кон процесот на мотивирање за ангажирање во програма за третман.

Програмата за третман е заснована врз когнитивно-бихевиорален пристап. Во секој од двата затвора, програмата ја спроведуваа по две стручни лица со долгогодишно искуство кои се раководеа од претходно изготвениот прирачник (од четворица водители од кои тројца беа психолози).

Учесниците ја поминаа програмата низ 30 работилници, во времетраење од 1 час и 30 минути најмалку два пати неделно, а беа опфатени следните теми: мислење (развивање на основни уверувања, идентификација на стилови на проблематично мислење, алтернативни стилови на мислењето, мислење и емоции); емоции (проблематични емоции, емоции и однесување, регулација на емоциите, менаџирање на емоциите); комуникација (интерперсоналните односи, комуникациски вештини, „мојот стил“ на комуницирање, позитивни и негативни релации, зголемување на позитивни а намалување на негативни релации , „мојот пат кон криминалот“ (мапирање на стариот ЈАС, мапирање на новиот ЈАС) и на крај затворање на процесот.

Крајната цел на програмата беше на секој поединец да му се даде можност да развие „животно досие“, кое вклучува приказ за тоа како тие самите го гледаат „старото јас’’ и како би сакале да се видат во иднина за да можат да почнат да ги идентификуваат деловите од програмата кои ќе бидат корисни во овозможување на оваа промена. Ова постојано се разгледува низ целата програма, а потоа и при завршување на програмата, каде што се идентификуваат преостанатите потреби и се изготвува план за поддршка со цел да се задоволат истите потреби. Процесот овозможува да се избегне административен пристап, а осуденото лице е постојано ангажирано и мотивирано во процесотот на ресоцијализација. Важен дел од програмата, којшто треба да се истакне е „пишувањето дневници“, односно барањето до учесниците активно да ги следат своите размислувања и емоции во секојдневието, и истото да го запишат.

Како илустрација за тоа како течеше програмата во едниот затвор, можеме да кажеме дека  учесниците за влез во програмата покажаа висок степен на интерес, што се оцени повеќе како резултат на потреба за промена на активностите во секојдневието, отколку како реална потреба и интерес со желба за промени.

По влезот во програмата настапи запознавање како со водителите, така и меѓусебно, учесниците се ослободуваа од непријатното чувство на почетокот на работата во група, со оглед на тоа што ретко кој од нив имал слично искуство од претходно. Беа воведувани вежби за загревање и опуштање како основа на идната континуирана заедничка работа.

Подоцна, кога настапија  обврските и фрустрациите од соочувањето со себе, со своето минато, како и влијанието на останатите осудени лица во одделенијата кои не беа опфатени во програмата и влијанието на персоналот, кој не беше поминат низ едукативна подготовка, во првата третина на програмата се случи отпор од некои учесници во програмата. Отпорот беше во насока на попречување на идниот тек на програмата, па се доби впечаток дека групата ќе се расформира, дека ќе настапи откажување со меѓусебно

негативно повлекување и дека целата програма ќе пропадне. Заради ова, беше неопходно дополнително мотивирање и развивање на позитивен дух на групата, внимателно и постепено, во насока на истакнување на важноста на самата програма за нив. Учесниците постојано беа потсетувани на придобивките кои, дополнително од страна на Управата на КПУ, беа понудени во функција на мотивирање, по што сфаќаа дека зависат еден од друг. Така започнаа да градат врски, да се прифаќаат, да воспоставуваат блискост со збогатување на правилата кои беа заеднички, јасно дефинирани и истакнати на видно место за потсетување. Потоа се пристапи кон воведување и на вежби за подигање на енергијата за работа и градење на свест за моделот на когнитивно-бихевиорална терапија.

Во текот на спроведувањето на програмата, најголемиот проблем беше всушност откривањето на автоматските мисли кои стојат зад емоциите и однесувањето. За да можат осудениците да дојдат до нив во третманот, стручните лица се обидуваа да ги преиспитаат и да ги конфронтираат со нивните ставови, верувања и мисли кои доведуваат до одредени емоции и до криминалното однесување.

Со оглед на тоа што се работи за анализа на сопствениот живот на начин на кој тоа никогаш не го правеле, беше исклучително тешко за осудените лица кои мораа пред група да ја откриваат поврзаноста на нивниот криминален животен стил со мислите и чувствата кои стојат зад ваквото однесување.

Во сесиите учесниците се поттикнуваа да ги поврзат своите однесувања, мисли и емоции. Со секој осуденик кој ја правеше својата мапа на престап, се работеше сè додека тој не ги поврза работите, што беше најтешко односно, разграничување на однесувањето, мислите и емоциите. Ова бараше голема умешност од водителите на групата и не беше секогаш лесно да се дојде до суштината. Иако им беше тешко, осудениците се трудеа да дадат максимум, така што отворено зборуваа за својот живот и за престапот. Групата имаше многу важна улога во поттикнување и поддршка на секој што ќе излезеше да го „мапира“ својот престап.

При крајот на третманот скоро кај сите учесници на програмата се забележуваа видни промени во размислувањето, прифаќање одговорност и обид да се поврзат мислите, емоциите и криминалното однесување.

Што се однесува до водителите, терапевтскиот однос кој го воспоставија го олеснуваше одвивањето на програмата, како и познавањето на осудените и нивните можности пред спроведување на програмата.

Програмата беше насочена кон тоа учесниците да бидат свесни за сопственото размислување и за начинот на кој тоа влијае врз нивните чувства и однесувања за да можат да го променат . Учесниците беа поттикнувани да се видат себеси во идно време на еден позитивен начин, оставајќи го зад себе несоодветното однесување како едно од грешките во животот: да го лоцираат проблемот, да го прифатат во насока на негово надминување со

повисок степен на зрелост во функција на превенција од повторно прибегнување кон неадекватно однесување.

Се очекуваше осудените да го практикуваат наученото во третманска група уште за време и по завршување на програмата, за време на престојот во затворот, но и во период по излегувањето.

Затоа е неопходно по завршување на програмата да постои асоодветна проценка како и продолжување на активности во насока на одржување на стекнатите придобивки, што се цени како можност за успех, а во спротивно за неуспех.

Додека се во затвор, осудените треба да добијат разбирање и поддршка од сите вработени, вклучувајќи ги и припадниците на секторот за безбедност со кои имаат секојдневна комуникација, а кога ќе излезат треба да добијат соодветна постпенална заштита. Во спротивно, одржување на развиените „кревки“ вештини изградени низ кратката Општа когнитивна програма, можат да дојдат во прашање, во услови на можен судир со претходно изградените стилови на однесување, срединските влијанија надвор од КПУ, предизвиците и прибегнување кон полесен начин на живот.

Заради тоа, неопходни се мерки за надминување на недостигот на социјална контрола од институции и лица во насока кон помош за примена на научените облици на разбирање и справување со потешкотиите, посредување во воспоставување адекватни релации, наоѓање работа, поддршка во примена на наученото од програмата за третман во однос на ставовите кои водат кон несоодветно однесување и развивање систем на постпенален прифат- да се работи на отпорот во средината од институции и лица на локално ниво.

## ОБУКА ЗА ПРОГРАМАТА НА ТРЕТМАН НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ЗАТВОРСКИОТ ПЕРСОНАЛ

Во некои когнитивни програми во затворите, се инсистира, покрај програма за третман како прва фаза на спроведување, на уште две фази по успешно помината когнитивна програма. За време на втората фаза, осудените лица се сместени во посебен оддел во затворот, се среќаваат во група со едуциран персонал најмалку три пати неделно и продолжуваат да ги идентификуваат грешките во мислењето кои се поврзани со криминално однесување, при што учат како да ги корегираат. Третата фаза настапува по излегувањето од затворот, како последна фаза во која се следат промените во постпеналниот третман (Lambert, Hogan, Barton, Stevenson, 2007). Се смета дека на тој начин промените ќе бидат потрајни, односно осудениците нема повторно да вршат кривични дела.

Според супервизорите на пилот-програмата во Македонија, во двата затвора програмата успешно е спроведена. Но, за да продолжат позитивните промени кај осудените лица, се констатира дека тие треба да бидат поддржани од останатите вработени во затворот, вклучувајќи го не само одделот за ресоцијализација туку и секторот за безбедност. Заради тоа, се јави потребата од соодвети обуки на целиот затворски персонал, за да можат да ја разберат

важноста на програмата како и нивната улога во одржување на промените и натамошниот развој.

До сега, во македонските затвори, секторот за безбедност не беше доволно вклучен во процесот на ресоцијализација, главно поради недостиг од персонал. Нивната улога во процесот на ресоцијализација е регулирана законски и со подзаконски акт за учество на Секторот за обезбедување во ресоцијализација на осудените лица, но се цени дека не е доволно јасна и дефинирана, а важноста од работење со осудените лица во однос на динамичната безбедност не е нагласена.

Од експертите на Советот на ЕУ е согледано дека има потреба од обука на персоналот, надзор и следење. Заради одржливоста на програмата, целиот персонал, независно од работното место, треба да помине обука за основите на проценката на ризик и потребите, да сфати зошто инструментот се применува што ќе резултира со промени на политиките и праксата. Исто така, обуката за когнитивно-бихевиорален третман е неопходна и за персоналот кој не го спроведува третманот, за да разбере како функционира и кон кои промени на однесување се цели во третманот.

Истражувањето за третманот генерално укажува дека работниот однос меѓу персоналот и осуденото лице е важен во процесот на третманот, како и карактеристиките, убедувањата и вештините на персоналот, што е исто така поттик за обуката на целиот персонал.

Во Македонија, по спроведување на првата општа когнитивна пилот-програма во затворите во Битола и во Штип се спроведоа каскадни обуки на вработените од секторот за ресоцијализација и секторот за обезбедување, во кои беа опфатени следните теми: проценка на ризик, вештини за групна работа, когнитивно-бихевиорален модел на третман, избор на сесии од општата програма за третман и интегритет на програмата. Фактот што едукаторите на персоналот во затворите биле водачи на општа когнитивна програма, дава посебен квалитет, бидејќи тие може компетентно да укажат на сите предности и проблеми кои се јавуваат во водењето на група и на специфичностите, карактеристични за наши услови.

Во тек се обуките за специфични програми: за извршителите на насилен криминал, жени и сексуални престапници што покажува дека во македонскиот пенитерцијарен систем заживува континуираното спроведување на обуки за затворскиот персонал.

Во таа насока се препорачува персоналот што реализира програми да се избира внимателно и треба да ги има соодветните квалификации и искуства и треба да добие формална обука пред да почне да реализира програми. Програмите за обука на персоналот треба да се концентрираат на специфичните проблеми на секоја категорија ранливи осудени лица, како и на проблемите со кои осудените лица се соочуваат. Тие ќе му помогнат на персоналот да ги препознаат и соодветно да реагираат на ситуациите што произлегуваат од конкретните потреби на овие категории осудени лица. Треба

да се обезбеди континуирана обука како и да обезбеди континуиран стручен надзор за сите водачи во програмата.

**Наместо заклучок**

Третманот кој се заснова на когнитивно-бихевиорален пристап тргнува од претпоставка дека криминалното однесување не е симптом на некој подлабок проблем на личноста, туку самото однесување е проблем. Затоа работата со осудените лица треба да се фокусира на промена на таквото однесување. Засега, искуствата и истражувањата покажуваат дека овој пристап е најефикасен во спречување на рецидивизмот.

Со оглед на тоа дека самата когнитивна програма трае релативно кратко, неопходно е негување на постигнатото и одржување на промените и натамошен развој од страна на целиот персонал во затворите. Со обуката за третман персоналот во затворите, било да учествува непосредно во водењето на обуките или не, се сензибилизира за потребите, отпорите проблемите на осудените лица така што може и посредно позитивно да делува на одржување на промените.

Република Македонија неодамна почна со воведување на третман, со спроведување на пилот-програмите кои допрва треба да започнат да се одвиваат континуирано. Во иднина ќе биде потребно да се направи проценка на успешноста на програмата, како и да се проценат обуките на персоналот.

ЛИТЕРАТУРА


Andrews, D .i Bonta, J. (1998.) **The psychology of criminal conduct**. New York: Anderson Publishing Company.

Brendtro, L.K.i Ness, A. E. (1983.) **Reeducating troubled Youth**. New York: Hawthorne.

Berger J.: Psihoterapija od leka do utopije, Centar za primenjenu psihologiju, Beograd, 2000,

Bonta, J., & Wormith, S. J. (2007). Risk and need assessment. In G. McIvor & P. Raynor (Eds.), *Developments in social work with offenders* (pp. 131-152). Philadelphia, PA: Jessica Kingsley Publishers.

Bandura, A. Principles of behavior modification. New York: Holt, Rinehart & Winston, 1969

Erić, Lj.: Psihoterapija, Psihopolis, Novi Sad, 2011

Gendreau, P.&Andrews,D.A, 1990. Tertiaary prevention: What meta-analyses of the offender treatment tell us about what works, Canadian Journal of Criminology, 32 (1).173-184

Lambert, E., Hogan N., Barton Sh., Stevenson M.: An Evaluation of CHANGE, A Pilot Prison Cognitive Treatment Program, Journal of articles in Support of Null Hypothesisi, Vol.5, No. 1, 2007

Milkman, H, Wanberg K., Cognitive-behavioral treatment, A review and Discussion for Corrections Professionals, 2007, http://static.nicic.gov/Library/021657.pdf

Mejovšek M,: Uvod u penološku psihologiju, Naklada Slap, Zagreb, 2001

Srna J: Psihoterapija i savetovanje, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 2012

Zamble i Porporino ,(1990): Coping, imprisonment and rehabilitation, Criminal Jusice and Behaviour,

Kremer К., Kriznik I: Извештај од посетата за проценка (активност 1,2,3), Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица, Совет на Европа, 2013

# ПРИДОНЕСОТ НА ПСИХОЛОШКАТА НАУКА ЗА МЕТОДОТ НА КРИМИНАЛИСТИЧКО ПРОФИЛИРАЊЕ

***Даниела Мијалковска***
*дипломиран психолог, магистер по криминалистика*
*danielamijalkovska@yahoo.com*

**Апстракт**

Вовисокотообразование на кадрите од областа на безбедноста значајно место зазема и развојот на психолошката мисла и наука која овозможува стекнување на сознанија за многу аспекти на личноста како детерминанти на криминогеното однесување.

Сознанијата од поединечни психолошки правци и дисциплини, како што се: психологијата на личност,криминалистичката психологијасо сите свои дисциплини (истражна, форензичка и психологија на исказ и индиции), криминалистичка психопатологија, психологијата на комуникација, придонесуваат кон криминалистичките методи, стратегии и тактики за откривање и разјаснување на кривични дела.

Во таа насока, еден од тие методи кај кои се препознава таков психолошки пристап, кој во голема мера се потпира врз сознанијата од психолошката наука е криминалистичкото или психолошко профилирање на сторителот на кривично дело.Профилирањето на сторителот на кривично дело претставува метод кој се применува во криминалистичко-оперативната дејност кога треба да се направи профил на непозната личност којаго сторила кривичното дело, односно кога не е познат сторителот.Суштината на методот се огледа во создавање на профил или верзија на сторител врз основа на анализа на неговото поведение кое се манифестирало при извршување на кривичното дело. Пристапот се потпира на криминолошко-психолошка евалуација на сè она што е пронајдено на местото на кривичен настан соцел да се препознаат одредени,доволно сигнификантни црти во однесувањето,особини накарактерот и личноста, мотивите, емоционалната, односно менталната состојба за време на извршување на делото, по кои може би можела да се препознае одредена личност како можен сторител,односно заради идентификување и пронаоѓање на сторителот.

***Клучни зборови***: криминалистичко профилирање, психолошка евалуација, профил, непознат сторител, сцена на криминален настан.

## 1. ВОВЕД

Во едукацијата на стручни кадри од областа на безбедноста и научното проучување на криминалитетот, психологијата зазема значајно

местово објаснување на неговата етиологијаи феноменологија, бидејќи таа како наука проникнува во разбирање на човековата природа, во разбирање на човековото криминогено поведение. Личноста претставува особено експлориран конструк, предмет на објаснување и проучување во криминологијата, а теоретските поставки и емпириски истражувања во психолошката наука овозможуваат стекнување сознанија за одредени црти, димензии на личноста како предиспозиции кои генерираат антисоцијално и криминогено поведение и во таа насока тие сознанија придонесуваат за ефикасност во работењето на полициските служби од две перспективи.

Првата, во откривачкиот процес на оперативната дејност, при расветлување и докажување на веќе сторено кривично дело, кога треба да се идентификува сторителот, втората како можен пристап во превентивни стратегии преку делување на факторите на ризик за криминализација и виктимизација, односно преку препознавање на одредени црти на личност или нечие поведение како знаци на предупредување заради адекватно превентивно делување. Пристапот кај методот на профилирање се потпира на криминолошко-психолошка евалуација на сѐ она што е пронајдено на местото на кривичен настан, односно на трагите и доказите, земајќи ја предвид притоа и севкупноста на информациите за жртвата, соцел да се препознаат важниособини накарактерот и личноста, мотивите, емоционалната, менталнатасостојба за време на извршување на делото заради идентификување и пронаоѓање на сторителот.Корисноста на методот и неговиот придонес во подобрување на планирањето на стратегијата на постапување се огледа во неговата примена како надополнување на класичните истражувачки техники и методи на планирање со цел полицијата да добие корисни насоки преку профилот кој ќе помогне во стеснување на кругот на осомничени лица и во кој според некои клучни особини кои се карактеристични за личноста која го сторила делото, можат да се вклопат како можни сторители.Стекнатите знаења од психологијата ги прошируваат компетенциите на полицискиот истражител во проценката на личноста на осомничениот, неговиот темперамент, карактер, мотиви и сложеноста на ситуацијата во која се случило делото.Профилирањето претпоставува добро познавање на психологијата на човековото поведение, динамика и психопатологија на личноста.

## 2. КРИМИНАЛИСТИЧКО ПРОФИЛИРАЊЕ

За поимањето на методот се употребуваат различни термини и различни дефиниции, од најкуси до поопширни и поопфатни.

Според Геберт „криминалистичкото профилирање е форензичка техника која на истражните органи треба да им обезбеди специфични информации кои ќе им помогнат да се фокусираат на поединци кои поседуваат црти на личноста слични со црти на личноста на други поединци кои сториле слично кривично дело.“(Norbert, 2007:15)

Бартол и Бартол го опишуваат криминалистичкото профилирање како„процес на идентификување на цртите на личноста, тенденциите во поведението и демографските варијабли на сторителот врз основа на карактеристиките на стореното казнено дело.“ (Slavicek i Dolezal, 2012:158) Грубин,го дефинира профилирањето како „процес на собирање на информации од местото на криминалниот настан вклучувајќи ги извештаите за начинот на кој е сторено делото, однесувањето на сторителот, со цел да се открие мотивот и да се даде опис на типот на личноста која е одговорна за сторување на делото.“(Norbert, 2007:15)

Петерикнаведува дека криминалистичкото профилирање во својата основна форма претставува истражна алатка со чија помош се прави обид да се дојде до индиции за специфичноста во однесувањето на сторителот на кривичното дело кои се темелат на презентирањето на неговите постапки и докази кои ги остава зад себе при сторување на истото.Тоа е процес на изведување заклучоци кој вклучува анализа на интеракцијата сторител-жртва, место на настанот, изборот на средството за извршување, а меѓу останатото и употребата на говорот на сторителот.(Norbert, 2007)

СпоредФБИ(Federal Bureau of Investigation) овој процес на развивање профил поминува низ седум чекори:процена на криминалниот акт, детална проценка и анализа на специфичностите на местото на криминален настан, детална виктимолошка анализа, анализа на првичните полициски извештаи и записници,анализана судско-медицински извештаи, извештаи од аутопсија, развивање на профил со клучните карактеристики на сторителоти сугестии занасоки за водење на истрагата.(Ramsland, 2010)

Една од посеопфатните дефиниции даваат Торес, Бокачини и Милер.Според нив „профилирањето е процес на користење и анализирање на бихејвиоралните докази оставени на местото на настанот како би можеле да се изведат заклучоци за сторителот, вклучувајќи ги неговите карактеристики и психопатологијата на личност.“(Rasic,Kovacevic i Zarkovic,2012:277-280)

На крајот, можеме да сублимираме дека:криминалистичкото профилирање претставува криминалистичко-истражна алатка и метод кој вклучува криминолошко-психолошка евалуација на сè она што е пронајдено на местото на кривичен настан, односно на трагите и доказите, земајќи ја предвид притоа и севкупноста на информациите за жртвата, соцел да се препознаат важниособини накарактерот и личноста,мотивите како и менталната состојба за време на извршување на делото заради идентификување и пронаоѓање на сторителот.

## 3. ПОТРЕБАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРИМЕНА НА ПСИХОЛОШКАТА НАУКА ЗА ЦЕЛИТЕ НАКРИМИНАЛИСТИЧКО ПРОФИЛИРАЊЕ

Во областа на безбедноста во изминатите години досегашната пракса укажува на тоа дека во многу аспекти од работата на полициските служби во светот, психолошките теоретски сознанија и постојани истражувања имаат свој придонеспреку примена на постапки, методи во истражувањето, откривањето и справување со различни појавни облици на криминалитетот.Почнувајќи од моментот на откривањето за постоење на криминал, преку постапки за пронаоѓање, методот на профилирање на можните сторители, стана дел од едно широко подрачје на интерес за истражување на голем број академски истражувачи и практичари од областа на психологија. Така, една од целите на истражната психологија е примена на сознанија од најновите академски истражувања во висококвалитен професионален развој и усовршување на полициските кадри, како од теоретски така и од практичен аспект, заради стекнување компетенции за: ефикасно водење на постапката на разговор(интервју), од познавање на психолошки основи на лажењето, препознавање разлики во однесувањето помеѓу виновни и невини осомничени преку вербални и невербални показатели, преку стратегии за водење истрага, постапки на профилирање, до компетенции за вклучување во географско профилирање, како и активности и мерки заради проценка на ризик и превентивно делување.(Canter, 2009)

Истражната психологија или психологија на истрага како модел подразбира интеграција на криминалистички техники на истражување со психолошки концепт. Кај овој модел се поаѓа од психолошката теорија за *конзистентност на одредени кардинални црти во поведението*на личноста како и од сознанијата од областа на психологија на околината.Според Кантер „секое кривично дело претставува интерперсонална трансакција која го отсликува начинот на кој сторителот се однесува и со другите луѓе во секојдневниот живот.“(Canter, 2009:47)

Тој смета дека во секоја од тие трансакции важно е да се препознаат доминантните особини. Криминалното поведение на личноста тој го претставува преку**Radex модел-структура-на концентрични кругови** каде што централните делови од круговите претставуваат општи црти на поведението, а периферијата ги претставува специфичните црти и една доминантна карактеристика на односот помеѓу жртвата и сторителот.(Hicks& Sales,2006:76-78)

Кантер промовира **петфакторски модел на профилирање**: интерперсонална кохерентност, специфичност на местото и времето на извршување на кривичното дело, криминални карактеристики, форензичка упорност и свесност (стручност) и криминална кариера на сторителот. Прифаќајќи ги идеите на психологијата на околината

(Environmentalpsychology)[41] Кантер ја претставува неговата кружна теорија на околински опсег-радиус.Според него постои однос помеѓу радиусот на криминални активности и зоната на живеење на сериските криминалци. Во најголем дел тие ги извршуваат делата на локации кои им се познати и во кои се чувствуваат сигурно. Кружната теорија има за цел да го предвиди местото на живеење преку анализа на просторната дистрибуција на местата на извршените кривични дела. Кантер зборува за два типа на сериски сторители. ***Мараудер*** е сериски сторител кој делата ги врши во неговата зона на живеење. Криминалниот радиус е во граници на истата. ***Комјтуер*** е мобилен криминалец-зоната на извршување на криминалните активности и зоната на живеење не се поклопуваат или поклопувањето е минимално. За да ја тестираат кружната теорија Гудвин и Кантер спровеле студија во 1997 година во САД. Истражувањето покажало дека како што се зголемувал бројот на убиствата извршени од страна на еден сторител, така се намалувал радиусот на криминални активности, убиствата се извршувале сѐ поблиску до местото на живеење на сторителот, што зборува дека со секое повторување на делото и негово неоткривање кај него се зголемувала самодовербата за да телата на жртвите од последните убиства веќе се оставани во непосредна близина на местото на живеење на сторителот. Од друга страна, одлуката телата на убиените жртви да се оставаат во непосредна близина на местото на живеење на сторителот е резултат и на обидот за намалување на ризикот во врска со транспортирање на трупот.Но, Гудвин и Кантер посочуваат дека оваа претпоставка треба да се земе со резерва бидејќи систематското менување на локациите на оставање на телата на убиените жртви и на растојанијата може да претставуваат психолошкитрик за одвлекување на вниманието на полицијата од локацијата на живеење на сторителот.Овој модел на профилирање користи статистичка анализа позната како MDS(Multi-dimensionalScaling) постапка за одредување на карактеристиките на непознат извршител на кривично дело позната како SSA(Smallest Space Analysis)и подразбира статистичка симултана анализана односите помеѓу мултипли варијабли.(Norbert, 2007)

Првата теорија на личност која во својот концепт содржи и експлицитна теорија накриминалитетот била онаа на Ајзенк. Што се однесува на односот помеѓу факторите на личност и антисоцијалното поведение Ајзенк поставил хипотеза дека овие личности поседуваат високо изразени фактори на екстраверзија, невротицизам и психотицизам. Екстраверзијата се одликува со тоа што го отежнува формирањето на совест. Високиот невротицизам е одговорен за бурни и неодговорни реакции, а психотицизмот е посочен како најодговорен за генерирање на криминогено поведение: агресивност, импулсивност, неспособност за емпатија, психопатолошки предиспозиции, пропсихопатски карактеристики на

[41] Environmentalpsychology- интердисциплинарна наука која се занимава со проучување на односот помеѓу човекот и неговата околина и тоа во поширок контекст вклучувајќи ја природната околина, социјалното опкружување и инфраструктурниот аспект.

личноста.Психотицизмот често се идентификува како фактор и димензија на личноста која е поврзана со тешки облици на криминогено поведение, она кое вклучува насилство, агресија, сексуално насилство и се јавува како успешен предиктор за рецидивизам. (Medzedovic, 2009)

Еден од бихејвиоралните стилови кај личности кои манифестираат криминогено поведение, постојано барање на сензации, возбуда во интеракција со одредени личносни фактори како што е импулсивноста генерираат антисоцијални облици на поведение. Закерман и Хорват пронашле значајност на корелација помеѓу потребата за доживување возбуда и импулсивноста од една страна и криминогеното поведение од друга. (Medzedovic, 2009)

Во текот на постапката на профилирање истражителите се обидуваат врз основа на трагите на местото на настанот да направат проценка на емоционалната состојба во која се наоѓал сторителот. За да можат да поставуваат верзии во тој поглед нив ќе им биде потребно да располагаат со сознанија од областа на психологијата кои се однесуваат на познавање на емоциите и начинот на кој тие се манифестираат, односно реакциите кои ги следат особено интензивните емоции, афектите, нивните својства и излезишта како и растројства во афективната сфера. Ваквите сознанија на полициските службеници ќе им бидат од голема помош особено во случаите кога станува збор за насилнички криминалитет, во случаите на кривични тела против живот и тело.

За целите на криминалистичко профилирање истражителите кои се вклучени во постапката треба да имаат солидни познавања и од областа на психологијата која ја проучува динамиката на личноста односно мотивите кои се јавуваат како двигатели на криминално поведение. Зад секое криминално поведение, односно зад секое извршување на кривично дело стои одреден мотив или повеќе од еден мотив. Кога се работи за криминалистичкото профилирање, истражувањето на мотивот е од клучно значење. Преку детална анализа на состојбата на местото на настанот, односно преку анализа на МО на сторителот, профајлерот се обидува да даде информации за постапките на сторителот за време на извршување на делото кои можат да рефлектираат некои негови карактеристики или специфични црти преку кои може да се претпоставува и мотивот кој што го водел за да го стори истото. Оттаму може да се формира и кругот на потенцијални сторители кои би можел да ги води односниот мотив.Се разграничува дали изворот на мотивот има ирационален карактер или пак лежи во свесната определеност за извршување на делото. Изворот се определува и со разграничување, во смисла дали делото е фингирано или не. Кај фингираните кривични дела изворот на мотивот е самиот симулант, а кај другите изворот може да биде внатрешен и надворешен. Внатрешниот извор произлегува од динамичката конституција на личноста на сторителот. Кај психопатот на пример изворот е во свесното его под контрола на неговите несвесни механизми. Кај социопатот изворот е истотака во свесниот дел на личноста, а

во конфликт со морално нормативната контрола(супер-егото).(Баткоска,2007: 427-430)

Кога се работи за убиство мора да биде утврдено дали мотивот е од **експресивна природа,**на пример кога убиството е сторено заради постигнување некакво задоволство, возбуда, чувство на моќ, себепотврдување или пак од **инструменталнаприрода**, заради задоволување на некрофилни фантазии на сторителот.(Alison&Rainbow, 2011)

За постапката на профилирање се потребни знаења и од областа на психопатологија на личноста, заради препознавање на знаци на патологија на личноста според изгледот на местото на кривичен настан, препознавање на обрасци на однесување кои ги следат нарушувањата во афективна, нагонска, волева сфера на личноста, препознавање на садистичко или психопатско однесување на сторителот.

Анализата на бихејвиорални докази е една од поновите модели за профилирање. Ја развива Брент Тарви. Тој во својот модел на профилирање се повикува на психологијата на личност и ***Олпортовата теорија за единственостна личноста***.Тарви подвлекува дека моделот кој го предлага тој се состои од четири компоненти или фази, а тоа се: форензичка и бихејвиорална анализа (**еквивокална форензичкаанализа)**која се базира на начелото на скептицизам и исцрпување на сите можни верзии во однос на секој доказ, **виктимологијаианализа на местото на криминаленнастан**(crimesceneanalysis) што треба да се разликува од процесирањето на местото на кривичен настани вршењето увид(crime scene investigation).Четвртата фаза подразбира **дедуцирање на карактеристиките** на сторителот поаѓајќи од анализата на претходните три компоненти.(Hicks & Sales,2006:43)

Во Велика Британија за профилињето се користи терминот бихејвиорална истражна анализа. Во 1992 година, Метрополитенската лондонска полиција, спровела студија за истражување на корисноста на методот. При тоа се зел предвид фактот што и покрај над 200–те спроведени истраги во кои дотогаш биле користени „услуги на профајлери“сепак не било спроведено ниту едно истражување за проценување на релијабилноста и валидноста на методот.На иницијатива на Асоцијацијата на шефови на полициски одделисе започнало со почеста пракса на користење на психолошка помош и советување, односно користење на научни сознанија од областа на бихејвиорална психологија во работата на полицијата.Поголема позитивна промена во таквото настојување се случува во 2001 година кога се формира **Централен регистар на консултанти** од областа чија советодавна работа и компетенции се одобруваат од **Одборот за криминалитет** во рамки на **Асоцијацијата на шефовина полициски одели(ACPO*)*** во Велика Британија. Во Германија работат **Оперативните аналитичари на случаи (Operative Fall Analytiker-Operative Case Analyst(s)).** Во двете земји се спроведенистудии чија цел била

идентификување на аналитичките процеси, посебни вештини и психолошки знаења кои треба да ги поседуваат експертите за да можат да го поврзат поведението на сторителот врз основа на анализа на севкупниот материјал и траги со типот на личноста. Заклучоците биле следни:анализите ги правеле користејќи сознанија од истражната психологија, криминологија (типови на криминални личности), сознанија за поврзаноста на менталното здравје и криминалната личност;групирање на информациитеспоред:можност за напад, редослед на настани, сексуално поведение, контрола на поведението, ескалација, мотиви;нивниот фокус не е само идентификување на сторителот, туку пред сè давање поддршка во истрагата во процесот на донесување одлуки за понатамошен тек на истата. (Alison&Rainbow, 2011)
Методот подразбира примена на сознанија и од областа на психологија на комуникација, како што се познавањето на фацијална експресија на емоциите. Познавањето на оваа гранка од областа на психологијата на комуникација е од клучно значење за успешноста на спроведување на службен разговор. (Батиќ, 2012)

Ова е од особена важност кога истражителите дошле до фазата кога има направено почетна процена или подоцна кога е веќе изработен профилот и кога треба да се подготви и соодветна тактика или стратегија за водење интервју со потенцијално осомничените лица кои се вклопуваат во профилот.

Исто така од особена важност е полициските службеници да бидат доволно компетентни во поглед на комуникациските вештини за водење интервју со осомничените, но и со сведоци и жртви, така што тие треба да имаат добро развиени вештини за слушање, набљудување, вербално и невербално изразување. Воедно треба да располагаат со знаење за најчестите пречки во комуникацијата.

За методот на криминалистичко профилирање од особена важност е полициските истражители да имаат сознанија од областа на психологијата која ги проучува некои од развојните, психофизиолошки карактеристики на специфични групи лица.

Од особено значење при водење на истрагата е да се внимава на одредени специфики кои треба да се познаваат при водењето интервју со ранливи групи лица, кои можат да се јават како сторители, сведоци или жртви:жени, деца, стари лица, лица со пречки во развојот, ментално болни лица. (Батиќ, 2012)

Психологија на исказ и индиции е од важност за препознавање на симптоматската слика како најава на признание или лага кај осомничените и заради проценка на веродостојноста на исказите на осомничените, жртвите, сведоците. Полициските истражители треба да располагаат со вештини за препознавање на одредени особини на осомничените кои веќе се наведени во изработениот профил.

## 4. НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Ако се земат предвид најдобрите светски искуства во однос на: теоретската и научна заснованост, приодите, видовите профилирање, фазите во постапката и кога сите тие би се ставиле во една рамка за практична примена и заради поголема стандардизација на постапката, тоа би било одлична можност за зацврстување на довербата во однос на сигурноста како на самиот процес во постапката на профилирање така и на самиот продукт од истата-профилот, а тоа би придонело за зголемување на квалитетот на планирањето при водење на криминалистичките истраги чија цел е што поскоро откривање и пронаоѓање на сторителот и тоа не само во постделиктното делување туку и во проактивни цели. Во истата насока од голема корист би било едуцирањето и обучувањето на кадри од областа на безбедноста во примена на профилирањето кои би се стекнале со специфични знаења и вештини како и формирање на посебна единица за криминално профилирање во рамки на Министерството за внатрешни работи. Во тимотби требало да бидат вклучени и ангажирани професионалци од различни области: полициски службеник-криминалист со специфичност во подрачјето(со големо оперативно искуство при расветлување одреден вид кривични дела), криминалистички техничар, форензичар, полициски или форензички психолог, психијатар, експерт по ментална хигиена, обдукционист-патолог, информатичар, експерт со искуство во географско профилирање, а истиот би можел да се проширува во зависност од потребите од специфични знаења и искуства од одредена област и во зависност од специфичноста на секој криминален случај.

Вклучување на психолог со специфични знаења од областа, психијатар или експерт по ментална хигиена е неопходно во тимот заради психолошка евалуација на доказите, мотивацијата, психопатологијата. Воедно заради давање совети при: водење полициски претрес и при потрага, апсење, советување со медиуми во врска со специфични информации и начинот на кој тие се презентираат во јавност во текот на полициската истрага, начинот на водење разговор и проценка на вистинитоста на исказите на приведените осомничени лица како и проценка на ризик во превентивни цели.

Од голема корист би било профилирањето да биде вклучено како предмет во наставните програми на Факултетот за безбедност по примерот нависокообразовните установи од оваа област во соседните земји.Освен тоа преку соработкана Факултетот за безбедност и Институтот за психологија при Филозофскиот факултет би можеле да се организираат заеднички студии или да се реализираат заеднички научни истражувања.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


Alison L., Rainbow L. (2011).Professionalizing offender profiling, Forensic and investigative psychology in practice.London and New York: Routledge.

Батиќ, Д.(2012).Психологија на комуникацијата,Скопје: Факултет за безбедност.

Баткоска,Л.(2007).Криминалистичка психологија, Охрид:Факултет за туризам и угостителство.

Јосифоски, Д.(1995).Криминалистичка психологија.Скопје: РАДИНГ.

Мијалковска, Д.(2015).Методот на криминалистичко профилирање-профилирање на сторителот на кривично дело убиство во Р Македонија. Магистерски труд.Скопје: Факултет за безбедност.

Новотни, Љ.(1998). Судска психијатрија.Скопје:НИП „Студентски збор“.

Patic, B.(2003).Ubistva u Beogradu. Kriminoloskla studija, Beograd: Institut za kriminoloska i socioloska istrazivanja,Pravna biblioteka.

Ramsland, K.(2010). The forensic psychology od criminal minds, New York:ROUTLEDGE.

Samenow,E.S.(2004).Inside the criminal mind, Revised and updated edition.New York:Crown publishers.

Цуклески, Г.(2009).Вовед во криминалистиката,трето изменето и надополнето издание. Скопје: СОЛАРИС ПРИНТ.

**Интернет-извори**


Canter,D.(2008).Steps toward testing a scientific model of profiling. Преземено на 20.10.2017 од http://www.forensicresearchdigest.com/yahoo_site_admin/assets/docs/M_Hicks_and_Sales_12_Steps_Toward_Testing_a_Scientific_Model_of_Profiling.18171620.pdf

Canter,D.(2009). Offender profiling and criminal differentiation,Преземено на 20.10.2017 од http://www.iaip.org/uploads/library/key%20ip%20publications/Offender%20Profiling%20and%20Differentiation.pdf

Canter,D.(2010).Offenderprofiling.Crimesceneprofiling, pg.47 преземено 2015 прекуhttp://www.davidcanter.com/professional-services/offender-profileshttp://www.sagepub.com/home.nav

Hicks,S &Sales,B.(2006).Criminal profiling,pg.46-48.WashingtonDC:American Psychological Associationпреземено 2015 преку http://www.apa.org/monitor/julaug04/criminal.aspx

Medzedovic, J. (2009).Bazicna struktura licnosti I kriminalitet, str.339-367,Primenjena psihologija, Kosovska Mitrovica:Filozofski fakultet, прекуhttp://psihologija.ff.uns.ac.rs/primenjena/clanci/20094339.pdf,

Norbert, E,(2007). The use of offender profiling evidence in criminal cases, San Francisko:Golden Gate University, School of Law, преземено 2014 год. преку http://www.google.com/search?q=Criminal+profiling&btnG=Search+Books&tbm=bks&tbo=1

Rasic,K,Kovacevic, D I Zarkovic,P,T,(2012).Profiliranje pocinitelja ubojstava,str.277-278. Zagreb:Policiska sigurnost,преземено на 20.10.2017 прекуhttps://hrcak.srce.hr/file/129746,

Slavicek.I i Dolezal., D.(2012). Kriminalisticko profiliranje,Zagreb:Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet,Odsjek za kriminologiju, пристапено 2014 преку https://hrcak.srce.hr/file/129746,

Hicks J. S&Sales D.B. (2006).Criminal profiling,Developping an effective science and practice, Washington DC:American Psychological Association,пристапено преку http://www.apa.org/

Crimesceneprofiling, pg.47 преземено преку http://www.sagepub.com/home.nav пристапено на 11.7.2013

# РАЗВОЈОТ НА ОСНОВНОТО ПОЛИЦИСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***м-р Младен Трајков***
*Пензиониран виш полициски советник-обучувач*
*Министерство за внатрешни работи (Центар за обука)*
*mladen.trajkov@gmail.com*

**Апстракт**

Развојната димензија на процесот на полициското образование некогаш и денес, претставена низ содржините на трудот, дава една рамка низ која се движи основното полициско образование на просторот на сегашната Република Македонија и Социјалистичка Република Македонија во рамките на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Неопходноста од навраќањето кон почетоците на полициското образование е поради ретроградниот процес кој се одвива денес **со непостоење на образование, туку само на обука** за основниот полициски кадар. Во структурата на трудот се опфатени осум циклуси, кои се претставени со: Вовед, Прв циклус: основна милициска обука – **описменување,** 1945 – 1958, Втор циклус: основно милициско двегодишно стручно образование – **занает/струка,** 1958 – 1971, Трет циклус: основно милициско средно четиригодишно образование – **школување и развој,** 1971 – 1977, Четврти циклус: насочено двегодишно милициско образование – **чекор наназад,** 1977 – 1988, Петти циклус: основно четиригодишно полициско образование – **отрезнување, исправање на грешката,** 1988 – 2000, Шести циклус: тримесечна полициска обука – **ретрограден изнуден процес** од 2001 до 2003, Седми циклус: 12 (дванаесет) месечна основна полициска обука од 2003 до 2008 **чекор напред/пет чекори назад,** враќање во периодот од пред 50-60 години, Осми циклус: 12 (дванаесет) месечна основна полициска обука по 2008 до денес, продолжување на периодот **чекор напред/пет чекори назад** и заклучните согледувања и користената литература.

***Клучни зборови***: милиција, полиција, образование, обука, курсеви

## DEVELOPMENT OF THE BASIC POLICE EDUCATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract**

The developmental dimension of the police education process now and then presented through the contents of the work provides a framework through which the primary police education moves on the territory of the present Republic of Macedonia and the Socialist Republic of Macedonia within the Socialist Federal Republic of Yugoslavia. The necessity of returning to the beginnings of police education is due to the retrograde process that takes place today with lack of education, but only training for the basic police personnel. In the structure of the

work are covered eight cycles which are presented through: introduction, First cycle: basic police training - literacy 1945-1958, Second cycle: elementary police two-year vocational education - craft / vocation 1958-1971, Third cycle: elementary police high school four years education - schooling and development 1971-1977, Fourth cycle: directed two-year military education - step backwards 1977-1988, Fifth cycle: primary four-year police education - sobering, correction of the mistake 1988-2000, Sixth cycle: three-month police training - a retrograde extortion process from 2001 to 2003, Seventh cycle: 12 (twelve) months of basic police training from 2003 - 2008 step forward / five steps back, returning in the period 50-60 years ago, Eighth cycle: 12 (twelve) months basic police training after 2008 to date, continuation of the step forward / five steps back and concluding observations and literature used.

## ВОВЕД

Со овој труд ќе направиме обид за една ретроспектива на развојот на основното полициско образование и обука во еден подолг временски период, односно од завршувањето на II светска војна до денес. Изборот на оваа тема е токму заради согледување на овој цикличен процес кој во различни етапи од општествениот развој на Република Македонија различно и се одвивал, што може да го анализираме, се разбира, малку и според просторните можности на текстот. Значењето на пишувањето на една ваква тема е да им се овозможи на читателите, полициските службеници и, пред сè, на менаџерите во полицијата да ја согледаат хронологијата на процесот на кое скалило се наоѓа денес „обуката“ на основниот полициски кадар во Република Македонија. Ова е многу значајно заради планирање на идните чекори во обуката или во образованието на основниот полициски кадар во Република Македонија.

## ПРВ ЦИКЛУС: ОСНОВНА МИЛИЦИСКА ОБУКА – ОПИСМЕНУВАЊЕ, 1945 – 1958

Почеток на формирањето на основниот полициски кадар е периодот веднаш по завршувањето на II светска војна, во кој денешната Република Македонија, тогашна Социјалистичка Република Македонија, е составен дел од тогашната Демократска Федеративна Република Југославија. Имено, самостојното формирање држава, иако веќе имало еден вид организирана безбедносна структура преку народните одбори, формирањето на ОЗНА и подоцна формирањето на Народната милиција ( **Милиција** (лат.) 1. одреди на државната и јавната безбедност; народна војска во некои земји. **Милиционер** (лат.) член на милицијата, припадник на милицијата,Миќуновиќ Љ., 1990, стр. 379, Ѓорѓевиќ О., 1986, стр. 207; Британика енциклопедиски речник, Л-Н, **милиција – (militia)** воена организација составена од граѓани со ограничена воена обука, кои се на располагање во случај на итност, обично во локална одбрана, 2005, стр. 121.), отворило врата за формирање образовна институција за потребите на народната милиција. Клучно е да се напомене дека народната

милиција во овој период е структура која е во состав на армиските структури. Почетоците на основната милициска обука се многу специфични затоа што не постоел адекватен простор каде што тоа би се одвивало и токму поради тоа првите милициски курсеви се спроведуваат во Скопје, во Основното училиште „Даме Груев“ во населбата Чаир, каде што за време на летниот распуст се спроведени два курса со по 30-40 слушатели на основна милициска обука (Спасески, 1982, стр. 38).

Паралелно со овој процес се одвивал и процес на описменување на кадаротбидејќи огромен број од населението било неписмено, а и голем број од новопримените милициски службеници. За оваа намена, заради описменување на кадарот **„Во Скопје беше формирана вечерна гимназија во која се изведуваше настава од I до VIII клас, т.е. од сегашното V одделение па до завршување на IV клас гимназија со полагање на матурски испит“**(Ангеловски, 1964, стр. 174).За тоа како се одвивал овој процес, ќе ја претставиме статистиката објавена во списанието „Народен милиционер“ („НМ“ 1951, бр. 19), каде што се вели: „..,покрај редовната воено-стручна и политичка настава, што редовно се изведува во единиците на народната милиција , ...само во нашата Република по разни школи и курсеви завршиле досега вкупно **3317** припадници на НМ. Од овој број завршија:

- Офицерска школа на НМ ---------------------------------- 72
- Подофицерски школи -------------------------------------- 432
- Милиционерски и приправнички пколи и курсеви --- **2062**
- Противпожарни курсеви и школи ----------------------- 129
- Курс по шумска НМ ---------------------------------------- 143
- Партиски школи и кусеви ------------------------------------ 77
- Нижа гимназија ---------------------------------------------- 209
- Гимназиска матура -------------------------------------------- 6
- Разни други школи и курсеви ------------------------------ 185
- Сега се наоѓаат на школување по разни стручни и политички школи --- 70 припадници на народната милиција. („Народен милиционер“, 1951, бр.19)

Процесот на обука на основниот полициски кадар во периодот од 1946 до 1958 година, во зависност од потребата, на почетокот се спроведувал преку (3) тримесечни курсеви, а околу 1950 година започнува да се спроведува преку (6) шест месечни курсеви, но значајно и за едниот, и за другиот начин на обука е дека по завршувањето на курсот се одело на почетокот на ***тримесечна пракса,*** а во вториот случај на ***двомесечна пракса,*** по што се спроведувао ***оценување со полагање стручни испити***. Паралелен процес во народната милиција бил процесот на надградбата кој се одвивал во процесот на работењето кога поради недостаток на стручен кадар биле повикувани стручни лица од разни области да изведуваат ***стручна настава*** (судии, адвокати, доктори и др.). Од друга страна, некоректно би било ако не се напомене дека заради оспособување на кадарот се преземени следниве активности**. „Посебно место во школувањето на нашите кадри во**

**вонресорните школи претставува отворањето на специјални паралелки при гимназијата за V и VI клас, како и специјални паралелки при Средно-техничко училиште „Здравко Цветковски" во Скопје**(Ангеловски, 1964, стр.175).**„Развојниот пат на ресорните школи може да се подели на две посебни фази со свои одредени карактеристики. Временскиот период од 1946 година па сè до 1953 година се карактеризира со формирање на неколку видови школи, секоја наменета за одделна служба, како и разни видови курсеви со времетраење од 1 месец до 1 година. Во овој период беа формирани следните школи:**

**- Школа за офицери на НМ,**

**- Виша школа на МУП,**

**- Виша школа на УДБ-а".** (Ангеловски, 1964, стр. 175).

**„Периодот од 1953 година па наваму претставува втора позначајна фаза во градењето на нашиот ресорен школски систем. Во овој период е направен значаен чекор во натамошното прилагодување на школите и курсевите кон потребите на ресорните служби. Во наведениот период стручното образование службениците го добиваа преку следните школи:**

**- Средна управна школа за внатрешни работи – Белград, формирана во 1953 година, а престана со понатамошна работа во месец јуни 1958 година,**

**- Стручно училиште за внатрешни работи во Идризово,**

**- Виша управна школа за внатрешни работи во Белград,**

**- Виша школа за цивилна заштита во Земун,**

**- Школа за подофицери на НМ во Сремска Каменица и**

**- Приправнички курс за народната милиција во Идризово".** (Ангеловски, 1964, стр. 176). Во овој контекст, би било добро да се погледне и претставената статистика за тој период за школувањето на кадарот. **„За да се согледаат досега постигнатите резултати во школувањето на нашите кадри, ќе изнесеме некои бројчани показатели:**

- **Нижа школа на МВР ---------------------- 29 службеници,**
- **Стручно училиште за внатрешни работи -------------- 167**
- **Виша управна школа за внатрешни работи ----------- 153**
- **Виша школа за УДБ-а --------------------------------------- 22**
- **Виша школа на МУП ----------------------------------------- 15**
- **Виша школа за цивилна заштита ------------------------- 17**
- **Школа за командири на НМ -------------------------------- 98**
- **Школа за офицери на НМ ----------------------------------- 54**
- **Школа за подофицери на НМ------------------------------ 329**
- **Школа за милиционери ---------------------------------- 1492**
- **Приправнички курс на НМ -------------------------------- 556**

**Вкупно 2932 службеници"**(Ангеловски, 1964, стр. 177).

**„Паралелно со овој процес на образование во изминатите неколку години приличен број службеници дипломирале на разни факултети и виши школи:**

- **Правен факултет ---------------- 34 службеници**
- **Филозофски факултет ---------- 11**
- **Економски факултет ------------ 2**
- **Виша управна школа ---------- 17**

**Вкупно: 64 службеници“**(Ангеловски, 1964, стр. 177).

Сите овие показатели сосема доволно покажуваат за сериозноста, ентузијазмот и желбата за образование и развој на милицискиот кадар од тој период. Според тогашниот начин на прием на кадрите, и тогаш и денес, функционален е системот на јавно објавен конкурс, што може да се види од следниве фотографии.

Фотографија бр. 1. Конкурс за прием на редовни и вонредни слушатели во Средното стручно училиште за внатрешни работи во Скопје , за учебната 1959/1960 год. („Народен милиционер“ бр. 186/1959, стр.9)


НАРОДЕН МИЛИЦИОНЕР стр. 9

ДРЖАВНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА НР МАКЕДОНИЈА

распишува

КОНКУРС

за прием на редовни и вонредни слушатели во Средното стручно училиште за внатрешни работи во Скопје, за учебната 1959/1960 год.

1. Во Средното стручно училиште за внатрешни работи во Скопје, во учебната 1959/60 година, ќе бидат примени 33 редовни и 15 вонредни слушатели.

2. На Конкурсот можат да конкурираат службениците од органите на внатрешни работи, кои ги исполнуваат следните услови:

а) Службеници кои имаат завршено основна школа т. е. IV или VI клас гимназија и школи рамни на претходните;

Фотографија бр. 2 Конкурс за прием на редовни и вонредни слушатели во Средното стручно училиште за внатрешни работи во Скопје, за учебната 1961/1962 год. („Народен милиционер“ бр. 211/јануари 1961, стр.15)


ДРЖАВНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА НР МАКЕДОНИЈА

РАСПИШУВА

**конкурс**

за прием на редовни и вонредни слушатели
во Стручното училиште за внатрешни работи
во Скопје во учебната 1961/62 година

1. Во Стручното училиште за внатрешни работи во Скопје, во учебната 1961/62 година, ќе бидат примени за школување 36 редовни и неограничен број на вонредни слушатели.

2. На конкурсот можат да конкурираат службениците од органите на внатрешни работи што завршиле основно училиште во осумгодишно траење (член 6 од Општиот закон за школството) или на него рамно училиште, и тоа:

а) Службениците распоредени во звањето извршен, односно технички пристав;

## ВТОР ЦИКЛУС: ОСНОВНО МИЛИЦИСКО ДВЕГОДИШНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ - ЗАНАЕТ/СТРУКА, 1958 –1971

Вториот циклус на основната милициска едукација во вид на образование **(занает или струка/професија)** започнува кон крајот на 1958 година, кога Извршниот совет на Народна Република Македонија на седницата одржана на 12 јуни 1958 година, „по 43-та точка од дневниот ред донесува заклучок и дава согласност на Државниот секретаријат за внатрешни работи да донесе решение за основање на ***Средно-стручно училиште за внатрешни работи***, тоа нацрт-решение да се преформулира и усклади во смисла на амандманите дадени од Секретаријатот за законодавство и организација“. По добиената согласност од Извршниот совет на Народна Република Македонија, од тогашниот државен секретар за внатрешни работи Мито Мицајков е донесено: ***„Решение за оснивање на Средно-стручно училиште за внатрешни работи“***, по што од 1 септември 1958 година и официјално започнува со работа Средно-стручно училиште за внатрешни работи. Во ова стручно училиште наставата за редовните ученици траела **(2) години**, додека за оние милиционери што веќе работеле наставата траела **(4) години**. Клучно е да се истакне дека наставата ја изведувале стручни лица од народната милиција и специјалисти од своите професии, а на крајот на секоја школска година задолжително било полагање на стручните испити кои биле изведувани во наставната програма одобрена од државниот секретар за внатрешни работи Мито Мицајков.

Фотографија бр. 3 Отпочна со работа Средното стручно училиште за внатрешни работи на Државниот секретаријат за внатрешни работи (ДСВР) на

Народна Република Македонија (НРМ), „Народен милиционер“ бр.184 од 28.11.1958 год.



(Продолжува на 6 стр.)

**Отпочна со работа Средното стручно училиште за внатрешни работи на ДСВР на НРМ**

Првите слушатели на Средното стручно училиште за внатрешни работи со гостите на свеченото отворање

## ТРЕТ ЦИКЛУС: ОСНОВНО МИЛИЦИСКО СРЕДНО ЧЕТИРИГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ - ШКОЛУВАЊЕ И РАЗВОЈ, 1971 – 1977

Со донесувањето на Законот за средното училиште за внатрешни работи ( Закон за средното училиште за внатрешни работи, „Службен весник на СРМ“ бр. 39 од 15 декември 1971 година) **„Елисие Поповски-Марко“**, започнува комплетното основно образование на припадниците на милицијата во државниот образовен систем од средното образование со ***четиригодишно образование,*** со примена на одредбите од Законот за средното образование („Службен весник на СРМ“ бр. 39 од 15 декември 1971 година). Ова е формално најзначајната милициска образовна придобивка за основниот милициски кадар, со што се ***образува и се развива стручен кадар*** и особено се води грижа за: професионализацијата на основниот кадар, заштитата на човековите права, хуманоста, заедништвото, неговиот иден развој и за многу друго. На исто место и во исто време заедно учеле, другарувале, живееле и растеле сите голобради момчиња, без разлика на нивната етничка или верска припадност или на која било друга различност. Во училиштето се изучувале следниве предмети: општи и стручни.

***Општи предмети:***

1. Македонски јазик и литература со основи на естетска култура;
2. Историја;
3. Економска географија;
4. Општествено-економско уредување на СФРЈ;
5. Математика;
6. Физика со електроника;

7. Хемија со технологија;
8. Биологија;
9. Физичко воспитување.

***Стручни предмети***;

1. Увод во право;
2. Основи на психологија и педагогија;
3. Служба за врски;
4. Кривично право;
5. Криминалистика;
6. Судска медицина и психијатрија;
7. Правни прописи за внатрешни работи;
8. Управно право;
9. Безбедност на сообраќајот;
10. Државна безбедност;
11. Стручно физичко образование;
12. Воена обука;
13. Криминалистичка техника;
14. Криминалистичка методика;
15. Кривична постапка;
16. Дактилографија;
17. Странски јазик.

Како неоценуван, а задолжителен предмет се изучувал: ***Правила за убаво однесување (бонтон).***

Во однос на работењето на Средното училиште за внатрешни работи, во текот на 1974 година од Собранието на СРМ на седницата на ***Републичкиот собор***, одржана на 7 февруари 1974 година и на седницата на ***Просветно-културниот собор***, одржана на 7 февруари 1974 година, донесува ***„Одлука за потврдување на статутот на Средното училиште за внатрешни работи во Скопје“,*** објавена во „Службен весник на СР Македонија бр. 5 од 15 февруари 1974. Вака воспоставениот систем се нарушува во 1977 година, кога се формира Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски-Марко“со (Закон за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски-Марко“, „Службен весник на СР Македонија“ бр. 30 од 15 јули 1997) со воведувањето на насоченото образование, при што се намалува времетраењето на образованието на специјализираниот кадар за милицијата на ***двегодишно образование*** („Службен весник на СР Македонија“ бр. 30/1997, чл.3)

## ЧЕТВРТИ ЦИКЛУС: НАСОЧЕНО ДВЕГОДИШНО МИЛИЦИСКО ОБРАЗОВАНИЕ – ЧЕКОР НАНАЗАД, 1977 – 1988/89

Експерименталното насочено образование, кое започна да се применува од 1977 година во образованието на основниот кадар за милицијата, имаше краткотраен здив од само 11-12 години, но ***нанесе несогледливи штетни последици*** врз основниот милициски кадар, неговиот образовен дисконтинуитет, занемарување на дисциплината, неможноста да се вклопат учениците во новиот милициски образовен систем и многу други негативни последици. Овој процес на скратување на времетраењето на стручното милициско образование внатре во специјализираната образовна институција за милицијата може да се сфати како ***враќање чекор наназад*** во системот на образованието иако овој вид милициско образование е осмислен основните предмети да се учат во кое било средно училиште, да има стипендирање на оние што се избрани на конкурс, а последните две години стручните предмети да ги учи во **Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски-Марко“.** Откако се согледа дека овој вид образование не ги дава очекуваните резултати во стручното оспособување на кадрите, во текот на 1988 година се пристапи кон повторно враќање на веќе проверениот стандарден четиригодишен систем на образование на основниот милициски кадар. Другата значајна, но ***позитивна промена*** со донесувањето на **Законот заЦентарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски-Марко“** е формирањето наставна институција за вишо и високо специјализирано образование и оспособување специјалисти за вршење работи во органите за внатрешни работи, установите за извршување кривични санкции и во други органи, организации и заедници, како и за потребите на општествената самозаштита (, „Службен весник на СРМ“ бр. 30/1977, чл. 4).Уште позначаен е фактот што ова е ***првата високообразовна институција на просторот на поранешна СФР Југославија.*** **За прв директор на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски-Марко“, со решение за именување директор на Центарот за стручно образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита, објавено во „Службен весник на СРМ“ бр. 43 од 12.12.1997 година, е именуван Јордан Спасевски, дотогашен директор на Средното училиште за внатрешни работи.**

## ПЕТТИ ЦИКЛУС: ОСНОВНО ЧЕТИРИГОДИШНО МИЛИЦИСКО/ПОЛИЦИСКО ОБРАЗОВАНИЕ – (согледување) ОТРЕЗНУВАЊЕ, ИСПРАВАЊЕ НА ГРЕШКАТА, 1988 – 2000

Согледувајќи ги слабостите на насоченото образование така како што претходно било воспоставено, во текот на 1988 година доаѓа до ***процес на отрезнување*** за направената грешка и повторно се враќа во образованието веќе проверениот образовен четиригодишен професионален систем на образование на основниот милициски кадар во вид на занимање или занает.

Значаен е фактот дека последната генерација редовни ученици во средното образование во тогашниот ***Центар за образование на кадри за областа на безбедноста*** го започнува образованието во 1996 година и го завршува во 2000 година, кога официјално и завршува процесот на образование на основниот полициски кадар. Овде започнавме со милициски, а завршивме со полициски образовен систем и кадар бидејќи во текот на 1992 година со ***Законот за изменувањето на Законот за внатрешните работи*** е направена промена од ***милиција во полиција*** (Службен весник на РМ бр. 19/1992, чл. 2). По завршувањето на 24-тата генерација ***кадети*** ( фр. 1. питомец на воена школа, 2. помлад син, галениче во благородничко семејство, Миќуновиќ, 1990, стр. 270) во Средното полициско училиште, настанува еден празен од или вакуум што се пополнува со курсеви кои се одвивале паралелно со средното полициско образование, сè со цел пополнување на испразнетите полициски позиции со основен полициски кадар.

## ШЕСТИ ЦИКЛУС: ТРИМЕСЕЧНА ПОЛИЦИСКА ОБУКА – РЕТРОГРАДЕН ИЗНУДЕН ПРОЦЕС, 2001 – 2003

Во текот на 2001 година, по завршувањето на воениот конфликт, поради промените кои настанаа во Уставот на Република Македонија со амандманите и исполнувањето на преземените обврски што произлегоа од овие измени, а беа предизвикани од Охридскиот рамковен договор ( **Охридски рамковен договор**, потпишан на 13 август 2001 во Охрид) (мировен договор за прекинување на конфликтот), почна исполнувањето на преземените обврски за обука на потребниот кадар за полицијата и неговата правична застапеност. Обуката е спроведувана од инструктори од „**Ministry of Interior and the U.S. Embassy’s International Criminal Investigative Training Assistance Program or “ICITAP“ (**ИЦИТАП) и ОБСЕ, потпомогнати од домашни обучувачи кои работеле во **Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски-Марко“** и се организирани соодветни (3) ***тримесечни курсеви за обука*** на основен полициски кадар. Ова по четиригодишното основно полициско образование претставува ***исклучителен ретрограден процес*** што полициското образование го враќа во повоениот период во 1946 година или ***55 години station наназад***. Тврдењето се базира на следниве основи: за четиригодишното образование на основниот полициски кадар се предвидени 6048 школски часови и дополнителна пракса во органите за внатрешни работи за време на летото и во текот на школската година во трета и четврта година по два викенда месечно, во обуката од 12 (дванаесет) месеци се предвидени 1512 часа (или ¼ од времето потребно за образование на основен полициски кадар), од кои за 9 (девет) месеци во Центарот за обука отпаѓаат 1134 и 3 (три) месеци теренска обука 374 часа, додека за 3 (три) месечните курсеви се предвидени само 504 школски часови и тоа е сè. Во овие предвидени часови од наставната програма има доволно време само информативно да се

запознаат со дел од работните обврски на полицијата, но не и да научат како се работи бидејќи им недостасува време за обука.

Овој процес продолжува и во наредните години сѐ до 2003 година, кога се формира образовната полициска установа **Полициска академија во Скопје** (**„**Службен весник на Република Македонија" бр.40/2003) и се менува полициската обука, која оттогаш е предвидено да трае ***(12) дванаесет месеци*** предвидено во чл.11 ст. 4.

## СЕДМИ ЦИКЛУС: 12 (ДВАНАЕСЕТ) МЕСЕЧНА ОСНОВНА ПОЛИЦИСКА ОБУКА, 2003 – 2008, ЧЕКОР НАПРЕД/ПЕТ ЧЕКОРИ НАЗАД, ВРАЌАЊЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД ПРЕД 50-60 ГОДИНИ

И покрај тоа што сосема очекувано 12-месечната основна полициска обука е мал исчекор напред во однос на оние претходни тримесечни обуки, но и понатаму е враќање на ниво од периодот по II светска војна, кога обуките траеле 3 или 6 месеци сѐ до 1958 година, кога обуката прераснува во Стручно образование од 2 години или ***еден чекор напред, а враќање пет чекори назад, односно во периодот од пред 50 до 60 години.*** Дури и вака поставената основна полициска обука, а не образование, од непозната причина е прекршена во текот на 2004/2005 година, кога спротивно на **Законот за полициска академија,** чл.11, ст. 4, е организирана обука со ***времетраење од (3) три месеци*** за трансформирање на кадрите од Граничната бригада на АРМ, кои требаше да се трансформираат во кадри за обезбедување на државната граница во полицијата како ***гранична полиција (*** Трајков, 2017, стр. 26). По завршување на овој недефиниран процес на обука на основен полициски кадар, обуката продолжува во вид на 12-месечна основна полициска обука според постојниот закон. Во текот на 2008 година настанува процес на раздружување во Полициската академија во Скопје, кога заради потребите на исполнување на условите за високото образование е неопходно издвојување на високото образование во самостојна образовна институција и ***формирање на Факултет за безбедност (*** „Службен весник на РМ" бр. 81/2008***),*** а другите видови полициска обука се префрлаат во новоформираниот ***Центар за обука (*** „Службен весник на РМ" бр. 84/2008***)*** во состав на МВР. За овој период е значајно да се претстави дека заради исполнување на критериумите за приклучување на Република Македонија кон Европската Унија , предвидено е менување на основното полициско образование. За исполнување на овој критериум од Полициската академија – Скопје и Полициската академија на Холандија, со посредство на Европската агенција за реконструкција, се спроведени два проекта. *Првиот проект е проект за јакнење на институциите*,а вториот е *Твининг-проект за формирање на новата образовна структура* за основна полициска обука, развивање наставна програма, наставни содржини, материјали за учење, тестови за компетенции, нов начин на оценување, формирање единица за обезбедување квалитет и др.

## ОСМИ ЦИКЛУС: 12 (ДВАНАЕСЕТ) МЕСЕЧНА ОСНОВНА ПОЛИЦИСКА ОБУКА ПО 2008 ДО ДЕНЕС, ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ ЧЕКОР НАПРЕД/ПЕТ ЧЕКОРИ НАЗАД

Осмиот период е периодот што започнува со формирањето на ***Центар за обука*** („Службен весник на РМ" бр. 84/2008***)*** во состав на МВР, а започнува со работа од 01.08.2008 година. Стандардно за оваа институција е дека нема континуирана и постојана обука, туку основната обука е цикличен процес што се спроведува за потребите на МВР на РМ, кој варира и според бројноста на учесниците на обуката, што е, секако, дополнителен проблем. Од друга страна, постојаното менување на наставниот кадар – обучувачите кои ги спроведуваа проектите за развој и новите обучувачи кои се недоволно запознаени со процесот е дополнителен проблем. И покрај потребата за формирање единица за обезбедување квалитет во Центарот за обука, таа до денес не е формирана и не се направени потребните анализи и истражувања за ефектите од овој начин на основна полициска обука за да може да се утврдат слабостите и да се направи соодветно унапредување и подобрување на наставните содржини. Процесот на обука и понатаму продолжува како во претходниот период ***еден чекор напред, а враќање пет чекори назад, односно како во периодот од пред 50 до 60 години.***

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Заклучокот произлегува и доаѓа сам по себе, неопходно е многу брзо да се обезбеди соодветно **стручно образование** во стручно училиште на основниот полициски кадар, а не спроведување краткотрајни обуки. Стручното образование овозможува еден континуиран долготраен образовен процес во кој основниот полициски кадар ги осознава, ги совладува и се стекнува со огромно количество знаење, вештини и други човечки вредности што се неопходни за стекнување на потребните основи за успешно извршување на поставените задачи. Од друга страна, за тие четири години, секој поединец, без разлика на сите различности кои ги поседува, се учи на заедничко живеење, почитување, однесување, помагање, хуман однос и, на крајот, дружење што продолжува и понатаму низ животот. Кадрите кои излегуваат од училиштето се: професионални, одговорни, хумани, соодветно образовани и се темелот врз кој се гради кариерата на идниот старешински кадар во МВР и истовремено се исклучително почитувани од граѓаните. Денешниот систем на обука од 12 месеци, а посебно оној од три месеци, се многу проблематични врз безброј основи: прво, има дефицит на потребно време за стекнување на потребното ниво на обука, а не образование, второ, се работи за оформени карактери кои многу тешко прифаќаат новини, односно полицискиот кодекс на однесување, а посебно работењето, посебен проблем претставува комуникацијата со граѓаните која е несоодветна поради несигурноста и немањето доволно комуникациски вештини, непочитувањето на граѓаните, а посебно незнаењето, се надоместува со незаконско постапување и работење, избегнување да се интервенира или, уште

пострашно, настапување од позиција на сила и користење на незаконски средства и методи за постигнување на одредена поставена задача. Многу е интересен се поголемиот број вклучени полициски службеници во разни криминални активности, што е лесно видливо од извештаите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. Заради надминување на ваквите негативности во образованието на основниот полициски кадар, а особено граѓаните и безбедносниот систем да не трпат ненадоместливи штетни последици, предлагам: профилирање на основен полициски кадар во ***професионално стручно училиште*** од профил на поранешното Средно училиште за внатрешни работи, пред сѐ, заради соодветна заштита на граѓаните и соодветен одговор на современиот и сѐ поорганизиран криминал. Ако не постои ваква можност поради европските определби, тогаш како втора можност е да остане во функција сегашниот модел на обука и да се предвидат задолжителни 150-160 школски часови обука (годишно) (во процесот на доживотно учење) за барем најмалку ***да се надополни дефицитот на знаење*** што било потребно да се стекне во основната полициска обука, а за оние што немаат никаква полициска обука би биле потребни барем околу 300 школски часови обука (годишно) во првите 2-3 години од нивното работење за да се приближат до времето неопходно за основна обука.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ангеловски Р. „Во стручното оспособување на службениците од органите за внатрешни работи постигнати се добри резултати". Списание *Заштита*, бр.2, Скопје, 1964.
2. *Британика - енциклопедиски речник, Л-Н*, Скопје: Топер, МПМ, 2005.
3. Ѓорѓевиќ О.. *Лексикон безбедности*. Београд: Партизанска књига, 1986.
4. Миќуновиќ Љ. *Современ лексикон на странски зборови и изрази.* , Скопје: Наша книга, 1990.
5. *Народен милиционер, Орган на Народната* М*илиција на Народна Република Македонија, „Школување на кадарот".*Скопје, , бр.19, 28 октомври 1951.
6. *Народен Милиционер, Орган на Народната* М*илиција на Народна Република Македонија*, *„Конкурс за прием на редовни и вонредни слушатели во Средното стручно училиште за внатрешни работи во Скопје, за учебната 1959/1961 год*. Бр.186, 1959.
7. *Народен Милиционер, Орган на Народната Милиција на Народна Република Македонија, Конкурс за прием на редовни и вонредни слушатели во Средното стручно училиште за внатрешни работи во Скопје, за учебната 1961/1962 год.* Бр.211, 1961.
8. Спасески Ј. „Реферат по повод десетгодишното работење на Средното училиште за внатрешни работи и промоција на првата генерација

дипломирани правници“. *Безбедност, списание на Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СР Македонија.* Скопје, бр. 1, јануари-февруари, 1982.

9. Трајков М. „*Развојот на менаџментот во полициските структури некогаш и денес“. Петти симпозиум на Бизнис Академија Смилевски – БАС, Скопје и БАС Институт за менаџмент, Битола.* Скопје, 2017.
10. Трајков М. „*Вистината и заблудите на проектот ’Communitypolicing‘ или ‚работење во заедница‘ во Македонија, спореден со традиционалниот модел на секторско работење Ван Гог*“. Скопје, 2017.

## ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ И ДОКУМЕНТИ

1. Закон за средното образование, „Службен весник на СРМ“ бр. 24/70
2. Закон за Средното училиште за внатрешни работи, „Службен весник на СРМ“ бр. 39 од 15 декември 1971 година
3. Закон за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски-Марко“, „Службен весник на СР Македонија“ бр. 30 од 15 јули 1997
4. Закон за изменувањето на Законот за внатрешните работи, „Службен весник на РМ“ бр. 19 од 25 март 1992
5. Закон за основањето на високообразовната установа Факултет за безбедност во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, „Службен весник на РМ“ бр. 81 од 7 јули 2008
6. Закон за дополнувањето на Законот за внатрешните работи, „Службен весник на РМ“ бр. 84 од 11 јули 2008
7. Одлука за потврдување на статутот на Средното училиште за внатрешни работи во Скопје, „Службен весник на СР Македонија“ бр. 5 од 15 февруари 1974
8. Решение за именување директор на Центарот за стручно образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита, „Службен весник на СРМ“ бр.43 од 12.12.1977

**ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ**

https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9E%D1%85%D1%80%D0%B8%D0%B4%D1%81%D0%BA%D0%B8_%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%BD_%D0%B4%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80 (пристапено 20.06.2017)

http://bas.edu.mk/dl/Simpozium2017_ZbornikNaTrudovi_final.pdf (пристапено на 20.06.2017)

http://www.mvr.gov.mk/page/sektor-za-vnatreshna-kontrola (пристапено на 15.07.2017)

# СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ПРАВНИТЕ СУБЈЕКТИ ВО ДЕЛОТ НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ И ФАКУЛТЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО И ПРАКТИКУВАЊЕТО НА КОРПОРАТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО БАЛКАН ЕНЕРЏИ СЕКЈУРИТИ

***м-р Љупчо Станковски***
*Управител на Балкан Енерџи Секјурити*
*lstankovski@balkan-energy.com.mk*

**Апстракт**

Од денот на самостојноста на Република Македонија како посебна држава која произлезе од рамките на бившата Социјалистичка Федеративна Република Југославија, до денес, вработувањето на голем број некомпететентни кадри во редовите на безбедносните институции во нашата држава создаде нефункционален систем за безбедност. Големиот број на вработени кадри од редовите на произлезните партии,наместо да овозможи зајакнување на државата и нејзините институции, тие,гледајќи си го пред се својот интерес, која како доаѓаше на власт си ги вработуваше своите најпослушни кадри во сите пори на државата, особено во државнитеинституции.

Во трудот ќе стане збор за личното видување на авторот, за важноста на образованието во делот на безбедноста како неопходен процес кој овозможува создавање на квалитетни и компетентни кадри кои се способни да се справат со сите безбедносни предизвици, особено во делот на приватната безбедност, за можностите и потребата за меѓусебна соработка во делот на приватната безбеднот и начинот на функционирање и практикување на корпоративната безбедност во Балкан Енерџи Секјурити.

Од една страна слабото чувство за државност на политичарите во Република Македонија е голема пречка која што оневозможува компетентните луѓе да дојдат на соодветни позиции во сферата на безбедноста, а со тоа имаат огромен придонес воразградувањето на безбедноста на Државата.А сето тоа на одреден начин се рефлектира и на развојот на приватната безбедност кај нас. Но од друга страна активностите на Комората на Република Македонија со своето добро менаџирање, особено после 2009 годинаи со своите активности се повеќе влијаеше да го сменинегативното мислење кај обичните граѓани дека агенциите за приватно обезбедување со својот кадар вработуваат рекетари насилници, со еден збор проблематични луѓе, и се инструмент на одредени моќници за реализирање на своите цели во општеството, и наместо таа негативна претстава создаде подобар имиџ за оваа важна дејност од оштественото денешно живеење.

Целта на авторот на овој труд, кој е произлезен од редовите на Факултетот за безбедност во Скопје, не е да критикува или издига на пиедестал, туку да дадекратка  реална и објективна елаборација, особено во делот на приватната безбедност, за нејзината состојба и разво,ј како дел од севкупната безбедност во нашата држава.

***Клучни зборови:***образование, приватна безбедност, корпоративна безбедност и компетентни кадри.

## 1. Вовед

Од денот на осамостујувањето, Република Македонија која произлезе како една од државите на бившата Социјалистичка Федеративна Република Југославија, се уште се соочува со големи пречки во нејзиниот развој, градењето на демократијата и почитувањето на човековите права иако во светот се повеќе се надѕира трендот на заобиколувањето на овие две основни вредности на човештвото и понатаму повремено се појавуваат и гаснат конфликти предизвикани од одредени светски сили кои заради реализирање на своите глобални цели креираат и управуваат со создадените од нив конфликтни состојби. Таквите состојби имаат за цел дестабилизација на државите и нивните економии, безбедносните системи, меѓуетничките односи и редица други негативни последици, од кои што со големи тешкотии се справуваат и можат да излезат на крај помалите држави како нашата, кои што покрај ваквите наметнати состојби имаат сеуште многу нерешени меѓусебни прашања, како во делот на историјататака и во делот на територијата. И наместо нашата држава и нејзините политичари кои ја креираат политиката, како во делот на надворешната политика, така и во делот на безбедноста, сериозно да ја сфатат и да бидат свесни за состојбата во која што се наоѓа Република Македонија, тие со својата тесноградост и себичност се занимаваат со опстојување  на нив самите себе и нивните огромни бенифити со цел што подолго да бидат во власта. Партиското вработување на нивни послушници и некомпетентни кадри создаде неповратна штета особено во делот на безбеднста. Таквото нивно однесување и слабата свеста за државност придонесуваат за уништување на постојниот безбедносен систем и негово натамошно слабеење што од друга страна им оди во пролог на креаторите на кризните состојби. Ваквата состојба неминовно влијае и на приватната безбедност која што  е релативно нова гранка во севкупниот безбедносен систем кај нас која што на почетокот од своето етаблирање во оппштеството имаше имиџ на рекетари насилници, со еден збор проблематични луѓе, кои се инструмент на одредени моќници за реализирање на своите интереси.

## 2. Важноста на образованието во делот на безбедноста и овозможувањето на квалитетни кадри

За образованието се знае дека е многу важен сегмент, кој е услов за создавање на образовано и едуцирано граѓанско оштество кое што е битен

фактор за развој на општественото живеење. Од особено значење е создавањето едуциран и компетентен кадар во делот на безбедноста кој е еден од основните сегменти за опстанок на секоја држава. Република Македонија додека беше во составот на Југословенскта федерација имаше специјализиран центар во форма на Факултет за безбедност, кој што беше наменет за создавање на квалитетни и едуцирани кадри од сферата на безбедноста.

Откако се осамостои Република Македонија како посебна држава, Факултетот и понатаму продолжи со својата дејност и намена. Заради нечии интреси, кои што добрите познавачи на безбедноста ги знаат или ги насетуваат, Факултетот за безбедност во Скопје беше укинат во 1996 година. Во 2004 година повторно се афирмира но во форма на Полициска Академија која што на почетокот беше наменета за создавање на едуциран кадар за потребите на Министерството за внатрешни работи.Но подоцна, заради нечии интереси и би рекол заради постапките на некометентни луѓе, кои биле раководени од своите лични интерси или можеби под влијание на странски фактор Полициската Академија се брише од систематизацијата на МВР и повторно ја добива формата на Факултет за безбедност. Овие факти се познати наголем дел од јавноста, особено на луѓето кои на било кој начин се повразани со безбедноста и затоа понатаму нема да навлегувам во понатамошните репрекусии кои беа предизвикани од ваквиот развој на настаните. Но факт е дека, особено овој факултет е компетентен да создава квалитетен кадар кој понатаму е способен да биде инволвиран во безбедносните структури на државата и во последно време во делот на приватното обезбедување. Досегашната пракса на авторот на трудот покажа дека кадрите од овој факултет, со сиот респект и на другите факултети во нашата држава кои што имаат безбедносен предзнак, создаде и сеуште создава едуциран кадар кој може да се справи со безбедносните ризици и да одговори на комплексните побарувања во делот на приватната безбедност.

## 3. Штетата предизвикана од вработувањето на партиски послушници во редовите на безбедносните структури и институции во Република Македонија

Партиското вработување на нивни послушници и во многу голем дел некомпетентни кадри предизвика и се уште предизвикува непоправлива штета на севкупниот безбедносен систем во нашата држава. Која партија да дојде на власт, заедно со партиите на своите коалициони партнери кои што партиципираат во власта вработуваат голем број на неспособни, некомпетентни кадри, во голема мерка придонесоа за нефункционалноста на безбедносниот систем во државата. Тие со постапките што ги преземаат кога ќе дојдат на власт вршат вработување, ротирање, деградирање на постојните претходни кадри и на тој начин од година во година се повеќе го разградуваат претходно воспоставениот безбедносн систем кој што имаше солидна основа. И наместо државата се повеќе и повеќе да го подобрува својот безбедносен систем, таа се екипира со голем број на некомпетентни луѓе кои што немаат

ниту знаење, ниту желба, ниту мотив за нивно квалитетно функционирање. Доколку овој негативен процес не се спречи, и тоа во најскоро време, прашање на време е кога ќе се распадне државата или ќе мутира во некоја форма каква што нема да им одговара на најголемиот дел на граѓаните.

## 4. Комората на Република Македонија за приватна безбедност како мост за соработка меѓу правните субјекти во делот на приватната безбедност и високо стручните институции на Државата во делот на безбедноста

Комората на Република Македонија за приватно обезбедување е основана на 21.06.2000 год.Комората ги претставува правните лица кои вршат приватно обезбедување и ги застапува нивните интереси. Сите правни лица кои дејноста приватно обезбедување ја вршат во вид на давање на услуги се здружуваат во Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, заради заштита и унапредување на стручноста, професионалноста и деловноста и заради заштита на професијата. Правните лица кои вршат приватно обезбедување за сопствени потреби може да се здружуваат во Комората, но немаат обврска.

Комората дејствува на цела територија на Република Македонија со цел да се обезбеди поуспешно вршење на дејноста обезбедување на лица и имот (obezbeduvanje.org.mk).

Со своите нагласени активности кои почнуваат со доаѓањето на новиот претседател на Комората, после 2010 година, во периодот од 2010 до 2017 година беа потпишани Меморандуми за соработка со многу институции, меѓу кои е и Факултетот за безбедност од Скопје. Како плод на нивната меѓусебна соработка е заедничкото организирање на една меѓународна безбедносна конференција, каде што Комората беше покровител, потоа организирање на разни обуки за работниците за обезбедување и нивните менаџери. Таква соработка Комората има развиено и со Институтот за безбедност, одбрана и мир од Скопје, потоа со МВР. Сите овие насочени активност придонесуваат за развој на приватната безбедност во Република Македонија, кои што се предвидени и во Стратегијата за развоја на приватното обезбедување. Оваа меѓусебна соработка овозможува взаемна корист, како на високообразовните институции, кои што имаат можност да им овозможат на своите студенти практична настава во некои од Агенциите за приватно обезбедување, каде што изворно можат да е запознаат со оваа дејност, така и на самата Комора која што преку оваа соработка овозможува специјализирани наменски обуки за кадрите на приватното обезбедување, со што придонесува за поголем квалитет во давањето на своите услуги на пазарот.

## 5. Практикувањето на корпоративната безбедност во Балкан Енерџи Груп, односно Балкан Енерџи Секјурити

Корпоративната безбедност без сомнение е нов концепт кој се грижи за работите поврзанисо безбедноста во компаниите кој што го дефинираат како

заштита на имотот и работењето на компаниите со што би се постигнала поголема превенција и намалување на материјалните загуби заради остварување на интересите на сопствениците, профитот и имотот од различни опасности[42].

Од аспект на приватната безбедност во согласност на денешните потреби и услови на работење Корпоративната безбедност е термин кој во деловното работење е познат како Business Intelligence, кој е тежок за прецизно преведување на македонски јазик. Неговата суштина се однесува на имање на бизнис информации заради сигурност во работењето, пред се заради заштита и воспоставување супериорност во однос на конкурентско претпријатие, и аналогно на тоа овозможување на донесување правилни одлуки од страна на сопствениот врвен менаџмент. Тоа значи способност за собирање, обработување (анализирање) и употреба на собраните информации кои што претставуваат клучен ресурс во денешните нови услови на работење[43].Корпоративната (деловна) заштита е интегрален систем кој што се состои од пот систем за собирање на информации и заштита на сопствените информации и внатрешна безбедност. Заштитата на сопствените информации и собирањето информации има за цел да се изврши заштита на информациите кои се од посебен интерес, нелојалноста на своите вработени, проверка на кандидати за безбедносно специфични места, проверка на лица при прием на работни места, заштита од инсајдерски инфилтрирани лица, проверка на бонитет на фирми, откривање на „кртови"[44].Загрозувањето на компаниите може да настане како последица на штетно дејствување на луѓето, без оглед на тоа дали е направено свесно или несвесно. При идентификацијата на субјектите на загрозување методолошки е најдобро да се користат нивните поделби на три категории во однос на средината од која потекнуваат, и тоа на: внатрешни, надворешни и комбинирани[45].

Со оглед на тоа дека Балкан Енерџи Груп, се занимава со енергетска дејност и дека неговите правни субјекти се од посебно значење за државата предвидено е да мора да има обезбедување, и тоа, се разбира, на повисоко ниво. За таа цел е создаден и Балкан Енерџи Секјурити, чија примарна задача е да дава квалитетно обезбедување на своите правни субјекти во рамките на БЕГ каде што ги презема сите неопходни мерки со цел да обезбеди квалитетна заштита на вредностите на своите штитени објекти. Земајќи ја во вид коплексната структура на групацијата и чувствителноста на дејноста со која

[42]Бакрески,О. Триван, Д., Митевски, С. (2012):46, Корпорациски безбедносен систем. Скопје

[43] Станковски, Љ. (2015). Корпоративната безбедност денес,стручен труд, презентиран на Меѓународната безбедносна конференција во Охрид, Факултетот за безбедност.

[44]Авторот на трудот во својот труд, Корпоративната безбедност денес, наведува како препорака 12 Мерки кои што треба да се преземат со цел подобрување на обезбедувањето во било која организација, институција или трговски друштва.

[45]Бакрески О,Даничиќ М, Кешетовиќ Ж, Митевски С, (2015): 106 Приватна безбедност - теорија и концепт,

што се занимава, го применуваме и развиваме моделот на Корпоративна безбедност[46].

Мерките и активностите за обезбедување на личности и објекти се состојат од преземање на:

1) оперативно-превентивни мерки и активности за обезбедување на личности, објекти и простори;

2) превентивно-технички мерки и активности за обезбедување кои опфаќаат механичко, електронско-техничко, против-диверзантско, санитарно-здравствено, противпожарно и други видови на обезбедување на вработените и објектите на заштита;

3) обезбедување на ВИП личности и

4) соодветни задолжителни и незадолжителни обуки на вработените во согласност со законските норми.

**Оперативно-превентивните мерки и активности за обезбедување** се состојат:

-Од собирање и обработка на сознанија, податоци и информации што се однесуваат на откривање и спречување на противправни дејствија и активности насочени кон загрозување на безбедноста на вработените и објектите што се обезбедуваат.

-Врз основа на одредени индиции следење на одредени вработени на нивното „социјално комуницирање" и однесување со цел спречување на последиците од нивното однесување (наштетување на имиџот на компанијата, загрозување на процесот на производствените процеси).

-Навремено информирање на врвниот менаџмент со релевантни информации со цел донесување на најсоодветни одлуки.

-Воспоставување на Процедури за работење на работниците за обезбедување и ППЗ на Балкан Енерџи Секјурити, приспособени врз основа на специфичностите на објектите на заштита за секој објект посебно.

-Давање прецизни упатства за работење на работниците за обезбедување и ППЗ, преку Упатства, Наредби, Правилници и слични интерни акти.

-Строго почитување на воспоставените процедури за работење, особено во делот на контролата на влез-излез на лица и возила во сите објекти на заштита каде што има воспоставено физичко техничка заштита (во согласност со Упатствата за контрола на влез-излез, за употреба на огнено оружје и други средства за присилба, за дојава на експлозивна направа, за прием на пратки).

-Перманентно следење и укажување на спроведувањето и почитувањето на воспоставените Процедури од страна на раководните кадри и вработените на сите правни субјекти кои што ги обезбедува БЕС.

---

[46] Станковски Љ,(2015). Корпоративната безбедност во Балкан Енерџи Груп како дел од критичната инфрастуктура.

-Изработување и доставување на редовни еднаш месечни, Вонредни и Годишни извештаи.

-Постојани контроли на работењето на работниците за обезбедување и ППЗ.

**Превентивно-техничките мерки и активности за обезбедување** се состојат од употреба на електронско-технички, техничко-технолошки средства, помагала и опрема наменети за откривање и спречување на противправни дејствија и активности насочени кон загрозување на безбедноста на вработените и објектите што се обезбедуваат. Притоа се преземаат следните конкретни активности:

-Постојано мониторирање (24 часа) на воспоставениот квалитетен видео надзор во објектите на заштита (на надворешниот и внатрешниот периметар).

-Воспоставен е внатрешен квалитетен видео надзор во погоните за производство во одредени објекти на заштита, со цел постојано надгледување на производствениот процес.

-Воспоставени се алармни системи во објектите на заштита (против провални, против пожарни и за детекција на гас).

-Еднаш во неделата правење на визуелни контроли од страна на работниците за обезбедување и ППЗ на воспоставениот систем за ППЗ во сите објекти на заштита со евидентирање на реалната состојба во Записници.

-Еднаш месечно правење на контроли на функционалноста и исправноста на воспоставените системи за ППЗ (вентили, ПП црева, пенило, централи за дојава на пожар и детекција на гас).

-Согласно Законот за Пожарникарство и Законот за заштита и спасување правење контрола на исправноста и функционалноста на централите за дојава од пожар и детекција на гас, од страна на сертифицирана фирма.

**Обезбедувањето на ВИП личности** се прави согласно потребите и во строга дискреција, врз основа на планови каде што се врши претходна анализа на сите аспекти.

**Обуки за работниците за обезбедување и ППЗ** се прават со цел подобрување и одржување на нивните психо-физичките способности, но се спроведуваат и специјални селективни обуки од аспект на заштита на ВИП личности и антитероризам. Врз основа на соодветните процени на ризиците и опасностите на актуелната безбедносна состојба се спроведуваат обуки на високо раководните кадри на објектите на заштита.

**Мерките и активностите за физичко обезбедување** се состојат од спроведување на непосредно и лично физичко обезбедување, особено на членови на високиот менаџмент на корпорацијата и на БЕС, физичко обезбедување на одредени објекти на заштита, на вработените, странките кои што доаѓаат по било каква основа, објектите и вредностите на БЕГ.

Заради постигнување на јасно поставените цели Балкан Енерџи Секјурити своите активности ги реализира согласно Плановите за работење. Притоа се

изработени Процени и Планови за ризици и опасности согласно Законот за заштита и спасување, Правилници, посебни Упатства во одредени сегменти за кои сметаме дека се од особено значење, Наредби и други интерни акти. Особено внимание се посветува на строго почитување на воспоставените Процедури за работење. При тоа се внимава сите интерни акти да бидат во согласност со законските и подзаконските акти на РМ.

## 6. Заклучно согледување

Согласно наведеното во делот на Мисијата воСтратешкиот план Министерството за Образование и Наука (2017 – 2019), децидно стои дека:„Системот на образованието и науката во Република Македонија треба да ги изразува потребите за образованието и науката и перманентната улога на образованието инауката во економскиот, социјалниот, научно-технолошкиот, културниот и секаков друг развиток на општеството во целина, доживотно учење како и развитокот натворечките и работните потенцијали и квалитетот на животот на секој граѓанин поединечно во Република Македонија”.
Изградбата на квалитетен национален образовен систем, во кој ќе бидат инкорпорирани современите глобални образовни трендови, текови и процеси и кој, ќе продуцира кадри со доволно конкурентно знаење како на домашно, така и на меѓународно тло е еден од врвните приоритети на Владата на Република Македонија.

За успешна реализација на овој стратешки план потребна е поддршка од сите релевантни и засегнати општествени чинители и групи. Партнерскиот пристап воимплементацијата е клуч за неговото целосно ефектуирање[47].

Соработката помеѓу правните субјекти во делот на приватната безбедност и Факултетот за Безбедност – Скопје и сличните владини институции од овој вид несомнено треба да продолжи и да се развива при што продуцирањето на солидни и компетентни лица кои што имаат добра основа за совладување на современите безбедносни предизвици треба и натаму да продолжи. Но потребно е и владините политички претставници да имаат поголемо чувство за државност и еднаш засекогаш да престанат со практиката на вработување и инволвирање на партиски некомпетентни лица со што ќе придонесат за јакнење на веќе во добра мерка нарушениот безбедносен систем во државата. Додека професорскиот кадар и раководствата на овие високостручни институции треба да најдат начин да се изборат во општеството нивните студенти да најдат вработување по автоматизам во сите безбедносни структури, особено во структурите на МВР, а не да добиваат смешни објаснувања дека МВР има рамноправен став кон сите образовни високостручни институции и наместо компетентни лица да вработува луѓе со завршено ветеринарско, педагошко, земјоделско и слични на нив несоодветно образование, а лицата со звршени факултети од сферата на безедноста,

[47]Стои во воведното обраќање во Стратешкиот план на Министерството за образование и наука од 2017 година на тогашниот Министер Пиштар Лутфиу.

особено од Факултетот за безбедност во Скопједа наоѓаат вработување како продавачи и слични работни места кои не кореспондираат со нивната стручност и компетентност.

## 7. Користена литература

1.Бакрески О, Триван Д, Митевски С.,(2012). Корпорациски безбедносен систем, Скопје

2.Бакрески О, Даничиќ М, Кешетовиќ Ж, Митевски С. (2015). Приватна безбедност - теорија и концепт, Скопје.

3.Gerald L. Kowacich, E. H, (2003). The Managers handbook for Corporate Security – Establishing and managing a successful assets protection program, Butterworth Heinemann.

4.Даничиќ, М. Стајиќ, Љ. (2008). Приватна безбједност, Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука.

5.www. Obezbeduvanje.org.mk

6.Раѓеновиќ, Р. (2003). Безбедност личности и објеката, Београд.

7.Scott, A. (2010)Managing Security Overseas.

8.Станковски, Љ. (2012)., магистерски труд, Метод на изработка на процена на облиците на загрозувања, ризици и закани како функција на безбедносниот менаџмент во претпријатијата.

9.Станковски, Љ. (2015). Корпоративната безбедност денес -стручен труд

10.Станковски, Љ. (2015). Корпоративната безбедност во Балкан Енерџи Груп како дел од критичната инфраструктура - стручен труд

11.Стратешки планна Министерството за Образование и Наука (2017-2019), Скопје.

# УЛОГАТА НА РАЗУЗНАВАЧКИОТ СИСТЕМ ВО СПРАВУВАЊЕ СО ТЕРОРИЗМОТ

***Илија Јованов***
*Master of Laws and Masters of Security Science.*
*ilija_jovanov@yahoo.com*

**Abstract**

This paper will elaborate on the role of the intelligence system in detecting terrorism starting from its theoretical determination, byanalysing the causes of terrorism, its forms and elements, features and characteristics, and its classification, and will examine the internal and external factors for its occurrence, as well as its objectives. The paper will also elaborate on the concept of intelligence, the intelligence cycle and the content of the organizational setup of the intelligence service. In order to achieve this, we will apply: the historical method with whose help we will determine the beginnings of what will eventually be the current intelligence services with a particular emphasis on the engagement of intelligence services in the detection of terrorism, the method of content analysis, which will process other papers which are related to the subject of this paper, the synthesis method, which we will gain knowledge from previous analyses of the role of intelligence in the detection of terrorism, and also by applying of other auxiliary methods. Then the ways and procedures of obtaining information will be explained as well as the institutions in charge of intelligence and counter intelligence. The conclusion will summarize the final points of this paper, and I will present my conclusions on the elaborated theme and will give recommendations and opinions in the direction of improving the activities and measures for the detection of terrorism.

***Keywords:*** *terrorism, intelligence, intelligence cycle, operational and intelligence activities.*

## 1.ВОВЕД

Влошувањето на безбедносната состојба и порастот на терористички напади во повеќе држави од светот го доведоа чувството за лична безбедност кај подинецот на најниско ниво во историјата на човештвото. Чувството на сигурност и безбедност е исконски вградено во сите нас. Кај криминалната појава која е предмет на обработка во овој труд - тероризмот, клучен елемент е креирањето на страв и несигурност кај поширока група на луѓе. Токму затоа, за тероризмот би можеле да кажеме дека претставува неселективна употреба на смртоносно насилство, најчесто насочено спрема случајно избрана група на лица, со цел постигнување на определени политички, идеолошки или друг вид на цели.

Од исклучително важно значење кај криминалитетот е прашањето за негова превенција. Имајќи предвид дека тероризмот е најсериозен облик на

криминална активност, оправдано го поставувам прашањето: „Што е со неговата превенција?". Анализирајќи го овој вид на криминал, дојдов до сознание дека од круцијално значење е потребата за негово рано откривање и спречување! Токму затоа, имајќи ги во вид мерките и активностите за откривање и спречување на криминалот, а особено на оној сериозниот, ја увидов потребата од вклучување на разузнавањето и неговите мерки и активности при откривање на тероризмот.

## 2. ТЕРОРИЗАМ

### 2.1Тероризами причини за појава на тероризмот

За дефинирање на тероризмот мораме да појдеме од неговото поимно значење. Имено, зборот *терор* (доаѓа од латинскиот збор *terror* што означува „*голем страв*", односно латинскиот глагол *terrere* што значи „*да се заплаши*")[48] Во политичка смисла подразбира акт на насилство што се презема за политички цели заради заплашување и беспоштедно кршење на отпорот на оној кон кого се врши. Теророт означува ужас, страв и трепет, примена на застрашување, политичко насилство.[49]

Тероризмот е насилнички акт (убиство, подметнување експлозив, предизвикување пожар итн.) насочен кон предизвикување страв или несигурност кај поголем или неопределен круг лица, што натаму може да резултира со подредување на барањата или на ставовите на извршителот или на остварувањето на други негови цели (политички, национални итн.).[50]

Како терористички акт се сметасекоја организирана и поединечна незаконита употреба на сила изразена со примена на оружје (биолошко, хемиско, радиолошко, нуклеарно) или закана со употреба на сила против луѓе или имот, заради принудување или заплашување како средство за постигнување политичка, етничка, религиозна или идеолошка цел".[51]

Можеме да согледаме дека нема терористички акт во казнено-правна смисла без постоење на следниве елементи: употреба на физичко насилство, политички карактер на активностите поврзани со актот,„сеење" страв кај поширок круг на луѓе и други психолошки реакции,а како најважен елемент на терористичкиот актеорганизиранотодејствување.

Различни автори наведуваат различни причини за појавувањето на тероризмот што, се разбира, е во согласност со нивните сфаќања за оваа појава.

Сепак, причините за појавување на тероризмот првенствено се пронаоѓаат во сериозните непомирливи глобални општествени промени во политичката, економската, социјалната, нормативната и моралната сфера на општествениот живот. Промените во светската политика, социјалната

[48]Srdić, Milutin. (ur.). (1975). *Politička enciklopedija*. *Beograd*: *Savremena administracija*,str.1079.
[49] Бихаљи-Мерин, Ото. (Edc.). (1970). *Мала енциклопедија Просвета: Општа енциклопедија.Београд: Просвета*, стр.94.
[50]Камбовски, Владо. (2001). *Казнено право - посебен дел*. Скопје, стр.458.
[51]Димовски, Злате. (2007). *Тероризам.* Скопје: Графотранс, стр.10.

положба и економијата, глобалниот пазар за законската и незаконската стока, слаби нестабилни влади со променливи политички и економски услови кои ја поттикнуваат корупцијата, зголемениот број на хетерогени емигранти, напредната технологија, електронските финансиски установи, сајбер-технологијата, порозните граници, желба за пари и моќ, меѓународната соработка, глобалниот сепаратизам и етничките немири, се само некои од факторите кои доведуваат до појава на тероризмот во современ облик.[52]

## 2.2 Форми и елементи на тероризмот

Тероризмот се јавува во разни форми, како што се: убиства и телесни повреди, опасности по животот на луѓето и киднапирањето, уништувањето на имот и нанесувањето на штета на јавни и приватни средства и капацитети. Со тероризмот се нанесува страдање на жртвата и другите околу неа. Ги уништува нивните лични надежи и очекувањата и материјалната база за живот, предизвикувајќи психолошки тортури и смрт.[53]

Постојат четири главни елементи на тероризмот:

1. Целите на терористичките активности по правило се од политичка природа, без разлика дали се работи за смена на режимот на одредена личност или одредени спорни територии;
2. Употреба на насилство или закана со насилство;
3. Жртви на тероризмот и терористичките активности се најчестоневини граѓани;
4. Непостои директен контакт помеѓу жртвите и терористите, т.е. се упатува порака до една поширока заедница (државна организација и сл.).

Сметам дека кон гореспоменатите елементи треба да се додадат уште два други елементи, и тоа:

1. *Елементот на јавност* – терористичките организации со изведување на спектакуларни напади сакаат да привлечат што е можно поголемо внимание и
2. *Елементот на идеологијата* – без разлика дали се работи за политички екстремизам или за верски фанатизам.

## 2.3 Обележја и карактеристики на тероризмот

Тероризмот во различни земји во светот и од различни национални или меѓународни организации е различно дефиниран.Но, речиси секаде ги содржи истите обележја, и тоа:закани, насилство, сила,страв,политичка цел,психолошки ефект и неконтролирана реакција,неслучајно одбирање на целите и жртвите,добро испланирана и систематски организирана акција,начинот на борба,противправни акти итн.

[52] *Šikman*, M. (*2009*). *Terorizam, Banjaluka: Univerzitet Sinergija*, str.78.
[53] Котовчевски, Митко. (2003). *Современ тероризам.* Скопје: Македонска цивилизација, стр.60.

Актот на насилство е еден од најважните елементи на тероризмот. Една од карактеристиките на насилството е неговата несразмерност која се применува поради остварување на некоја цел.

Предизвикување на страв и други психички реакции кон жртвата и објектот на напад е вториот важен елемент на тероризмот. Предизвикување на состојба на анксиозност како последица од терористичкиот напад е посакуваниот ефект кон кој тежнеат терористите. Поради тоа, со терористичкиот акт не се сака само да се погоди непосредната жртва на нападот, туку цел на терористичкиот акт е предизвикување на чувство на интензивен страв кај широка група на луѓе која се изедначува со жртвата на нападот. Стравот од идни терористички акти помеѓуприпадниците на одредена држава или заедница се шири низ ексцентрични кругови.

Праќањето на порака со извршениот терористички акт е составен елемент на тероризмот со која извршителите на делото укажуваат на своите цели, намери и мотиви. Пораката е насочена кон жртвата и кон објектот на напад, но и кон истомисლениците. Токму од тие причини присутен е феноменот на „преземање на одговорност“ за извршениот терористички акт.

Организираноста подразбира постоење на терористички организации како непосредни носители на тероризмот кои се основаат и дејствуваат во илегала. Терористичките организации се карактеризираат со препознатлива линија на командување, односно со лидер на чело на организацијата.

Бруталноста, неморалноста и ирационалноста на терористичките акти, на тероризмот му даваат посебна конотација и го сместуваат во редот на најголемите злосторства и закани во денешно време. Овие карактеристики укажуваат на тероризмот како на брутално насилство,спротивно на моралните, обичајните, општествените и правните норми, а сè со цел остварување на некоја ирационална цел.

Изборот на жртва и објект на напад е најзначајната карактеристика на тероризмот што подразбира широк опсег на жртви и објекти на напад. Досегашната практика покажува дека нема жртва и објект на напад кои неможат да бидат цел на терористичкиот акт.

Противзаконитоста на терористичките акти претставува општа карактеристика на секој терористички акт и тој, пред сè, претставува дејствиекое со закон е забрането. Актите на тероризам се пропишани и за истите се предвидени санкции, како во меѓународното, така и во домашното право.

Осудата на извршениот терористички акт е задолжителен елемент кој го среќаваме по секое извршување на актот каде и да ево светот. Досегашната понова историја на тероризмот не познава извршување на таков чин, а кој не бил осуден од меѓународната заедница.

### 2.4 Цели на тероризмот

Целите на тероризмот се најчесто поврзани со крајниот ефект кој треба да се постигне со дејството, односно она што претходно било планирано и прогнозирано од страна на извршителите на актот. Најчест случај е кога терористичкиот акт е програмиран да постигне две или повеќе цели истовремено. Како најчести цели можат да се набројат следниве:

- добивање целосна светска, национална и регионална поддршка на целта на извршителите на терористичкиот акт;
- провокација на власта и нејзините органи,какои предизвикување на ситуација каде е неизбежна потребата од брза, одлучна и строга акција на безбедносните органи, а потоа создавање атмосфера на наклонетост кон терористите;
- преку директен напад, со директни вооружени дејствија,да се постигне слабеење на безбедносните сили и ефект на недоверба кај населението во сопствените безбедносни органи;
- отуѓување со цел да се добијат пари, средства, оружје и опрема;
- уништување на стратегиски, тактички цели и инфраструктура потребна за непречено егзистирање;
- одвраќање на странски инвестиции и национални планови за развој;
- остварување на влијание врз решенијата на Владата, законодавството, независните државни институции и наметнување на насилни решенија во текот на изборни кампањи или тековни национални избори и други демократски процеси;
- одмазда и репресии;
- промена на исходотили поддршка на веќе започнати герилски, диверзантски или бунтовнички дејствија на некоја држава;
- подготовка на теренот за идни поконкретни и поизразени дејства;
- поддршка и одбрана на разни криминогени операции и фактори.[54]

Значајно за терористичките акции е дека нивната ефективност не е содржана само во терористичкиот акт, туку и во степенот на реакцијата на јавноста или на власта.

## 3. РАЗУЗНАВАЊЕ

### 3.1 Содржина на работа на разузнавачките служби

Службите за разузнавање во една држава извршуваат разновидни и сложени задачи во интерес на спроведување на политиката на државата, како на внатрешен, така и на меѓународен план.

Имајќи ги предвид местото каде што се спроведува разузнавачката работа, како и целта што треба да биде постигната, целокупната дејност на службите за разузнавање, воглавно, можеме да ја поделимево три облици на дејност, и тоа:

---

[54]Види: Димовски, Злате. (2007). *Тероризам.* Скопје: Графотранс, стр.104-105.

## а) Разузнавачка дејност

Разузнавачката дејност претставува збир на плански, организирани и непрекинати (континуирани) мерки и постапки што се преземаат, со цел да се оствари увид на состојбата, можностите и намерите на поединечни држави и појави што се објект на разузнавачко истражување, а се од големо значење за преземање на соодветни мерки и активности на политички, економски и воен план.[55]

Како процес, разузнавањето е креирано за поддршка на лице или организација. Тоа е дизајнирано за да им помогне на носителите на одлуки, планери, оператори, а понекогаш и на некои други разузнавачки организации. Разузнавањето е бескорисно доколкуинформациите, односно податоците се неточни или доколку е прикажано во неупотреблив формат. Императив е организацијата на разузнавањето да има јасно разбирање на барањата кои се побаруваат.

## б) Контаразузнавачка дејност

Контраразузнавачката дејност се спроведува на сопствена територија иистата, пред сè, има заштитен карактер. Оваа дејност се состои во преземање на мерки и активности што се предмет на интерес на странски служби за разузнавање насочени кон државата.

Со контраразузнавачката дејност државата ги заштитува своите витални тајни од дејствувањето на странските разузнавачки служби, ја спречува шпионажата, ги открива и ги оневозможува сите облици на тајни превратнички дејности против сопствената земја, чии иницијатори се странските разузнавачки служби и откривање - пресекување на тајно превратничко дејствување против уставниот поредок.[56]

## в) Субверзивна дејност

Субверзивната (превратничка) дејност на разузнавачките служби е насочена кон менување на внатрешните состојби во некои други држави за кои се заинтересирани. Ваков вид на разузнавачка дејност спроведуваат, пред сè, државите кои сакаат да доминираат во меѓународните односи, притоа наметнувајќи го својот авторитет на најразличен можен начин.

Карактеристични форми на субверзивни дејства претставуваат: создавањето на илегални здруженија, шпионажата, диверзијата, предизвикувањето и расплamтувањето на општествени кризи, тероризмот, саботажата и уфрлањетона вооружени групи.[57]

---

[55]Буџакоски, Стефан. (2014). *Разузнавање (второ издание)*. Скопје: Коста Абраш Охрид, стр.39.
[56]Ibid, стр.42.
[57]Батковски, Томе. (2008). *Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање)*. Скопје: Јофи скен, стр.109.

### 3.2 Организациона структура на разузнавачките служби

Под организациона структура на разузнавачките служби се подразбира внатрешната организација, односно системот на воспоставени организациони единици, распоред на работата во сооднос со утврдениот делокруг за работа (надлежностите) и системот на поврзаност меѓу поединечните делови на организацијата.[58]

Доколку извршиме анализа на разузнавачките служби, ќе можеме да констатираме дека во повеќето држави, истите имаат иста или слична организациона поставеност, односно структура. Организационите единици во нивниот состав, пак, распоредот на работните задачи го реализираат по хоризонтален и по вертикален принцип на организација на работата.

Според хоризонталниот принцип на организација „се врши поделба на сите служби во разузнавачко-бзбедносниот систем на: разузнавачки, контраразузнавачки, субверзивни, а внатре во нив според проблемска (линиска) целина, како што се: секторите, дирекциите, одделенијата, управите и слично."[59]

Според вертикалниот принцип на организација „се обезбедува координација и разграничување на надлежностите."[60]

Мора да се напомене фактот дека хоризонталното и вертикалното ниво на организација на разузнавачките служби треба да се гледаат во едно единство, бидејќи сите организациони единици меѓусебно се поврзани и испреплетени во нераскинлив систем на организација што како целина се стреми кон остварување на целите и задачите за кои е формирана.[61]

### 3.3 Разузнавачки активности и методи во насока на откривање и спречување на тероризмот

Секоја држава, соодветно на своите витални интереси има дефинирана политичка стратегија, односно главни цели кон кои тежнее. Во функција на реализација на тие цели, разузнавачката служба, како специјализирана организација на државниот апарат, собира потребни податоци и извршува други задачи што се во нејзина надлежност.[62]

Разузнавачко-безбедносните активности во борбата противсовремениот тероризам се манифестираат низ својата јавна и тајна компонента. Терористите настојуваат да докажат дека одредена Влада е неспособна да ги заштити своите граѓани и нивниот имот. Квалитетното прибирање на разузнавачки податоци и нивната анализа, претставуваат најважен момент за решавање на проблемите кои ги носи тероризмот. Во овој правец, работењето на разузнавачките служби е тајно и непрекинато, а притоа се применуваат и специфични методи на работа.

---

[58]Буџакоски, Стефан. (2014). *Разузнавање (второ издание)*. Скопје: Коста Абраш Охрид, стр.53.
[59] Ibid, стр.54.
[60] Ibid.
[61]Ibid,стр. 55.
[62]Ibid, стр. 137.

### 3.4 Оперативно-разузнавачка дејност на безбедносно-разузнавачките служби во насока на откривање на тероризмот

Дејството што е насочено за пронаоѓање, обработка и анализа (истражување) на лице, објект или предмет се нарекува оперативна дејност. Тоа е збир на дејства (со легални или илегални методи) насочени кон остварување на целта за спроведување на дејствата. Оперативната активност, анализирана низ историјата, е преземена само од човекот, но со развојот на општеството и усовршувањето на државно-овластените институции (службите за безбедност, разузнавачките служби), придржувајќи се на своите законски надлежности и критериуми, извршуваат различни видови оперативна дејност.[63]

Оперативното работење во криминалистичката наука претставува темелен систем од правно-дефинирани доверливи или тајни операции на органите на гонењето, комплексно воден надвор од кривичната и административната постапка и од другите службени дејства на тие органи, а служи за спречување на кривични дела. Воглавно, со собирање, проверување и користење информации за настани, средини или лица што станале предмет на правно-мотивиран интерес, со цел за откривање и насочување на доказите. Тој систем, исто така, врши и други функции на подрачјето на заштитата на државата, како и за истражување и дезинтеграција на негативни општествени состави, особено криминогени, како и за ликвидирање фактори што го поттикнуваат криминалитетот.[64]

Процесот на откривање не може да се замисли без активирање на арсеналот од јавни и тајни оперативно-тактички мерки што влегува во составот на оперативната дејност.[65]

Зависно од специфичноста на секоја дадена тактичка ситуација, при решавањето на секоја конкретна задача произлезена од постапувањето на криминалистот во случаите кога е во прашање каков било оперативен предмет што се работи во рамките на оперативната дејност, секогаш се респектираат и се активираат најсоодветните криминалистички средства, тактички начини и научни методи. Тие се основниот полициски инструментариум што се применува во тактиката на спроведувањето на секоја посебна оперативно-тактичка мерка. Севкупните тактики на спроведувањето на секое одделно вонпроцесно дејство од системот на оперативно-тактички мерки (и тоа не само на ниво на тактички начини, ами и на ниво на тактички комбинации и цели криминалистички операции), ја сочинуваат тактиката на оперативно работење на криминалистот (криминалистички инспектор, криминалистичко-технички експерт, униформиран полициски работник) во склопот на оперативната дејност, и тоа во двете нејзини фази. При водењето на

[63]Ibid, стр. 217.

[64]Наведено според:Koebecke S., (1983). *Prilog razmatranju teorije operativnog rada*. Zagreb: Izbor, str. 76.

[65]Ангелески, Методија. (2002). *Криминалистичка тактика II*, Скопје: Грал, стр. 147.

криминалистичката обработка, особено кога се работи за сложени оперативни предмети, криминалистот неминовно активира и процесни дејства што според начелото на брзина не трпат одлагање. Тоа се т.н. итни истражни дејства кои можат да се активираат во вид на прости и сложени тактички комбинации.[66]

Ако се има предвид дека разузнавањето е систем од оперативно-тактички мерки и активности што се насочени кон собирање податоци и информации за објектот на разузнавачкото истражување, доаѓаме до заклучок дека разузнавањето или контраразузнавањето е составено од повеќе елементи на оперативна дејност (истражување на повеќе објекти со примена на голем број на средства и методи на оперативната активност). Тоа значи дека оперативната дејност се состои од широк комлекс на јавни (легални) и нејавни (тајни) мерки, од кои многу од нив имаат чист разузнавачки карактер.[67]

## 4.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Од претходно споменатото, можеме да заклучиме дека со добро поставен разузнавачки систем и со примена на соодветни методи може, во голема мера, да се влијае на откривање на тероризмот, односно на терористички дејства и активности. Употребата и користењето на разузнавачките методи, како и самата оперативно-разузнавачка дејност на службите за безбедност и разузнавање нуди соодветен одговор во превентивно-репресивното справувањесо овој најтежок вид на организирана криминална активност.

Сметам дека е неопходна соработка на македонските безбедносно-разузнавачки служби со пријателски странски безбедносно-разузнавачки служби, со цел навремено откривање и спречување на евентуални терористички ризици и закани по безбедноста на Република Македонија.

Од круцијално значење за мирот, стабилноста, безбедноста, одбраната и нормалното функционирање на демократијата и органите на државата е обезбедување на соодветен одговор во насока на откривање и спречување на дејства на поединци или организирани групи кои дејствуваат во насока на нивно повредување и загрозување.

## 5.КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Srdić, Milutin. (ur.). (1975).*Politička enciklopedija*. *Beograd*: *Savremena administracija*.
2. Бихаљи-Мерин, Ото. (Edc.). (1970). М*ала енциклопедија Просвета: Општа енциклопедија.Београд: Просвета.*
3. Камбовски,Владо.(2001). *Казнено право - посебен дел*. Скопје.
4. Димовски, Злате. (2007).*Тероризам.*Скопје: Графотранс.
5. *Šikman*, М. (*2009*). *Terorizam, Banjaluka: Univerzitet Sinergija*.


[66] Ibid, стр. 147-148.
[67]Буџакоски, Стефан. (2014). *Разузнавање (второ издание)*. Скопје: Коста Абраш Охрид, стр. 217.

6. Котовчевски, Митко.(2003). *Современ тероризам.*Скопје: Македонска цивилизација.
7. Буџакоски, Стефан.(2014). *Разузнавање (второ издание).*Скопје: Коста Абраш Охрид.
8. Батковски, Томе.(2008). *Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање).*Скопје: Јофи скен.
9. Koebecke S., (1983). *Prilog razmatranju teorije operativnog rada.*Zagreb: Izbor.
10. Ангелески, Методија.(2002). *Криминалистичка тактика II*, Скопје: Грал.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

378.096:355"1977/2017"(069.91)

МЕЃУНАРОДНА научно-стручна конференција (2017 ; Скопје)
40 години високо образование од областа на безбедноста [Електронски извор] : (концепти и практики) / Меѓународна научно-стручна конференција, 5-ти декември 2017, Скопје ; [уредник на изданието Марјан Николовски]. - Скопје : Факултет за безбедност, 2018

Način na pristap (URL): http://www.fb.uklo.edu.mk. - Текст во PDF формат, содржи 171 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 05.04.2018

ISBN 978-608-4828-24-2

а) Факултет за безбедност (Скопје) - 1977-2017 - Јубилеи
COBISS.MK-ID 106880522